ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА,
ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА
И УМЕТНОСТ



Бр. 3
Струмица,

ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА,
КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

3

СТРУМИЦА, 2019 ГОДИНА

ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Издавач:

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

Главен и одговорен уредник

Ана Витанова – Рингачева

Редакција

Никола Шимиќ Тонин *(Хрватска)*
Марија Павловиќ *(Србија)*
Урсула Келер *(Австрија)*
Олга Лалиќ – Кровицка *(Полска)*
Васил Дрвошанов *(Македонија)*
Далибор Плечиќ *(Македонија)*
Сузана Мицева *(Македонија)*

Лектура

Васка Кирова

Дизајн на корица

Ване Костуранов

Фотографија на корица

Влатко Деков (од изложбата *Праѓа Интима)*

СОДРЖИНА

I ПОТРАГА ВО ДВА НОСА 7

„МЛАДИТЕ САКААТ ДА СЕ СЛОБОДНИ И СВОИ.
НИКОЈ НЕ САКА ДА БИДЕ ПОД ЈАРЕМОТ НА ДРУГИОТ!“
(Интервју со актерот Благоја Чоревски) 8

„ПЛУРАЛИЗМОТ Е ФИКЦИЈА, А КАКО ЌЕ ЈА НАРЕЧЕТЕ
ПРИВИДНАТА СЛОБОДА Е СОСЕМА НЕВАЖНО!“
(Интервју со актерот Драшко Зидар) 14

Интервју со Коста Караманолев, творец на поинаква
струмичка чаршиска прикаска, „Бербер и бар” 17

II ПРУГА 19

Радомир КОНСТАНТИНОВИЌ. ОСВОЈУВАЊЕТО НА ЕВРОПА
„Егзотични кловнови коишто скокаат во оџинци“(Србија) 20

Петер ХАНДКЕ *(Австрија)* 23

Надија РЕБРОЊА *(Србија)* 26

Искра ПЕНЕВА *(Србија)* 30

Силвија НЕДКОВА *(Бугарија)* 34

Никола ШИМИЌ ТОНИН. ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ IN MEMORIAM 37

III ГУНА 41

Мариета ДУКИЌ 42

Снежана СТОЈЧЕВСКА 44

Сузана МИЦЕВА 46

Габриела Мишел МИЛКОВА 50

Мики ДЕЛЕВ 53

Димитар АРНАУДОВ 55

Катерина ГОГОВА 61

Искра ДОНЕВА 62

Видое ПОДГОРЕЦ 63

Митко МАЏУНКОВ 66

Далибор ПЛЕЧИЌ 70

Надица ТРАЈКОВА 73

Наташа ЦОНЕВА-ЛАЗАРЕВСКА 80

Сашо ОГНЕНОВСКИ 87

IV П(Р)ОГЛЕДИ 91

Владе ЕФТИМОВ.
СТРАНСТВУВАЊЕТО И СООЧУВАЊЕТО СО ДРУГОСТА
(низ компаратистичко читање на романите:
„Скриена камера“ – Лидија Димковска,
„Снегот во Казабланка“ – Кица Б. Колбе;
со илустративни примери од романот
„Пророкот од Дискантрија“ – Драги Михајловски
и студијата „Егејци“ – Кица Б. Колбе) 92

Мерсиха ИСМАЈЛОВСКИ.
За промоцијата на романот „Некој бил тука“
од Николина Андова – Шопова, ДРИМОН, 2019 102

Лилјана ПАНДЕВА.
КНИГА ЗА ВОЗРАСНИ И ДЕЦА
– КАКО ДА ГИ ДРЕСИРАМЕ МАМА И ТАТО
од Владимир Петрушевски – Фили 104

Далибор ПЛЕЧИЌ.
„ДЕВОЈЧЕ И МЕЧЕ“ 107

Љубинка ДОНЕВА.
ИГОР КРАЈЧЕВ: ДВАЕСЕТ И ПРВИОТ 109

Максим КАРАНФИЛОВСКИ.
ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА КНИГАТА „ГОЛО БРДО“ (под редакција на Андреј Н.Соболев и Александар А.Новик во издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и издавачката куќа „Наука“ од Санкт Петербург) 115

V АРТитектура 121

Далибор ПЛЕЧИЌ.
ПРАГА ИНТИМА – ИЗЛОЖБА НА ВЛАТКО ДЕКОВ 122

Ана ВИТАНОВА – РИНГАЧЕВА.
ПРЕОБРАЗБА НА ЕДНА ПРАСЛИКА (Обид за толкување на муралот „Лузна“ на Никола Пијанманов) 125

Никола ПИЈАНМАНОВ.
СКРИЕНИ ОТКРИТИЈА (Кон самостојната изложба на Верица Арапова) 131

Митко ГОГОВ.
КРОТКИТЕ ДУШИ ЈА КРИЈАТ НАЈГОЛЕМАТА БОЛКА (Кон театарската претстава „Кротка“) 134

Васко МАГЛЕШОВ.
ЕДЕН МЕСЕЦ НА СЕЛО (слаткогорчлива ентропија на карактери) 138

Јулијана ВЕЛИЧКОВСКА.
АТИЦЕ – ПОСЛЕДНАТА ЖЕНА ШТО ЗБОРУВАШЕ ЗМИСКИ (Кон филмот „Медена земја“ и романот „Човекот што зборуваше змиски) 141

Ѓургица КОСТАДИНОВСКА.
SS-GB - ШТО АКО НАЦИСТИТЕ ПОБЕДЕА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА? (BILLIONS) МИЛИЈАРДИ – ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД ВАС КОГА СТЕ НАЈБОГАТИОТ ЧОВЕК НА СВЕТОТ? 144



Влатко Деков, *Праѓа Инѣима*



Влатко Деков, *Праѓа Инѣима*

ПОТРАГА ВО ДВА НОСА

Благоја ЧОРЕВСКИ

„МЛАДИТЕ САКААТ ДА СЕ СЛОБОДНИ И СВОИ. НИКОЈ НЕ САКА ДА БИДЕ ПОД ЈАРЕМОТ НА ДРУГИОТ!“

(Интервју со актерот Благоја Чоревски)

“Ако театарот е како животот, тој ќе биде многу досаден театар. Затоа е степен повеќе, малку поинаку. Секој актер е дете, а вербата во детето те прави поголем или помал актер. Основната карактеристика на Шишков е што беше добар. Таа негова искреност и добрина многумина ја искористија и тоа беше неговата најголема мана. Тоа му пресуди” – вели Чоревски за третиот број на “Зенит”.

Мојата прва асоцијација за него е Илинденка од “Женски оркестар”. Најверојатно и на многумина други родени во осумдесеттите, коишто биле среќни да го запознаат актерот во полна сила и следните триесетина години да гледаат како низ една дециниска претстава тој со вештина на актерски акробат скока од улога во улога, од лик во лик. А потоа, кога ќе слезе до сцената, е приземен, пристоен и спокоен човек. Благоја е човекот до кого може да пристапи секој кому му се прави муабет. Е, мене баш ми се зборуваше помеѓу две дискусии за театарските претстави за време на минатогодишното издание на „Ристо Шишков“. “Го уловив” во фоајето на Центарот за култура во Струмица, му пријдов и тој се согласи од прва. Остави сè што имаше замислено и веднаш седна на столчето да си поразговараме.

Како е да се промени позицијата? - го прашувам. Лани на сцената, а годинава вие сте судијата на триесетмина актери коишто се надиграваат на фестивалот?

Повеќе се, речиси четириесетина актери. Овој е единствен фестивал на којшто добитникот на наградата по ав-

томатизам станува претседател на жирито. На другите фестивали ги бираат претседателите на жирито или жирито само си го избира претседателот. Тешка работа. Јас сум среќен што гледаме добар млад театар, во наводници млад, со прекрасни актери и тоа ми дава надеж дека ние ќе го најдеме и ќе му ја дадеме наградата на вистинскиот актер. Јас го почитувам талентот на поединецот. Тоа што го научил на факултет, што го знае во животот и тоа што ќе го презентира на сцена. Тоа е важно за мене. Не потпаѓам под влијанија ако ми кажат: "Види, нему/нејзе треба да му/ѝ ја дадеш наградата!"

СМ: Има ли вредност наградата ако некој треба да шепне некому за да ја добие? Како изгледа таа ситуација кога и тој што ја доделува и тој што ја добива, знаат дека наградениот не бил првиот избор или дека не му е заслужена?

Затоа и реков дека верувам само на квалитетот и талентот на поединецот којшто е тука. Многу ќе згрешат ако дојдат. Ако ми е пријател, ќе ме изгуби како пријател за век и веков. Ако е стручњак од театарот, исто така ќе ме изгуби. Да не играм во негови претстави ако е режисер, или ќе се трудам да не учествувам во иста претстава со него ако е актер. Мора да си го зачувате интегритетот, затоа што ние по дифолт, играјќи друг карактер, влегуваме во неговите трауми, неговите љубови, во неговите доживувања од животот за да ја пренесеме што поверно на публиката. Замислете, јас од секого да земам и да ми кажува како да го одиграм. Нема целост во тоа. Ние не сме атоми да се раздвојуваме еден по еден и на крајот да се создаде експлозија. Нашата игра е колективна. Работиш карактер на нешто што никогаш во животот не си го правел. Јас сум играл убијци, хомосексуалци, жени. Останува некоја мала трага, но ние свесно го тргнуваме, инаку ќе остане его што е опасно.

СМ: Се вели дека театарот е занает, но сепак тој оди рака под рака со образованието. Колку е битно да се совладаат цаките на занаетот и колкав удел има образованието во изградбата на еден актер?

Сè што рековте, важи, но во секој случај, тој е занет. Ако добро го научиш тој занает, ако добро примиш од постарите колеги и тоа го преточиш во себе, сигурно имаш успех како актер. Публиката е свесна и знае кога ќе ја излажете. Да не се залажувате. Мора да сте чесен пред публика и чесен пред самиот себеси за да можете да го добиете од публиката најдоброто, аплаузот.

СМ: Што е со младите актери? Расте ли македонскиот театар? Годинава доминираат претстави од македонските театарски ансамбли.

Ние никогаш не сме биле зад некого за да каскаме по другите театри. Ќе ви кажам еден пример. Буца Мирковиќ на "Стеријино позорје" кога нас ќе нè видеше дека доаѓаме, ќе речеше: "Ајде да си одиме, оти наградите се веќе во рацете на Драмскиот театар!". Младите сега немаат простор да се искажат. Многу тешко одат вработувањата, некако го поделивме и народот, и себеси, и уметноста. Сè е поделено на партии. Ние веќе живееме во тој круг, дали сме за ДПМНЕ, дали сме за СДСМ. Знаете, тоа е многу опасно, затоа што кога-тогаш ќе влезете во провалијата и нема да можете да се

искачите. Ќе паднете од врвот и ќе бидете долу. Младите мора да ги добијат шансите да се искажат, бидејќи ним им останува уметноста, театарот, државата. Што ви значи ако сте партиски вработен кога овде треба да покажете што умеете. Мора да излезете, да испеете, да одиграте, да оперирате како што треба, по некои стандарди. Тешко оди, но јас се радувам, ги сакам, ги гледам младите. И секој момент што го имам, го користам да седнеме, да се видиме, да разговараме, да им кажам, да им предочам некои работи што ги знам. За жал, младите сега се во некоја дигитална, телевизиска, телефонска ера во која сè е брзо. На времето, кога ние снимавме, беа вхс касети. И таа лента требаше да ја носиме во телевизија. Сега на стикчето каде сакаш, можеш да го претставиш. Се губи и блискиот однос меѓу колегите за пробите. Ние сме седеле, сме ги гледале постарите и тие нè гледале нас и сме учеле. Сега е изгубен тој спој. Посебно трагично ми влијае тоа иселување надвор од земјава. Ние не се потрудивме да им овозможиме на младите овде да живеат и да напредуваат. Како да не сме во 20 век, исто како моите прадедовци коишто оделе во Америка и Австралија. И тоа малку ги демотивира младите да побараат подобар живот. Ќе отидат, ќе работат што било, не мора дури и да е во нивната професија. Младиот човек сака да биде свој и тоа е во неговиот дух, во неговиот темперамент, во неговата мисла. Кој млад човек сака да биде под јаремот на некој друг? Никој!

СМ: Имате ли чувство дека егзистенцијата го уништува уметникот?

Да, ужасно многу. Знаете ли зошто се случува тоа? Кога ние имавме колеги од нашата бранша (иако и тогаш политиката имаше влијание), сепак имавме некои достоинствени презентации на уметноста како во Македонија, така и во странство. Замислете, сме биле во Каракас, во Париз по два – три пати, Москва, Ленинград. Да не ги спомнувам Полска, Чешка. И тоа беше во лентата на самиот политичар дека кога ќе го проектира тоа цеде, ќе ја презентира нашата добра, голема уметност на нашиот театар, филм, телевизија или песна. За жал, сега ги намаливме тие работи. Доаѓаат луѓе за кои е неспорно дека се стручњаци во нивната професија, но во културата не се. И тоа е како бумеранг. Тоа не е наше оружје за борба на Аборициниите во Австралија. Ние имаме бумеранг во раката и постојано го фрламе и нè удира по глава. И тоа е многу лошо и многу идиотски.

СМ: Луѓето имаат одбивност да им се пренесува вистината, дури и во форма на уметнички акт.

Ако театарот е како во животот, тогаш ќе биде досаден театар. Мора да има еден поинаков степен, чувство, поинакви движења, погледи, поинакво приближување кон партнерот или партнерката. Затоа е театар. Малку е поинаку од животот. Ако не му се допаѓа на гледачот, тој ќе стане и ќе си отиде. Тој има избор. Кај нас ретко се случува публиката да не се соживува со претставата, затоа што имаме добри актери. Тие пренесуваат нивни чувства, подготвувајќи го текстот. Колку подобро играме и подобро ги пренесуваме чувствата, публиката тоа го сфаќа.

СМ: Денес актерите се насекаде. Ни зборуваат од плакатите, први се во редовите на протестите, нè поздрав-

ваат од рекламни кампањи. Го обременува ли тоа актерот кога во своето општество ќе земе уште една улога? Му го нарушува ли комодитетот како уметник или му ја подјадува креативноста?

Можеби зборувате со погрешен човек. Јас мислам дека е индивидуално право дали некој актер ќе излезе со плакат, дали ќе протестира, дали ќе влезе во партија или некаков проект. Тоа е негово сакање да биде таму. Но, дури и да биде, тој не смее да заборави дека по занает е актер и дека првенствено треба да ја облагороди улогата што ја игра. Сум бил во политиката и среќен сум што си дадов оставка. Политичарите не ги интересираат другите. Нив ги интересира само политиката, дали оди економијата, дали е мирно во државата. Ние сме должни како уметници да ги критикуваме лошите политичари, а добрите да ги истакнеме. И тоа е индивидуален пристап, како ќе се определите да живеете. Јас се определувам за театарот, за уметноста. А кога бев таму, мислев дека како стручњак ќе се консултираат со мене, но кога сфатив дека не знаат дека сум жив, им реков: Благодарам, бидете поздравени! Како што ме назначија, на мое барање, ме симнаа. Тешко оди, тие го сфаќаат тоа поинаку. Замислете, колку е голема честа во Америка уметник да го поддржи на пример кандидатот за претседател. А овде кога јас нешто ќе искритикувам, кога ќе кажам дека некои работи ги водат аматери, веднаш се прашуваат дали сум сдсмовец или сум вмровец.

СМ: Не се почитува професионалноста.

Не се почитува мислењето на другиот. Кога некој ќе влезе во политиката мисли дека столчето е само негово. Случајно, кога ќе стане, ако му го тргнеме столчето, тој ќе падне и ќе скрши врат. Ненамерно, туку едноставно. Некои политичари заборават и затоа се случува ова во културата и во образованието. Таму каде што се создава кадар, мораш да дадеш. Во економијата не можеш да размислуваш низ призмата на формули, туку да умееш да им дадеш тоа што им треба. Секоја уметност е скапа.

СМ: Често ги прашувам актерите како го доживуваат фактот дека ние сме во реалност на финансиски истоштен театар, насироти новите димензии на уметноста на сцена што ги нуди театарот во развиените земји.

Реално, ако техниката е во интерес и во спрега со уметноста, ако придонесува за нешто подобро во претставата, да се искаже со светло, дожд, звук, вилица, тоа е плус добредојдена интервенција. Но, ако се прави затоа што е модерно или го имаш во театарот, или пак го користиш на погрешни места, тогаш е бесмислено.

СМ: Се вели дека актерите живеат повеќе животи. Многу гледаат низ призмата на актерските очи.

Тоа е точно. Секоја професија си има своја болест и свој лек. Опасно е ако тие карактери што ги играте, станат дел од вас. Така е и во вашата професија. Вие среќавате различни карактери. Како би било, од секое добро или лошо интервју, дома да носите по некое бреме од секого со кого сте разговарале?! Се трудам да немам никаков контакт со тој што го играм. На крајот на краиштата, јас сум смртен, само ја имам можноста

да претставувам и други личности. Јас Благоја Чоревски во улога на тој и тој.

СМ: Дали одбивате улоѓи заради тоа што карактерот има различен сензибилитет од вашиот?

Не, таков случај сум немал, но, со режисери сум одбивал да работам.

СМ: Зошто?

Немам контакт со него. Не се разбираме. Затоа, не, благодарам!.

СМ: Неодамна иѓравте во филмот "Врба" на Милчо Манчевски. Како ѓи доживувате филмските улоѓи наспроти театарските?

Да, играв во "Врба". Во филмот си ја замислувам публиката и нејзе ѝ се обраќам. Но, филмот сепак, е техника. Ако нема добро светло, ќе бидам во мрак, иако тоа можеби е замисла на режисерот, но не може цело време да е во мрак. Сепак е малку повеќе техника.

СМ: Имате ли неостварени актерски желби

Јас имам многу желби. Секој актер е дете. Вербата во детето те прави поголем или помал актер. Како немам? Постојано кажувам дека би го играл Ричард III. Хамлет никогаш не ме пленел, но Ричард III, да, затоа што тој е актер во актер. Има многу улоги што ми се допаѓаат. Инаку, драги ми се улогите што ми ги доделуваат. Уште на првото читање се знае дали ви лежи улогата. Може да вложите повеќе труд ако во почетната фаза не се споите со тој карактер, да правите поголема анализа. Но, ако претставата е добра, сѐ се заборава, бидејќи таа е колективен труд.

СМ: Што најмноѓу ви значи во актерскиот живот?

Освен тоа што многу го сакам актерството и целосно сум оддаден на театарот, многу го сакам семејството, моите деца, моите внуки Гала и Илина, којашто веќе ја влече оваа линија во Битолскиот театар. Покрај сите тие работи, ако го немате тој специфичен мир во семејството, ќе бидете дополнително оптоварени, затоа што ќе треба да одите во театарот да играте некоја улога, а ќе мислите на тоа дека дома работите не се добри. Тој мир му е потребен на актерот. Славата не е тоа што му треба. Славата е минлива. Ако не ја одржувате, таа брзо ќе згасне. Но, таа врска со пријателите, со семејството, е тоа што лично мене најмногу ми се допаѓа, освен актерството, бидејќи без нив нема да бидам тоа што сум сега.

СМ: Го знаевте ли Шишков лично?

Имав среќа да го познавам. Основната карактеристика на мојот другар и колега Шишков е што тој беше добар. Таа добрина и искреност на некој начин погрешно ја сфаќаа луѓето коишто беа околу него и ја искористија. Јас сум еден од ретките среќни што по завршувањето на факултетот, веднаш играв со него во "Табакерата" и неговите совети сѐ уште ги паметам. Дружење, пиење по два – три дена и тоа е дел од учењето. Мојот стремеж отсекогаш бил да бидам добар, да бидам како Шишков, како Прличко, како чичко Тодорче, како татко му. Но, главна карактеристика му беше добрината. Тој беше жртва на неговиот талент и на неговата добрина. Тој беше многу отворен. Ако нешто не е добро,

ќе кажеше: “Неее, ова не е добро!” Не е како некој: “Види ова, мислам дека малку...”, а ние веќе знаеме дека има само негативни коментари, но се обидува да го завитка во ракавици.

СМ: Се признаваат ли големите актери меѓу себе? Важи ли непишаното правило дека колку тие се поостварени, толку помалку се суетни?

Апсолутно. Таков беше и Шишков, тоа мислев кога реков добар. И многу актери. Таков се трудам да бидам и јас. Многу е тешко да се биде друг од она што сте. Зошто кога гледам дека некој е одличен актер да не го вклучам во проектот или да не му ја дадам наградата?! Мајсторството е да извлечам од него сè ако играме заедно, да му дадам совет ако побара, а никако да му напакостам. Тие се многу ниски страсти и за нив во театарот нема место на долг рок.

Интервјуто го водеше:
Сузана Мицева

Драшко ЗИДАР

„ПЛУРАЛИЗМОТ Е ФИКЦИЈА, А КАКО ЌЕ ЈА НАРЕЧЕТЕ ПРИВИДНАТА СЛОБОДА Е СОСЕМА НЕВАЖНО!“

(Интервју со актерот Драшко Зидар)

Сцена 112 или како што струмичани милуваат да ја викаат, сцената под големата сцена. А во неа - малку сценографија и двајца актери. Познато е, во пиварница се, пијат пиво и разменуваат кратки, по малку мачни реплики. И ги преповторуваат. Мирисот на пиво доаѓа и до публиката, заедно го дишат духот на тешкото време, на принудната потчинетост и одбраната подводливост, борбата да се остане верен на себе, на убедувањата, но и борбата да се преживее, да се протурка тежината без да се чувствува преголема грижа на совеста за тоа. И на крајот, кој се избавува од својот пекол, а кој потонува во пеколот на општеството? Може ли воопшто некој да остане чист и неизвалкан ако цел ден, катаден се препелка со бурења пиво, празни муабети и гнасотиите на средината?

На ова, Зидар ќе рече: Плурализмот е само фикција! Па, *Аудиенција* е севременски текст што и денес одлично ги детектира односите на власта, моќта и непослушните поданици. Денес можете многу да пропатите ако мислите и говорите поинаку од моќниците. Не се оди во затвор, но методите на контрола и казна одлично функционираат. Гледајќи ја претставата, луѓето се препознаваат во исти или слични ситуации. За жал, секогаш ќе постојат власт и поданици, а како ќе се нарече привидната слобода е сосема неважно.

Драшко Зидар во претставата е тром, занесен и испи осум пива за шеесет минути. А вели дека ретко пие пиво надвор од *Аудиенција*. За разлика од Горан, кој пак, приватно пие пиво. За среќа, мојот соговорник со кого патем си разменуваме пораки и меилови на

1.000 километри, на релација Струмица – Вировитица, вели дека добро е што алкохолот не стигнува да ја преземе глумата додека е на сцена.

- На крајот, алкохолот не е добар господар во ниедна ситуација, се смее Драшко.

Тој лично инсистирал да се постави *Аудиенција* на сцената во Вировитица, долго го осмислувал проектот, знаејќи ја актуелноста на текстот. Тамам за денешницата.

- Со Горан се знаеме, што би се рекло „во душа“, така што соработката не беше тешка. Горан е одличен партнер, знае кога треба да те следи, а кога треба да преземе сценска иницијатива. Многу е наклонет и инспиративен. Токму затоа нашата соработка резултираше со награда за актерско остварување за Горан на „Фестивал на глумецот“ во Винковци, еден од најзначајните фестивали во Хрватска, а јас на крајот од минатата година бев номиниран за „Награда на хрватското глумиште“. Претставата не е лесна за играње, бидејќи е полна со актерски замки и само еден погрешен збор може да ве наведе на погрешни заклучоци и може да залутате во текстот иако има само 30 страници. Така, во текот на 60 минути мора да сте концентрирани 110%.

Претставата „Аудиенција“ ја има на интернет. Можете да ја изгледате цела. И тоа по ваш избор. Од овие двајца актери, или во изведба на сосема други театри. Но, она што е впечатливо е дека ниту една нивна изведба не наликува на претходната. Тие постојано додаваат нови детали, нови движења.

- Самиот текст остава голем простор за креирање на играта...речиси поигрување. По неколку изведби, со Горан бевме толку сигурни во содржината што почнавме да ја „полниме“ со детали, ситници, погледи, миење со пиво, и којзнае што уште ќе ни падне на памет. А создавање на личност од ликот, тоа е секогаш бескрајно забавна, иако и одговорна задача.

Балансот што можете, а што не, и како да ја дозирате вашата игра, не е само прашање на талент. Малку умешност, малку добра актерска школа, малку искуство. Поминатото пак, за нашиот актер е малку богатство, малку товар.

- Многу од тоа што го знаете сега не можете да го изведете или повеќе не е за вас, а кога ви било потребно да го изведете, не сте знаеле како... се шегувам. Со себе носам огромно богатство, а тоа се луѓето со кои сум имал среќа да соработувам низ годините. Без разлика какво е искуството, од секого нешто ќе научите: од некој како треба, од друг како не треба да се прават работите. За среќа, повеќето вистински луѓе го облагородуваа мојот живот и за среќа, учењето сè уште не е завршено.

Зидар е среќен човек. Нашол рамнотежа помеѓу работата и семејството, а тие пак му овозможиле сè што заслужил. Праведниот суд за себе го поддржува со себезаветување дека ќе продолжи да се труди најдобро што може да работи, да ги исполнува своите цели. А еден ден, кога ќе се сврти назад, тогаш ќе види дали токму сè што замислил и остварил. За таква одлука да се биде чесен и професионален, не е потребен

грандиозен театар. Може и топлиот како дом во Вировитица, кој патем има само дваесетина илјади жители. Но, има свој дух и шарм.

- Најважно е да се работи и да се наслушува средината во којашто живеете. Кај нас има повеќедеценциска театарска традиција и имаме театрски образована и критична публика. Секогаш постои опасност да ве потиснат големите театри со огромни буџети, но токму добро упатената публика нè држи постојано будни, постојано свежи и иновативни. Парите, за жал, станаа мотив, а не средство, но со парите никогаш не успеале да купат вистинска љубов, вистински живот, вистински театар.

  Без оглед на конкуренцијата, верувам дека за секого има место под ова сонце ако со чиста душа и големо срце ја работи својата работа.

Кога се спомнуваат парите и конкуренцијата, ги замислуваме мултимедијалните претстави што зашеметуваат со бројните ефекти и технички можности. Ама, ниту тоа не ги застрашува глумците од малите театри. Тие веруваат дека театарот мора да остане цврсто на земјата, дури и кога ги следи театарските случувања и унапредувања.

- Јас имам доста години и искуство и немам против осовременување на театарот и театарскиот израз, но не до таа мера да се претвори во експеримент. Секако, постојат групи и театри што интензивно се занимаваат со тој и таков израз и мислам дека и за нив има простор. Мислам дека иднината на театарот ќе ја одреди токму театарската литература, што всушност се случувало и низ историјата.

Како уметниците гледаат на актуелната и сè побројна балканска миграција? Зидар коментира дека тие носат ново и непотребно лошо.

- Мислам дека запознавањето со нова култура и обичаи го облагородува секој човек. Новите култури претпочитам да не се агресивни, а постојните да не се негостољубиви, бидејќи нељубезноста и агресијата во поим ја убиваат културата. Но, за жал, ова на што сме сведоци, не е културна, туку поинаква миграција. Во тие ситуации е тешко да се контролира „културниот багаж“.

Со каков багаж ние го испративме од Струмица, освен со награда, се разбира, што патем ја доби телефонски. Го вклучија на телефонска линија додека се читаа победниците во фоајето на Центарот за култура “Антон Панов”.

- Имам доволно години и затоа многу добро знам кој е Шишков, но не сум го гледал неговото мајсторство на театарот во живо, за жал. Бев изненаден, среќен и горд. Не е мала работа да се добие награда со името на големиот Ристо Шишков. Со оглед на тоа дека конкуренцијата беше голема, не очекував дека токму јас ќе ја добијам, и затоа среќата е уште поголема.

Интервјуто го водеше:
Сузана Мицева



Интервју со Коста Караманолев, творец на поинаква струмичка чаршиска прикаска, „Бербер и бар”

Бербер или бар?

И берберница и бар...и тоа вторник.

Како дојдовте до идејата за “Бербер и бар”? Дали тоа беше на пат кон бароt кога сфативте дека морате на стрижење или како резултат на длабока контемплација на некој берберски стол?

Идејата за “Бербер и бар” се роди сосема случајно, но ако се водам по прашањето, сигурно било контемплација на некој берберски стол.

Уште кога бев дете, дедо ми ме водеше на бербер и бев фасциниран од тоа, како луѓето од различни профили се собираат на едно место, чекајќи за истата услуга, а истовремено и се дружат меѓу себе. Имам една теза дека без луѓе си ништо. Токму тоа доведе до идејата да отворам модерен занаетчиски дуќан што ќе зависи само од нив. Да се разбереме, јас не измислив ништо ново, туку само ставив бар во берберницата за да биде поразлично. И за среќа, излезе дека сме првиот бербер и бар во Македонија, а можеби и на Балканот.

Има ли концепт "Бербер и бар", или концептот го раѓа него?

Да, уште од старт решив дека ќе работиме по стар училиштен рецепт, што значи без термини и резервации за да пробаме во ова денешно модерно време да ја вратиме дружбата меѓу луѓето. И токму тој концепт го роди "Бербер и бар вторник" каков што е сега, во смисла дека денес доаѓаат луѓе и чекајќи за услуга стрижење, истовремено пијат пиво на шанкот, разговараат на разни теми, слушаат добра музика и уживаат во чекањето. Тоа беше целта уште од самиот старт и многу ми е ќеф што е така.

Мислите ли дека повеќето места со алтернативна концепција, со алтернативен пристап што поместува норми и ги релативизира, може да ја промени парадигмата на културната клима во еден град, каков што е Струмица?

Мислам да, но да се разбереме. Струмица го има изгубено епитетот на град. Денес сме една обична паланка во којашто нема кино, нема современ театар, нема убав спортски објект, децата ни учат во нешто налик на училишта. Нема да продолжам, бидејќи има многу за набројување. Но, убеден сум дека само алтернативното размислување и делување може да доведе до промени и гласно да кажеме дека заслужуваме подобро.

Еве, ние испраќаме порака дека Струмица заслужува да има градска чаршија, нешто што на времето било белег на ова мало место што со гордост се нарекувало град.

Зошто токму на старата чаршија?

Затоа што старата чаршија е срцето на градот, а без срце нема пулс, односно градот би бил мртов. Но, ние сме тука да ја вратиме чаршијата во полн сјај или барем да се обидеме во тоа.

Кои се плановите на "Бербер и бар"?

Планот е да останеме доследни на тоа што го работиме, да продолжиме да ги правиме луѓето задоволни и среќни што доаѓаат кај нас. Преку низа настани да се обидеме да ја подигнеме свеста за културата и најважно од сè, да испратиме една важна порака. Останuваме да живееме овде, знаејќи дека е лошо, но максимално ќе се потрудиме да смениме сè кон подобро.

Интервјуирал:
Далибор Плечиќ



Влатко Деков, *Праѓа Интима*

ПРУГА

ПРУГА

Радомир КОНСТАНТИНОВИЌ

(Србија)

ОСВОЈУВАЊЕТО НА ЕВРОПА[1]

„Егзотични кловнови коишто скокаат во оџинци“

(Текст објавен во неделникот НИН, 24 јануари 1960 година)

Сè повеќе се преведуваат нашите книги, пред сè романи, на други европски јазици. Понекогаш, барем, судејќи по критиката и по одзивот на публиката, тие доживуваат успех, а понекогаш тој успех нè заобиколува. Постојат различни мислења за тоа како да се „пласира“ нашата книга во странство, во Европа, која книга и на кој начин. Не сакам своето мислење да го придружам на побројните, туку на мислењата на оние луѓе коишто се стручни за тоа. Но, не сакам и не можам да го премолчам сè појасното претчувство дека понекогаш нè обзема толку силна страст за успех, признанието во подрачјата на другите јазици и дека таа страст станува речиси треска. Боледуваме од болест наречена *освојување на Европа*. Пред иднината на нашата литература, преведена на други јазици, сè почесто не се чувствуваме како Европа којашто се обидува, бидејќи мора да биде посвесна за себе, да знае за себе повеќе, отколку што знаела досега, туку како европска периферија што сака да продре во нејзиниот центар.

Неодамна, еден мој пријател, со страст ме уверуваше дека грчкиот писател Никос Казанзакис, некогашниот кандидат за Нобелова награда, никој не го ни „забележувал“ додека пишувал расправа за Бергсон и се занимавал со литература како и неговите европски пријатели, туку дека тој ја „освоил“ Европа, и издавачите и публиката, во оној час кога ѝ се вратил нејзе, на егзотичната Грција, кога се обидел да ја прикаже

1 Текстот е преземен од: https://www.xxzmagazin.com/egzoticni-klovnovi-koji-skakucu-u opancima?fbclid=IwAR1Ypl5GVlo0l8Kib3QbDhORnNngC4fALDkmbY-kzlDQCk_LF1_8p1qfHgU

нејзината слава, јагнињата на ражен, ајдучките огнови и славењето. Како да ги маѓепсал сите на тој начин: откривајќи еден посебен, ориентален, егзотичен свет. Казанзакис, според мојот пријател, ја хипнотизирал Европа со егзотика. Тоа било шок за „анемичната" Европа, инјекција врела крв во нејзината слабокрвна, уморна, и секако, декадентна литературна душа. До гуша заситена со морал и метафизика, филозофија во литературата, Европа чувствува потреба во часовите на својот метафизички и морален умор, помеѓу едниот и другиот, Андре Жид или Марсел Пруст, по некој наш јунак, како неуморниот Казанзакисов Зорбас, да ѝ донесе мирис на вино и земја, илузија на силата, физичко изобилство, примитивна душа што сѐ уште не заболела од филозофирање пред животот и смртта, туку го граби тој живот и таа смрт, загризува во неа како во првата жена што би ја сретнал попат (секако, во носија како во етнографски музеј), како во месо на јагне наденето на ражен.

Признавам дека во шокови од ваков вид слабо се разбирам. Се сомневам дури дека Казанзакис така ја освоил Европа. Но, ако земеме условно, говорејќи метафорички, дека мојот пријател е во право, дека егзотиката е патот на Казанзакис во европската литература, зарем тоа е единствениот наш можен пат? Дали навистина сите ние, Грци, Срби, Хрвати, во европската мисла, во европската духовна љубопитност имаме само значење и смисла на егзотично цвеќе, мирис и пејзаж? Дали писателот на овие балкански јазици може и смее да се согласи на тоа: на Европа на мојот пријател секогаш да ѝ носи егзотика, и само неа? Европа нека се занимава со интуицијата, современата и човековата свест; таа нека пресмета за интегралните сметки на таа свест, нека расправа за Бергсон, за Јасперс; таа нека се обидува да продре подлабоко во тоталниот човек, во неговиот исконски внатрешен свет, во неговите соништа и поезија, а ние, ете, ние ќе ѝ даваме, кога ќе се измори од тој напор, продор, слава и промашувања, по малку егзотика, во дози какви што сака, на начин што во даден случај најмногу ѝ одговара. Наше е да ги фатиме моментите на незјиниот умор, заситеност и да искористиме да се слушнеме.

По таа логика што нѐ исклучува (треба ли тоа воопшто да се каже?) од вистинската литература на овој момент, ние, бидејќи пишуваме на „мал" јазик, бидејќи зад нашиот јазик лежи динар, а не фунта стерлинг или рајхсмарка, не можеме да сонуваме за нашиот Пруст на ова време, ниту за Ежен Јонеско, ниту за Рене Шар, како што во сликарството, да речеме, не треба да навлегуваме во апстракцијата, во сновиденијата, во интегралната човекова поезија, туку треба, само за да го обезбедиме најсигурно своето „место" во Европа, да се држиме до пиротските килими, народниот вез и резба, со еден збор за културата на Европа да бидеме тоа што сме за просечните англиски или германски туристи, некаков излог на народни ракотворби.

Да се разбереме: огромни претчувства, страст и сила лежат во традицијата на овој јазик, неговите визии, па дури и во фолклорот! Но, овде не се работи за гласот на чиста, автентична креативна вокација што се реализира себеси и својот сегашен миг низ насетената смисла во форми и соништа постари од него, уште помалку за почетокот на големото

прашање и на огромниот отворен проблем за тоа како современоста, низ минатото да ја продолжи и збогати свеста за себе. Тука станува збор за повикот на деградација: себеси да се чувствуваме како можен дел од Европа само како егзотично растение, како егзотика на нејзината периферија, нејзе недоволно позната, а нашето минато, огромно и крваво, тој своевиден вид и тек на европската историја, како егзотика што треба да се освои, во тајност, плански и смислено, литерарната и уметничка Европа.

Овој обид да се сведеме на егзотика, на егзотични кловнови коишто Европа ќе ги види и прими, само ако скокаат пред неа во опинци, удираат на тапани и свират зурли, оваа тапанарска и зурлашка естетика што го пишува комплексот на инфериорност и ја дошепнува чемерната душа родена за Чичиков, го чувствувам пред сè како атак на литературата. Литературата никогаш не настанувала, освен по цена да се изгуби себеси, за некому да му угоди, некому да му се „допадне“, а пред сè современата литература што како човечка гордост и пркос, и ние се обидуваме да ја остваримe, на овој јазик на исконскиот пркос и инает (и на трговецот и на Бог).

Мојот пријател се повикува на примерот на Вук, на нашите народни песни. Се повика на Вук пред Гете, и покажа дека не го разбира ниту Вук, ниту Гете, ниту нашата народна поезија. Тој е убеден дека средбата на Гете со Вук била средба со торбар што продава егзотика; не сфатил дека тоа, во тој момент, во полната слава на романтиката на којашто ѝ го откривме новиот ритам на прометејското непомирување со судбината на ропството, била средба на Европа сама со себе, со својата историја и најдлабока страст, и дека часовите во кои Гете ја преведувал „Хасанагица“, претставуваат часови на голем сјај, молневита светлост на таа средба.

Не се сомневам дека нашата Европа не е секогаш ниту на Гете, ниту на Вук. Честопати таа има лице на трговски патник на литература, којшто понекогаш застанува и на нашата станица, а во главата ја носи идејата за нашата култура и литература низ сонот за идниот сопствен профит, како олицетворение на исукан ханџар, волчји крвожедни заби, чадено воловско месо наденето на ражен.

Но, дали е тоа Европа? И кога трговските патници биле гласници на Европа, наши гласници? Гете е Гете, а трговскиот патник, сепак, само трговски патник: после неговото ѕвонење на нашите врати, еве, се враќаме на работата што нè чека, бесконечната работа со литературата.

Превод од српски јазик:
Сузана Мицева

Петер ХАНДКЕ[2]

(Австрија)

КОГА ДЕТЕТО БЕШЕ ДЕТЕ[3]

Кога детето беше дете
чекореше мавтајќи со рацете,
посакуваше потокот да биде река,
реката да биде буен порој,
а овој вир да биде море.

Кога детето беше дете,
не знаеше дека е дете,
сè беше една душа
и сите души беа едно.

Кога детето беше дете,
немаше мислење за ништо,
немаше ниту навики,
често си седеше со нозете скрстени,
ненадејно почнуваше да трча,
во косата имаше излижан прамен,
не правеше гримаси кога го фотографираа.

2 Петер Хандке е добитник на Нобеловата награда за литература за 2019 година.
3 Стихови од филмот „Небото над Берлин“ (Himmel Über Berlin) во режија на Вим Вендерс

Кога детето беше дете,
беше време за овие прашања:
Зошто сум јас - јас, а зошто не сум ти?
Зошто сум тука, а зошто не сум таму?
Кога започнало времето, и каде завршува просторот?
Дали животот под сонцето не е само сон?
Дали она што го гледам, слушам и мирисам
не е само илузија на некој свет пред светот?
Во однос на вистините за злото и луѓето,
дали злото навистина постои?
Како може јас - оној што сум,
да не сум постоел пред да настанам,
и како може, еден ден, јас - оној што сум,
да не бидам повеќе оној што сум?

Кога детето беше дете,
се задавуваше од спанаќ, од грашок, од сутлијаш,
и од карфиол зготвен на пареа,
но и сега го јаде ова, не само затоа што мора.

Кога детето беше дете,
се разбуди еднаш во чуден кревет,
и веќе секогаш се буди така.
Многумина тогаш изгледаа убаво,
а сега само малкумина, среќно.

Си имаше тоа чиста слика за Рајот,
а сега одвај може да ја насетува,
не умееше да си го замисли ништото
и трепери денес при оваа помисла.

Кога детето беше дете,
си играше со занес, со жар,
и сега ја чувствува истата возбуда како некогаш,
но само кога е во прашање работа.

Кога детето беше дете,
Доволно му беше да изеде јаболко, ... леб,
а така е дури и сега.

Кога детето беше дете,
јаготките штедро му ги полнеа дланките,
дури и сега е така,
мокрите ореви му го ладеа јазикот,
дури и сега е така,
на секој планински врв
имаше копнеж за уште повисока планина,
а во секој град
имаше копнеж за уште поголем град,
и тоа е уште така.
Ги стигнуваше црешите на највисоките гранки,
со истиот восхит како и денес,
пред непознати чувствуваше срам,
и го има тој срам дури и сега.
Го исчекуваше првиот снег,
и на истиот начин чека и сега.

Кога детето беше дете,
фрли стапче како харпун врз едно дрво,
и тоа до денес уште трепери.

Превод и прејев од англиски јазик:
Никола Маџиров

Надија РЕБРОЊА

(Србија)

хишам, фармацевтот, во дворот на мавриската куќа

во некој друг град
што исто се вика гранада
јас не се викам хишам
и умрев за време на франко
гледајќи како го стрелаат лорка

кон смртта ме поведе за рака
поетесата ар-руканија
ми кажа дека клучот за животот
се стиховите на ѕидот од алхамбра

во овој град
што исто се вика гранада
јас се викам хишам
седам во дворот и ја читам
книгата со стихови од ѕидовитена алхамбра
не се плашам од ѕидови
и го фрлам клучот за животот
бидејќи кругот е формата на времето
а јас секогаш сум во гранада
и не е важно
како се викам

битрис, поетесата од хипи-кланот на перофлаути

моите татковци се
широките прерии
персиските шари
андалузиските села
фонтани и плоштади

моето минато се
возовите на толстој
сестрите на шекспир
визбите на борхес

нека им ги излеат во бронза
лицата на некои други
повеќе ги сакам лисјата
од историите

свирачи во метро

ние сме белиот простор
врамен со бројот нула
кругот е хоризонт
кругот е јамка
околу вратот

сониа, на карим, пријателот

кога ќе зачекорам кон тебе
од мојот арапски кварт
кон катедралата
преминувам
само една улица
портатаелвира
под неа
циган што се вика фаусто
ми пее фламенко
и слушам сѐ
за миротбесот и сиромаштијата

анхел, додека чекори

мојатавнатрешност
есплет од овие улици
повторно бев град
вчера бев белград
денеска бев буенос аирес
утре бев избришана точка
на излитената мапа
сега
отчукувам
низ уличнатаврева

хуан и ана

ние веќе знаеме дека сме ликови
од книга
затоа буквите не нè интересираат
но звуците, зборовите
тука одекнуваат
и болат

сакаме авторот да нè сака
да не престане да чувствува
градоболка
само ако нè сака
ние зборуваме
само ако сонуваме
тој постои

еден ден
ќе престанеме да сонуваме
ќе нè избрише
тишината
и ќе престанеме
да се сонуваме себеси

лорена, сликарката, на брегот на реката

се сеќавам многу добро
на моето минато
во една капка
во средината на океанот

тогаш бев вода
имав форма на сè
што го прегрнувам во тој миг

кога го запознав огнот
почнав уште поцврсто
да верувам во моменти
минатото и иднината
престанаа да чукаат
или нивниот звук
сосема онеме

патрицијa, фламенко-танчерката

танцувам
со чевлите ја освојувам земјата
на тоа место
градам утопија

мојот простор на кој танцувам
му припаѓа на сиот свет
никогаш
не престанува да постои
тука наоѓам актери и кукли
четиристрани
театри
брод и градина во него
сите страници на исчезнатите книги
прашина од музејот
камења и песок
сите отворени врати

танцувам
звукот ги брише
рабовите на планината

Искра ПЕНЕВА

(Србија)

РАЗДЕЛБА

Сите таги на светот ги сокрив
во себе.

Плачот мој не е доволен
да го смири
неподнесливиот товар.

Тишината е совршена.
Громот над езерото
всушност е трепет од пеперуга,
суштина што го објаснува
создавањето на ноќта и денот
во кои, небото и дождовите се
помали од мојата тага.

Rastanak

Sve tuge Sveta sakrila sam
U sebi

Plač moj je nedovoljan
Da pomiri
Nepodnošljivi teret

Tišina je savršena
Grom nad jezerom
U stvari je leptirov treptaj
Suština koja objašnjava
Nastajanje noći i dana
U kojima su nebo i kiše
Manji od moje tuge

КАКО ЖИВОТ

Кога ќе се спушти темнината
ѕвездите слегуваат во круните на разлистените липи,
го украсуваат прозирниот воздух
и пролетта.

Гледај,
паднатите ѕвезди се закачиле на врвовите од гранките,
помисли патникот,
пијан од романтична љубов.

Отсјајот на уличните светилки
во прозорецот на ноќниот трамвај
доаѓа и одминува,
како неговиот живот.

Kao život

Kad se spusti tama
Zvezde siđu u krošnje olistalih lipa
Ukrase proziran vazduh
I proleće

Vidi
Padalice se zakačile na vrhove grana
Pomisli putnik
Pijan od romantične ljubavi

Odsjaj uličnih svetiljki
U prozoru noćnog tramvaja
Dolaze i prolaze
Kao njegov život

ОКЕАН

Твојот здив е потивок од дождот.
Ги сокривме нашите тела

во капки,
а воздишките во звукот на брановите.

Okean

Tvoj dah je tiši od kiše
Sakrili smo naša tela

U kapi
A uzdahe u zvuk talasa

АТЛАС

Вулканската планина нарасна
од лавата.
Реката го менува својот тек,
а крадците од песокот прават
нов остров во океанот.

Ништо не е статично.
Најмалку е присутен хаосот во нас
во кој, понекогаш заталкуваме.

Мапите на светот не се погрешни,
промените се впишуваат по потреба.

АТЛАС

Вулканска планина нарасте
од лаве
Река мења свој ток
Крадљивци од песка праве ново
острво у океану

Ништа није статично
Најмање је хаос присутан у нама
У који кадкад залутамо

Мапе света нису погрешне
Промене се исписују по потреби

ВО ЧЕСТ НА ДАНИЦА

Под дрвениот мост
кај Народниот театар
блеска светлината,
распрострена низ тишината.
Ноќ е и играме сребрени игри.
Низ дланките ни тече Вардар.
Сонливите очи ги обгрнале
огледалата на Земјата.

Играме танго по улиците.
Лесни сме
како шепот,
слободни во мислите
што ги полагаме на перница.

Утро е.
Птиците се немирни,
воздухот го растројуваат со крилја.
Тлото татни,
градот писка,
исчезнува.

На преполовениот часовник
на железничката станица
стрелките
застанати на 5 и 17...
и сите поетски соништа
- заробеници засекогаш.

Ветрот ја вознесува пепелта.
Шареният прав танцува повторно,
ги носи ненапишаните
песни кон ѕвездите.

***

Седам во кафеаната "Даница"
и вкусувам од тортата *Седум ѓревови.*
Да заплачам
или да запишам стихови
во чест на Даница?!

Силвија НЕДКОВА

(Бугарија)

Предчувствие за лошо време

Добре, че сме слепи, спътнико
мой многолик.
Под коричката хрупкава на пътеката
дебне нечистата истина.

Как живеят, се питаме,
толкова мръсни
в подмолите
другите.

Те не знаят, че идваме -
отмити завинаги -
от брега на солено море.
Ние, които завихрихме бурята.
И тежи
(о, как тежи!)
на раменете ни
ненужната никому мачта.

Добре, че сме мъртви, спътнико
мой уродлив,
добре, че ни няма.

Претчувство за лошото време

Добро е што сме слепи,
мој сопатнику многулик.
Под крцкавата коричка на патеката
демне нечистата вистина.

Се прашуваме,
како живеат другите во подмолноста
толку нечисти.

Тие не знаат дека доаѓаме
засекогаш грабнати
од брегот на соленото море.
Ние, кои ја завиоривме бурата.
И тежи
(о, колку ни тежи)
на рамењата
мечтата што никому не му е нужна.

Добро е што сме мртви,
мој грд сопатнику,
добро е што нè нема.

Континуум

«Най-къс изглежда пътят
със лице към светлината.»
Така си шепнеше старицата
под гърбавия орех,
а пръстенът
на кривия й пръст
мечтаеше да стане езеро
за мравките.

.....

Светът ще свърши
в оня миг, когато
повтори някой, без да знае,
най-първия създаден стих.

Когато го изпее с оня звук,
след който зверовете
стават хора.

Ще бъде като взрив.

И ще си върнем
- за първи път след цяла вечност -
неистовия страх
от граници.

Континуитет

„Најкус изгледа патот
со лицето кон светлината“.
Така си шепотеше старицата
Под грбавиот орев,
а прстенот
на искривениот прст
мечтаеше да стане езеро
за мравките.

.....

Светот ќе заврши
во оној миг, кога
некој без да знае ќе го повтори
првиот создаден стих.

Кога ќе го испее со оној звук,
од кој sверовите
стануваат луѓе.

Ќе биде како експлозија.

И ќе си го вратиме
првпат по цела вечност -
безумниот страв од граници.

***

И ти,
душа прегърбена,
помни,
че само мостът непрекъснато лети,
макар да има
корени дълбоки.

И ти,
свиткана душо,
помни
дека само мостот непрекинато лета,
макар што има
длабоки корени.

***

Дългата обич
е дълго въже.

Става за скачане в пропаст,
става за разходка на старото куче.
Но, уви,
не става за обесване.

Долгата љубов
е долго јаже.

Го бидува за скокање во пропаст,
Го бидува за прошетка на старото куче.
Но, за жал,
Не го бидува за бесење.

Превод и препев од български јазик:
Сузана Мицева

Петко ШИПИНКАРОВСКИ

ГИ СИМНУВАМ SВЕЗДИТЕ

Ноќва во тучен лонец се тркалаш, сону мој!
Една по една разиграни
се валаат в пепелишта:
надежта и големата лага;
утрата розови –
соништа бладаат;
закрепостени барони
на вавилонската царштина кумуваат.
Оставаат пустош во руинираните утра.
Пагани и лилјаци раскајуваат платна;
извориште секнуваат,
в гора коски в пепел танцуваат,
а чиниш урна плови по Ганг.

А јас, оставам пораки.
Глуви друмови
на закраставен пиреј рикнуваат.
Се раѓа ден. Ѕвезди симнувам.
На пространа ледина блесоци.
Отаде злото никнуваат моите воини.

SKIDAM ZVJEZDE

Noćas se, u tučenom loncu kotrljaš, snu moj!
Jedna po jedna,
valjaju se, razigrane u pepelištu:
nada i velika laž;
ružičastim svanućima –
snovi bulazne;
potčinjeni baruni
vavilonskom carevinom kumuju.
Ostavljaju pustoš u ruiniranim jutrima.
Pogani i slijepi miševi raskrajaju platna;
izvorišta presušuju,
u gori kosti u pepelu igraju,
kao urna koja plovi Gangom.

A ja, ostavljam poruke.
Na zakrastalom Pireju
gluhi drumovi riču.
Rađa se dan. Zvijezde skidam.
Na prostranoj livadi bljesci.
Iz tog zla niču moji ratnici.

Прейев од македонски на хрваћски јазик:
Никола Шимић - Тонин

Никола ШИМИЌ - ТОНИН

IN MEMORIAM
ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ
(1946 - 2020)

Поетите не умираат, тие заминуваат надвор од овој свет, се преселуваат во своите песни и од време на време навраќаат во нашите сеќавања. Заминуваат таму каде што нашата судбина ќе нè однесе, од онаа страна на небото.

Драг Пријателе, нека ти е лесна земјата македонска! Ниту еден народ, не говори со толку љубов и восхит за својата земја, како што говорат Македонците. Така Петко говореше за Македонија. Говореше за Задар. Говореше за Хрватска. Ја шираше љубовта во Задар, во Хрватска. Му запалив свеќа на Пријателот и долго во ноќта се сеќавав на нашите средби и разговори за неговата убава и на срце драга Татковина, која со радост ја посетував, ја носев и ја носам во моето срце. Македонија.

ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ: роден во с. Будимирци (Битола), писател, поет, есеист, драмски автор, критичар, и писател за деца. Дипломирал на Факултетот за безбедност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Член е на Друштвото на писатели на Македонија, Хрватското книжевно друштво, огранок Задар, почесен член е на Здружението на писатели на Србија и Здружението на писатели на Косово и Метохија, надворешен член на независните писатели на Бугарија и член на МНД – Битола. Петко Шипинкаровски е основач и претседател на Културниот центар „БРАН“ – Струга, главен и одговорен уредник на списанието „Бранувања“ и организатор на „Струшките книжевни средби“ во Струга (од 2010 г.)

Добитник е на многу награди и признанија.

Преведен и препеан е на повеќе јазици: хрватски, албански, англиски, француски, бугарски, полски, романски, руски, српски, словенечки, црногорски...

Живееше и работеше во Струга, Македонија.

Тишината падна врз сите нас. Поетот Муниам вели: **срцето е татковина на љубовта, умот нејзино засолниште** – за сеќавањето и за поетите не рече ништо. Јас знам каде ќе те барам и каде ќе те најдам, во твоите песни и сеќавањата за тебе, ПРИЈАТЕЛЕ.

Превод од хрватски на македонски јазик:
Ана Витанова - Ринѓачева



Влатко Деков, *Праґа Инт̄има*



Влатко Деков, *Праґа Интима*

ГУНА

ГУНА

Мариета ДУКИЌ

ЕДЕН ДЕН ЌЕ СЕ ПРЕКРСТАМ СО НОВО ИМЕ

Ќе ги избришам насилно сите запишани усменија од наречниците,
ќе ги изгонам проклето сите стравови од безбожниците,
ќе се прекрстам без да знае матичарот и отецот,
ќе заминам како што доликува на човек -
без страдања и без викотници.
Еден ден ќе се наречам како што ме викаше синот.
Без да знае никој.
Без да знае никој.

РАЗМИНУВАЊЕ

Гледав во умртвениот прамен коса
пребројувајќи кој е следен за заминување,
не сетив како падна последниот лист.

ЗАЕДНИШТВО

Во иста пролет умре и црешата и таа што ја засади.

МОЛИТВЕНА

Таа ноќ стаклените очи на мајка ми
пресекоа тешка тишина.
Немо гледа како извива растреперен крик
испрекинато воздишка - па поглед,
молитвено заспав
наместо да постојам како пред икона.
Еден ден ќе го бараме уморот,
ситниот пролетен дожд
и простото неделно утро,
нивната значајност.
Еден ден ќе бараме допири и гласови
од кои порано сме се криеле.
Еден ден сосема тажно ќе бараме присуства ,
луѓе и денови кои ги нема.

ЕДЕН ДЕН ЌЕ ГО СНЕМА И МОЈОТ ЧОВЕК

Прашинка во очите што гребе при секое спомнување,
мирис на заборавена кошула врз столот,
изгубена лична карта во мојата стара чанта.
Марама која ја носи во десниот џеб,
лажица со која ја јаде пилешката супа,
перница на која спијат моите раце,
квака која ја затвора внимателно да не ме разбуди,

сето тоа, еден ден, јас проклето ќе го немам.
Или тој.

Од стихозбирката ***„Усменија“*** на Мариета Дукиќ

Снежана СТОЈЧЕВСКА

ПРОЦЕС: Без дијагноза

Како во видеоигра со многу нивоа,
како да бараш тајно богатство по тајна мапа,
како да си влегол во “Процес” на Кафка,
уште овој ходник,
уште оваа врата,
уште овој шалтер,
уште ова снимање,
уште овој упат
до друг оддел,
на друг кат,
на друга врата,
кај друг доктор,
по други скалила
за нов упат
до ново одделение,
за друго испитување,
за трето, шесто, десетто
во друга болница
по други ходници
со надеж дека одговорот се крие токму зад оваа квака,
зад оваа врата ќе ти речат ти не си за тука,
но нема да ти кажа за каде си
и нема да ти кажат дека смртта зема и без дијагноза
и дека светлината што ја бараш на крајот на болничкиот ходник
е истата онаа светлина што нè води на другата страна.

НЕВИДЛИВА БИТКА

Ѓаволот не се откажува од нас
до последниот миг се бори за нашата душа.
Во судните часови од животот на татко ми
се одвиваше невидлива битка.
Белиот Ангел го влечеше за едната,
а црниот за другата рака,
додека ние тројцата се обидувавме
да му ја смениме испотената блуза.

НА КРАЈОТ (2)

На крајот останува само лушпа,
отворена празна школка.
На крајот зборовите го заборавија,
повторуваше само “ајде” и “дај”
и рацете ги подаваше кон смртта
како новороденче кон животот.

Од книгата „***Ќе се завијам во џесни***“
на Снежана Стојчевска

Сузана МИЦЕВА

Раздолжување

Кога човекот ќе си замине
останува само тело.
Измиено до гола кожа.
Ќе му ги слечат титулите, дипломите,
ќе му ги одземат егото, костумот и
светнатите чевли.
И сиромаштијата и богатството.
Духот сам си оди.

Пред да згасне

Наместо да биде столб
да ги држи ѕидовите исправени
тој легна и стана греда во сопствениот дом.

Се искачи над својот немир –
круна на покривот,
оџак низ кој душите чадат.
И тогаш на ѕвездите им рече:
– Ниту еден сон не станал грмотевица,
дури и кога се раѓа во бура.
Тоа беше сè пред да згасне.

Магдалена

Во моето детство
берам дудинки од напуштени плантажи,
ги крстосувам како војник на стража
и по листовите и плодот познавам
која нива е за ракија, која за свилена буба.
Се пентерам по дрвјата и им ги слушам исповедите,
ги закачуваат црниците своите порази на гранките–
небаре знамиња распнати на јарбол.
Во моето детство,
патот до полето е послан со отпад
и води до бескрајни депонии
низ кои минувам без да дишам.
Истурена сиромаштија и неколку животи
распознавам низ стариот мебел на соседите.
Галопирам на запрежна кола
и црвен коњ впрегнат во неа,
до моето детство, до спомените.
Му викам на коњот да ме пренесе во стварноста –
младата дива кобила ја стегам за уздите:
– Магда, Магда!
Од другата соба истрчува ќерка ми.
Ме буди нејзиниот глас:
– Тука сум, мамо!

Убиец на гулаби

Секој ден истураше просо од скутникот,
две-три шаки ги распостилаше пред нозете,
потем го креваше резето
и ги пушташе гулабите да колват.
Кога замре песната и на последната птица,
клекна наземи и со раце го собираше
житото измешано со ситна песок.
Го замеси леб и го принесе на прозорецот.
Олтар ли беше, затвор ли беше – не знаеше.
Џелат ли беше, жртва ли беше – не помнеше.

Од книгата „***Тивко како молитва***“
на Сузана Мицева



Ниче Василев *„Сūокој“* ,
комбинирана техника (50 х 40 см.)

Габриела Мишел МИЛКОВА

КАЈ БАБА СЕКОГАШ ИМА ТУРСКО КАФЕ

Гледај ми на кафе, бабо!
Не, завршив со тие бајачки нешта
засекогаш.
Засекогаш?
Засекогаш.

Го испив кафето и го гледав
талогот што се спушта надолу
по филџанот.
Судбината ми се лизгаше по тие
линии на сега допиеното,
сега избразденото кафе.

Во секој филџан свежо турско кафе,
лебди пенест слој кајмак
напластен врз густиот црн опој
под него.

Секогаш без шеќер.
Секогаш без млеко.
Пиеш, сè додека
црниот пласт
не потоне
и ти ја исцрта
судбината.

Гледај ми на кафе, бабо!
Не, завршив со таквите нешта
засекогаш.

Но, кај баба секоѓаш има
ѿурско кафе.
Испарувачкиот здив ги потемнува бело
варосаните ѕидови.
Плетените милјеа секогаш имаат траги
од истурено кафе. (Се сеќавам како седи
и ги плете тие бели тантели пред години.)
Се разлева по белиот мек леб.

И моите заби така пожолтеа –
Со секоја голтка стануваа сè потемни.
А кога сум уморна
неговиот силен мирис пак го буди
денот.
Секогаш само таму, кај баба.

Не варам веќе турско кафе.
Овие ѕидови се премногу чисти и бели.
Одамна си ги избелив забите против
дамки.
Не јадам бел леб.
Не знам како да плетам.

Но, секогаш само таму, кај баба,
покриена со меко волнено ќебе,
потоната во прастарата фотеља,
пијам турско кафе и си ја гледам
судбината,
неразбирлива, како се тркала по
белиот
полиран ѕид на филџанот со турско
кафе.

Го плакнам филџанот и го мијам секое последно
зрно.
Го бришам и го ставам на сталажата.
Знам, за час-два, пак
ќе го пиеме заедно.

Превод и препев од англиски јазик:
Коста Милков

Мики ДЕЛЕВ

Читателу,
прочитај ги малите болки
на оние кои станаа мои
заради Твојот допир.

Не сакам други читатели,
не сакам друго уво
да ја слуша искрата на мојот страв
кој од восхит преминува во копнеж,
а потоа во љубов.

Читателу,
се исправам со телото мое
кое е само Твое,
иако е сето разболено
од мисли гордо изговорени:
возвишени или стишени.

Нека во Твојот глас
кој ќе ме прочита силно -
ја чујам мојата вистина,
моето ново тело:
поетично и воскреснато.

Да се научам на говор и пев
кои ќе ги милуваш само Ти.

Читателу,
прочитај ги и малите болки
на оние кои станаа мои
заради Твојот допир.

+

Ако не го жртвуваш
помалото -
како ќе научиш
да го даваш
поголемото?

Што е големо,
а што мало?
Со Тебе секое патување
е неописливо милување.

Нема надвор и внатре.
Има само светови
полни со блискост.

Во таквиот копнеж
не знам да бидам свој,
не знам дали оживувам
или замирам.

Каква е таа Истост
толку различна?

Во неа
болот е бол.
Тагата е тага.
Душата е душа.

Мојата, еве,
води љубов
со Твојата!

+

Уметноста била
само мала капка
на божјата љубов.

Премала,
безначајна капка,
иако во Него
значајно е сè.

Тоа да ти било
сето создавање,
сето обликување
на нови светови.

Уметникот творел
со божествена моќ,
иако често запаѓал
во немоќ.

Тоа го разбрав,
а сум неук
во Создавањето
кое е постојана
љубов.

Дека уметноста
е капка мала,
помала и
од една солза,
тоа го знам,
и сепак -
не ја отфрлам.

Денес го слушав Бах.
Каква музика!

Поголемо од неа
е ова пеење
на птиците
на мојот
прозорец...

Димитар АРНАУДОВ

Камчето од Елеуса

Ден 15.2.
Сретение Господово
Чекорам
по нерамни релјефи на крпена сиромаштија
Врз моите дванаесетгодишни плеќи
носам неотпакувани пластични кутии
испратени по карго
од далечниот Запад.
И светло е и топло
пред портите на
Елеуса.
Во едната рака држам вино и мед,
а во другата- позајмена книга „Така зборуваше Заратустра“.
Новото огледалце
што го носам во џебот од тесното
палто и што верно го чува словенското
слово насликано врз неговата сјајна
рамнина, се крши од ударот врз белото
каменче што сакам да го откорнам
од изгазената почва.
И страв и радост се будат
додека го подавам виното и медот на монахињата
којашто ми вели дека овде Исус има само дванаесет години.
Се оддалечувам две илјади стапки назад во времето
и во протечната планинска вода

ја мијам калта и ситните остатоци од пластика
од белото каменче
на коешто пишува Александар Трети Македонски.
Дваесет години подоцна
крпежот на сиромаштијата е искинат и отуѓен.
Пластичните кутии се отпакувани
и во нив нема место за Бог.
И темно е и студено
пред портите на
Елеуса.
Во десната рака го носам белото
каменче, а левата повеќе ја немам,
ми ја отсекоа машините што произведуваат двојни вредности.
Го ставам белото каменче во топлата
почва, а во остатоците од скршеното
огледало гледам новофабрикувани
идентитети.
Бог не е мртов - му велам на
Ниче. Тој има само дванаесет
години.

Април 1191, Курбиново

Бездимензионални евклидови точки
поврзани со искривени линии
на просторно временската закривеност
се нашите потраги по смислата и
среќата.
Во грч и бол
и бакарна чаша во мојот ранец
со стуткана банкнота од педесет денари
наменета за евтини цигари,
одбивам да го послушам татко ми
и наместо отров, купувам свеќа.
Одбивам да го послушам и Ками
чијашто книга себично ја стискам под испотените
пазуви.
Јас, тринаесетгодишник,
не сакам да верувам во бесмислата,
ниту пак дека таа најчесто завршува
со самоубиство или премногу
надеж.
Со години не сум сонил човек,
туку неприродно издолжени ангели
коишто лебдат во просторот
и се поклонуваат на малиот Исус.
Од свежо изораната нива
се шират мирисите на
историјата.
Нагазувам трн
и бавно чекорам со едната нога до портите на манастирот.
Сум заспал.

Сонувам како ме откопуваат
јас го вадам трнот од ногата,
а чашата е празна,
не сум ја изгасил жедта.
И моето тело е издолжено
точно 190 сантиметри.
Од рефлексијата врз бакарната чаша
препознавам царска облека,
пишува династија Комнен.
Се разбудив, а годината е 1191.
После мене, на прагот на
манастирот откопаа и двајца
архиереи - Ками и Достоевски.
Исус е сè уште мал
и е во прегратката на својата мајка.

Помеѓу селото и манастирот

Сенката од монашката ќелија
ги надраснува времињата
за повторно
преку ноќта без месечина да се
смали и да нема господар.
Тоа е така
и времето се скаменува, запира,
а и ние со него,

додека животот
раздробен од многуте вистини
го проголтуваат далечини.
Дните во монашко расо
ги одвлекуваа мигновенијата на надежите
во заточение.
Сам сум,
од мене се цеди студена пот.
Долу се закануваат долги дождови,
а селаните независни од туѓо милосрдие
го сфаќаа животот каков што е
и мечтаеја за некакви изминати дни
за мене непознати.
Очите на селаните
се на две поделена душа,
полна со радост при нова рожба
и очајание при разделба.
Зимата, без селански песни и невесела
музика се развлекува со матни
и кратковечни дни потонати во магла.
Како да се спуштам од некаква височина
среде манастирските порти
исправен врз некаква празнина
што ме одвојува
од солзите на моите предци
и подвижните гробови на раселените печалбари.
А тоа е така,
горчливи залаци на човечките патила.

Монашко утешение

Денот стивнува
во градите на осамената
планина, а бремето на минатото
се развлекува простум
и нурнува длабоко
во празен гроб од
мрамор.
Непребол си
што чека да се избави со молитви.
Светлината си ги распостела косите
позади големиот крст
на стариот манастир.
Станувам богомолец со презовриена крв
и чекам монашко утешение
под сенка на страв.
Ги испраќам сеќавањата
со рака подадена за
назад. Треперам.
Телото се распнува
помеѓу зовриената младешка крв
и кроткоста и смирението
на осамениот манастир
Ги растерувам мечтите и ничкум паѓам
на студениот под
во ќелијата
што чека да биде исполнета со покајание.

Катерина ГОГОВА

Штом денот во тебе згасне, песна на исток се раѓа

На Пекинг

Го гледаш ли сонцето,
стопен под Летниот замок,
дишеш ли од синомлечното небо
што ти ги голта очите?
Градот што го забрани собира столетија.
Старите порти попуштија под ѕвездите,
улиците потонаа во звуците на харфите.
Духот на светлоста ти крепи снага,
меѓу тебе и бескрајот
неброени камени скалила,
крвоток што брза
и лица полни месечина.

Безимен

Тонеш во молк кој нема име,
имаш раце и прсти и лик
ама немаш поглед, немаш здив.
Те сонував велам,
во првата вечност беше облак
и над глава ми се распадна,
во втората беше пат
и под нозе ми се распосла.

Дај ми да си пролет,
гранка под прозор,
прва солза, азбука, јунска топлина,
зима бескрајна, род и татковина,
единствена вистина, безимен,
стивни и покажи ми,
во која вечност одат
премолчените зборови.

Искра ДОНЕВА

***

Во мај дури и
кавга меѓу птици е
црцор и песна.

***

Куца гугутка
со едно ноќе рашири
крилја и летна.

***

Девојченце гали
полжавче - подаде
глава од куќичката.

***

Внука ми најде
рането скакулче – го
зема и скокна.

***

Секогаш љуби.
Срцето е најтешко
кога е празно. (губи)

***

Младо орле сум
турнато од гнездото –
за да полета.

***

Пролетно ветре.
Срце ми прескокна од
спомен некој жив.

***

Таванski spotlight.
Безброј бубалки ко
на денс подиум.

Видое ПОДГОРЕЦ

(хаику)

***

Често го посетувам изворот
крај овоштарникот со праски,
а сакам да го заборавам.

***

Нечитлив ракопис
по крајезерскиот песок:
бескраен есенски дожд.

***

Паѓаат цветни ливчиња
од дуњата крај порта.
Си ги бројам годините.

***

Затрепери воздухот
како нежни струни.
Птицата тагува за гнездото.

***

Празнично звони камбаната.
Над кубето летаат гулаби
како видливи звуци.

***

Невидлив поток во ноќта
тагата на планината
ја носи накај морето.

***

На листот капка роса:
во неа целото небо
со појас од виножито.

***

Скршив расцветано гранче.
Раката ми се претвори
во злосторнички меч.

***

Ноќе се затвораат цвеќињата,
а се отвора тагата:
часови на горка осаменост.

***

Првиот пожолтен лист
на крајпатната топола
ја изгони последната грлица.

***

Денот како бела птица
спокојно си починува
на врв од самотна топола.

***

Пред замин, на стариот орев
не вели му збогум татко,
може да се исуши.

***

Ѕвездите и цвеќињата
си ги смениле местата.
Јасна априлска вечер.

***

Штркот се огледа во барата
и одлета да и` се пофали
на штркицата.

***

Ѕвездата над лозницата
им го покажува
патот на орачите.

***

Под фенерот на месечината
сончогледите тивко
ги гасат кандилата.

***

Небото се извишува
за да му отвори простор
на стариот орев.

***

Штркот го лови
зрелиот портокал на сонцето
од дното на барата.

***

Горе минуваат облаците.
Долу минуваме ние.
Кој кого да жали?

***

Си заминаа ластовичките.
Над реката остана
празно есенско небо.

***

Небото - косена ливада,
луната - плашлива срна
трча од облак до облак.

***

Кого ли оплакува кукавицата,
кога нема
ни дом ни род?

***

Од локвата на патот
жедно куче
го излока небото.

***

Во китка од сув босилек
закачена на ѕидот
престојува душата на баба ми.

***

Над житата трчаат
црвени пламенчиња.
Булките цветаат.

***

Гласот на утот
ја мери
длабочината на ноќта.

***

Се наведнувам од вирчето
да црпнам грст ѕвезди.
Со кал ми се полни рацете.

***

Ноќната пеперутка цел живот
кружи околу ламбата
мислејќи дека е месечина.

***

На портата седи мајка
со доенче на градите.
Од небото ја гледа Исус.

***

Тивка шумска полјанка.
Соговорници ми се
лисјата и цвеќињата.

***

Една птица на моето дрво,
една пчела на мојот цвет
и ништо друго.

***

Не знам, зумбуле,
дали и идната пролет
ќе ме пречекаш тука.

Избор од хаику поезијата на Видое Подгорец:
Никола Маџиров, уредник на списанието
за хаику и кратки поетски форми „Мравка“

Митко МАЏУНКОВ

ДЕЦАТА НА СИТ

Обично се вели дека луѓето се по потекло од Каин, којшто си го убил братот или од Авел којшто бил убиен од брата си, што е еднакво болно. Стварноста е, сепак, малку поинаква. Луѓето не потекнуваат од нив, туку од Сит, третиот син што им го дарувал Господ на Адам и Ева, зашто праведниот Ное е токму негов потомок, како што знаеме од Стариот завет. Откако Господ ќе ги удави неправедните луѓе во сеопштиот потоп, ќе создаде нов, праведен свет со помошта на третиот син на Адам и Ева. Тоа е истиот оној трет царски син од народните приказни, познат како ќелеш, во кого отпрвин никој ќе нема верба, ни браќата, а ни сопствениот татко, но на крајот од приказната, како што знаеме, токму тој ќе го изврши јуначкиот подвиг, ќе му донесе на слепиот цар лековита водичка со којашто ќе прогледа, ќе се ожени со царската ќерка, па и самиот ќе стане цар.

Значи, луѓето не потекнуваат од убијци, туку од праведници. Но, зошто тогаш, по потопот, кога земјата веќе била исчистена не само од лошите луѓе, туку и од валканите животни и од неразумните билки, зошто оттогаш не зацариле убавината и правдата, туку оние коишто биле посилни, коишто можеле најбргу, највешто и најитро да го убијат својот брат и сè друго што им се нашло под ножот? Ќе речете, за да се овозможи борбата помеѓу доброто и злото, при што, од 100, на 49 поразени секогаш ќе има 51 победник. Но, тоа може да се каже и поинаку: на 49 убиени – 51 убиец. Се разбира, и тоа, како и сè друго, може да се оправдува со светското устројство што отсекогаш било такво какво што е и сега: мирно живеење, љубување и другарување додека не ни затреба војна во којашто ќе се исколеме. Можеби е тоа направено за да не биде здодевно на светот.

Темата, впрочем не беше таа дека човекот е лош, зашто таа не заслужува внимание. Темата беше друга: зошто човекот, кога е веќе таков, sвер, не си го признае тоа, туку сака да се направи инаков, добар? Можеби затоа што се чувствува субјективно чист? Како што ми рече еден познат поет пред многу години: „Не се бањам затоа што се чувствувам субјективно чист“. Во таа обична реченица, како што гледам сега, била скриена длабока филозофија.

Како што власта го расипува секого што е на власт, така и големата надмоќ на секој голем народ не може да се искаже, освен како моќ. Моќта ќе вишнее кон војна, во војната ќе се покаже сила, а силата ќе резултира со злосторства. Не само со индивидуални злосторства,

кога некој го убил пленикот затоа што му било тешко да го спроведе, туку и со колективни злосторства, кога цели народи се кренале против други народи решени да ги столчат и да ги изгорат во печки.

Кога ќе се поведе збор за биолошката бесмртност, секој се гордее што некои клетки од неговото тело преживеале од создавањето на првиот живот и што неговите материјални елементи се постари и од самото време, но кога ќе се сврти разговорот кон злосторници и убијци, никој не признава колективна вина. А сепак, никој не е набран од дрво како Дендридите, туку е роден од мајка којашто имала мајка, којашто имала мајка. Злосторствата не се извршени во времињата пред потопот, туку вчера. Зошто тогаш никој не го признава своето генетско соучество во нив, кога веќе се возгордеал со својата генетика во поглед на очите, кожата, косата, здравјето? Тоа е реторичко прашање, но и да е реално, одговорот би бил прост: затоа што убијците се силни, а жртвите слаби. Не победил Авел, туку Каин. Не победил праведниот Ное, туку оние коишто ја поразиле неговата праведност. А поразениот е секогаш поразен, како што е и победникот секогаш ист. Ист е по својата неуништлива сила. Ако доживее момент на слабост, кога ќе биде поразен, како вистински воин, тој можеби ќе го признае својот пораз, но потоа ќе закрепне и пак ќе почне да се рита и да војува. И од тој момент повеќе нема да ги признава своите злосторства. Колективна доблест има, но колективни злосторници нема. А, ако некому, сепак, му затребаат колективните злосторници, тие секогаш ќе се најдат меѓу слабите и поразените.

РОДИТЕЛИ

На лицето во крупен план му се познава секоја пора на кожата. Тоа е татко му. Мајка му, додека беа помлади, понекогаш ќе речеше:

- Само јас да си отидам прва!

Таа многу го сакаше својот домаќин и не можеше да замисли да живее без него; ниту пак веруваше дека би можела да се снајде, зашто таква си беше, вљубена и неспособна. Но, кога поминаа години и кога подостареа, таа стана свесна дека ни тој не би можел да опстане без неа, зашто ќе нема кој да му дава апчиња. Па, тогаш почна поинаку да зборува:

- Кога би паднале заедно со авион во морето!

Но, ѝ беше жал за другите патници. А и како да се качат во авион, кога немаат нозе? Прости женички и едни никакви патуваа насекаде, а тие беа врзани за дома. Мажот ѝ падна в кревет, така што, таа престана да споменува и авиони. Почна да верува во бајки и да се надева дека би можеле да умрат заедно насон – тој во постелата, а таа покрај постелата.

Тој како син беше загрижен. Постојано рашетан по светот, во една држава се будеше, во друга работеше, а во трета заспиваше. А и кога ќе останеше во

својот град, повеќе беше во кола или на работа, одошто дома. Работата му беше тешка и одговорна, а семејството чекаше да се донесе. Откако ќе се вратеше дома, одвај ако му останеа петнаесетина минути да се истушира, па во кревет. Мачен успешен живот за каков сонува џганот!

И покрај сите титули, остана старовремски син, приврзан за родителите. Толку ги сакаше, што секојдневно им се јавуваше по телефон, обично од кола, зашто инаку немаше време. Мајка му бодро ја одржуваше врската, а се огласуваше и таткото, да не се создаде сомнеж во врска со неговата неподвижност. Синот им предложи да отидат на одмор, сами, додека можат, додека има време, зашто кога ќе се раздвојат, ќе почнат проблемите.

- Белким нема да се раздвоиме - рече мајката.
- Како мислиш да ги победиш природните закони? - праша синот.
- Колај работа за природните закони, ние сега си имаме работа со неприродните - рече мајката.
- На што мислиш, да не ви се разработи сексот?
- Пушти-пушти! - се пожали мајката.

Синот праша за здравјето на татка си. Тој го знаеше како тежок човек кај кого нема лесни муабети, па повеќе комуницираше со мајка си, со која можеше и да се пошегува.

- Како е?
- Секое утро му налевам виски во водна чаша, во последно време сака да испие по една на гладно срце - рече мајката.
- Ајде! Значи, добро ви врви?
- Моментално е на рекреација - рече мајката за таткото. Трча по улиците и мери која колку чекори има.
- Се мери со стапки, а не со чекори - забележа синот.
- Нели е тоа исто? - праша мајката.
- Може и така да се каже - рече синот кога застана на паркингот. Кога ќе дојдете на гости? До кога ќе ве молам?
- Сега сме зафатени - одговори мајката.
- Што треба да кажам јас ако сте вие зафатени?! - ѝ се врекна синот. Со што сте зафатени?
- Сега и двајцата учиме да летаме - рече мајката. Се запишавме на специјален курс. Штом ќе доучиме, ќе долетаме кога најмалку се надевате, биди сигурен во тоа!

АНЕГДОТА ЗА ИМЕТО

Едно утро некојси човек поминувал покрај еден училиштен двор каде што си играле деца, ученици од основно образование.

Едно дете трчало по друго и му викало налутено:„Чукиќ, Чукиќ!“ Човекот помислил дека првото дете го довикува другото по презиме, а ова бега затоа што се скарале за нешто. Но, детето што бегало викало дека тој „не е Чукиќ“ и се бранело од своето презиме како од најголема навреда или како да го маваат со него небаре со камен. Човекот сфатил дека детето што трчало по другото дете не викало *Чукиќ* туку *чукиќ*. Тоа не довикувало по презиме, туку употребувало општа именка што собрала во себе многу навредлива содржина. Тогаш човекот се сетил во што можела да биде работата.

Во текот на војната околу распаѓањето на Југославија, во националната телевизија работел некојси Чукиќ, како новинар и главен уредник на Дневникот. Веројатно поради реакциите на родителите („Види го овој Чукиќ!“), децата презимето го прифатиле како општа именка и како пцост, како метонимија што ја собрала на едно место силината на сите дотогаш познати пцости. Во училиштето покрај кое, тоа утро поминувал човекот, учело и детето на новинарот Чукиќ, но неговиот син не сакал да биде *чукиќ* и се бранел и бегал кога го викале така. Неговото презиме повеќе не го именувало него, туку се претворило во пцост, закана и презир, па детето не сакало да ја сноси неговата тежина.

Така, човекот што тоа утро случајно поминал покрај еден училиштен двор, научил како настануваат зборовите, колку е важно името и зошто тоа треба да се чува.

Далибор ПЛЕЧИЌ

ПРОСЕВАЊЕ

Попладнето Павле брзаше да стигне што побргу дома од работа и во еден здив да си ги измие рацете повторувајќи го опсесивниот ритуал на триење со глицеринскиот сапун, да се избрише со сината крпа, да излезе од бањата, оставајќи не повеќе од десет и не помалку од три капки вода на црните плочки на подот, да изеде една банана, да се измери на електронската вага, да го најде некако својот кошаркарски дрес, па својот ортопедски стегач за истегнат колатерален лигамент на коленото, да наполни едно шише со вода, да ги спакува сите работи во ранец, да слезе во подрумот, да го земе велосипедот, да види дека предната гума е малку издишана, набрзина да ја напумпа, да се качи на велосипедот, гледајќи во часовникот и да помисли: *ѿууу...ѻак ќе задоцнам!* Потоа да го сврти нагло педалот, да излезе синџирот од механизмот, да го намести и да помисли како пак ќе оди со мрсни раце, да се качи конечно на велосипедот и кога ќе се спушти по благата удолнина на мошне тесната, а сепак раздвижена улица, најпосле да земе уште еден здив.

Само на велосипедот Павле беше смирен и спокоен. Сè пред и потоа беше брзање, мавтање со раце, нервоза, стрес, помагање на брчките да ги стасаат неговите години, поттикнување на неговите клетки побргу да оксидираат. Павле не можеше да биде многу среќен како службеник во државната администрација, бидејќи неговата работа беше најблизок пријател со редундантноста на секојдневицата.

Неговите соработници беа преполни во стомакот со ќебапи и *лаѓер* пива за да го инспирираат. Колешките му беа со претешки задници од седење и обилни мрсни појадоци и повеќе личеа на столовите на коишто, сè потешко се сместуваа. Павле не можеше да биде многу среќен и поради тоа што архитектурата за него не претставуваше пресметка на ситнокалкулантски урбанистичко - апашки претумбации во општинскиот буџет. Сигурно не беше ни потпишувањето легализација на нелегалните викендички, додатоци на балкони, наддадени куќички врз зградите, заземање на тротоарите од лакомите сопственици на локалите. Павле не можеше да биде премногу среќен и од начинот на којшто луѓето околу него го разбираа животот, од стегите на паланечките плеоназми претворени во микро правила на однесување, научени фрази, повторувачки гестикулации. Не, Павле не беше многу среќен во градот во којшто живееше. Се чувствуваше како кокошка во мал

кокошарник, којашто постојано се врти во круг, бара некое зрно, некоја трошка на просо по ѓубрето, трошка што не му треба. Мислеше дека светот се случува на друго место, надвор од неговиот видеокруг, во некој воздух чиешто струење неговите клепки не можат да го сетат.

Сепак, Павле беше некако мирен на својот велосипед, дури и во такви околности кога мораше да брза за да стигне навреме или макар со пристојно доцнење на тренингот на Кошаркарскиот клуб „Ветерани“. На четириесет години Павле не беше ниту вистински ветеран, ниту можеше да биде активен спортист. Тој мораше некако да се помири дека не е ни таму ни ваму, ниту е доволно стар да мисли на гроб, ниту е доволно млад да брои ѕвезди. А на велосипедот пак, и кога брзаше, Павле некако беше свој, полетен и вдахновен. Иташе како видра низ тесните премини, помеѓу автомобилите и пешаците, користеше пешачки премини, коловози, виспрено ги заобиколуваше стотиците неправилно паркирани автомобили, немарните возачи коишто свртуваа без трепкач, непромислените патници коишто, без да гледаат, ги отвораат вратите, замислените средовечни луѓе коишто размислуваат за иднината како да е нивно минато, наконтените млади девојки коишто нивната немарност длабоко ја вткале во нивните несмасни, но безобразно горди чекори, средношколците на коишто пубертските мозолчиња наликуваа сè повеќе на пиксели, мајките коишто со едната рака туркаа бебешка количка, а со другата типкаа на мобилен.

Павле беше како риба во вода на неговиот велосипед. Забораваше на сè што му ги мори мислите, на тоа дека без некој подкаст на слушалките не може повеќе да заспие, на разговорите со својот терапевт. Павле и тој ден се почувствува како и секогаш - слободен на велосипедот. Го заузди со своите ковчести раце, го прегна, стисна силно во петта брзина со големите му стапала, ветерот му ги вивна веѓите нагоре и ги насолзи неговите сини очи. Павле го почна својот танц по градските улици, скокна од тротоарот со старите гуми неколкупати, задржа баланс над лошо направените дренажни одливи, го избегна контејнерот за кој сите знаеја дека тука не му е местото, го помина стариот долгокос питач, го отпоздрави соседот, се изви низ кривата патека и излезе на правата улица, го остави кормилото како и секогаш досега само да се држи, закопчувајќи ја својата шушкава јакна со двете раце помислувајќи колку е студено. Повлекувајќи го патентот нагоре, само за миг, за еден многу многу мал, микро, невидлив, безначаен, скоро непостоечки сегмент од просторно-временскиот континуум, Павле го сврте погледот кон еден минувач за кого не знаеше дека се вика Игор и дека едвај ги влече своите екстремитети кон зградата зад аголот, за да ја гушне својата толку потребна хоризонтала. Игор се проѕевна. Павле го врати погледот напред, го закопча патентот на виндјакната, мозокот се подготви да му даде сигнал да ги врати рацете на кормилото, но наместо тоа, неговата уста рефлексно се отвори широко проследено со длабоко вдишување воздух, по што следуваше продолжено издишување со контракции на мускулатурата на лицето. Неговата евстахиева туба се затна со што се сепна врската меѓу голтникот и средното уво, што привремено ја намали острината на

неговиот слух, за потем да следи акт на голтање. Рацете на Павле беа махинално на неговата уста. Предното тркало на неговиот велосипед удри во некаков тврд метален предмет и Павле после неколку метри летање, превртување, преку многу звуци на запрепастеност и страв се најде во градската болница на кревет што беше многу помал од неговиот кокошарник со рани што беа многу поинтензивни од зборовите на здодевните луѓе коишто секојдневно ги срекаваше. Следното утро во левата рака го држеше телефонот и листаше вести, налета на една којашто ги опишуваше причините за зевање. *Проѕевање - експертите велат дека човекот зева во ситуации кога нашиот мозок доживува „преоптоварување“, односно кога „ќе се прегрее“. Зевањето придонесува за „ладење”. Дури неодамна, францускиот семеен лекар Оливие Валусински го издаде првиот прирачник по ова прашање, со наслов: „Мистеријата на зевањето во физиологија и болест“.*

Марко тоа претпладне беше преуморен и нетрпелив да се занимава повеќе со расипаната шахта на улицата. Се проѕевна и нервозно го фрли металниот дел кој веќе не му требаше. Фрлајќи го, пак зевна и помисли толку гласно што неговите мисли можеше да ги слушне и неговиот брат во Франкфурт: „Нека го тргне некој кој е поплатен од мене, ама ич не ми гајле“. Се исправи и поита кон најблиската обложувалница. Мислеше на коефициенти, веројатности, случајности и пари. Пак се проѕевна пред да влезе.

Надица ТРАЈКОВА

ДВЕ СТРАНИ НА ИСТА ПАРИЧКА

Селото беше преполно со луѓе коишто си ги вршеа секојдневните работи, а тие не беа многу, зашто веќе ги најде декември и немаше посев. Но сè уште си имаа задолженија. Жените додаваа дрва на огнот за готвење или се грижеа за стоката, додека мажите, облеани со пот, и покрај временските услови, го поправаа покривот на една куќа што беше зафатена од пожар. Останатите куќи немаа такви гајлиња; беа како мали карпи со покрив од шкрилец, а снопчиња чад полека излегуваа од оџаците како мрзливи змии.

Секојдневието на селото го наруши само туѓинецот што полека доаѓаше по смрзнатиот земјен пат. Додека таинствената фигура со качулка минуваше покрај првите куќи, селото го заплисна молк како огромен бран. Не се слушаше дури ни детскиот џагор.

Беше сосема тивко, освен смирениот звук на коњски копита што се приближуваа.

Лицето, коешто седеше на еден од црните коњи, ги помина куќите и застана кај првата група селани. Со грациозност, небаре припадник на највисоките општествени слоеви, лицето со наметка доскокна на цврстата земја.

Додека мажите внимателно го гледаа човекот што приоѓа, ги обзеде чувство на зачуденост како кога ќе се здогледа жена којашто сама му приоѓа на село како нивното и тоа среде зима.

- Добар ден, добри луѓе! - го слушна глас зад големиот, дебел волнен шал, а набргу го видоа и затскриеното лице кога жената го спушти шалот од долниот дел од својот лик.
- Добар ден, како можеме да Ви помогнеме? - праша највозрасниот маж кога таа ѝ пријде на групата.
- Ми рекоа дека во селото има меана. Точно ли е?
- Да, продолжете по главниот пат и ќе ја видите! Над вратата виси дрвен знак.
- Благодарам!

Жената кратко се поклони и ги поведе за уздите двата црни коња кон нејзината цел.

Мажите и сите околу нив почнаа да мрморат откако помина чудната жена. Всушност, таа не беше жена. Лицето под качулката беше обично, но изненадувачки младо; немаше повеќе од осумнаесет години. Нејзината кафеава коса стрчеше

од качулката и паѓаше околу тркалезните зелени очи. Но, што прави девојка со толку висок статус, сосема сама, во олку зафрлен дел од земјата?! Ја гледаа додека виолетовата волнена наметка на рамењата павкаше на сè посилниот ветер.

Селото повторно почна да се раздвижува, а детската љубопитност стана несопирлива. Набрзо девојката беше опкружена со деца коишто неуморно "ја бомбардираа" со прашања.

- Како се викаш?
- Хеката - девојката со нежна насмевка му одговори на детето што праша.
- Од каде си? - уште едно љубопитно прашање.
- Од јужните краишта на кралството.
- Што правиш овде? - праша девојче со медова боја на косата.
- Патувам.
- Не ти е страв? – прашаа љубопитните дечиња.

На оваа забелешка девојката ја крена веѓата.

- Зошто би ми било страв?
- Има чудовишта во шумите, никој од другите села не ти ка...

Детото го прекина постара жена со рака врз устата.

- Извинете, но малиот не знае кога да замолчи - рече жената со извинување.
- Не грижете се, во ред е, децата се љубопитни по природа, тоа е навистина прекрасно.
- Јас сум Ада. Јас сум меаџиката. Слушнав дека барате сместување.
- Да, би сакала да останам во вашето село некое време.
- Како сакате! Дојдете со мене!

Ада се сврте и полека тргна кон меаната.

Пред да влезе, Хеката појде кај коњот натоварен со патните торби. Пробуричка во една од торбите и извади неколку портокали. Им мавна на децата повикувајќи ги да да дојдат и наскоро плодовите ги гледаа главчиња вперени кон неа, очи полни со љубопитство ги гледаа плодовите.

- Повелете, по еден портокал за секого!
- Благодариме, госпоѓице! - едногласно рекоа децата и избегаа да ги јадат цитрусните подароци. Освен едно. Најголемото, а веројатно и највозрасното момче во групата.
- Јас ќе се погрижам за коњите, јас сум синот на Ада.
- Колку добар, вреден син! Навистина сум благодарна.

Се насмевна и нежно го погали по главата. Момчето поцрвене во лицето како булка.

- Нема проблем.

Откако ги ослободи коњите од кабастите патни торби и влезе низ вратата на меаната, Хеката наиде на мало, но пријатно претсобје. Огнот што крцкаше во каминот ја исполнуваше собата со топла атмосфера, вообичена за ваквите селски меани. Дрвени скалила водеа до

собите на катот, додека мирисот што доаѓаше од втората врата во претсобјето укажуваше дека е тоа кујната.

- Извинете за непријатноста, но немаме многу големи соби што прилегаат на дама како вас. Ако сакате...
- Нема проблем, доволна ми е најмалата соба што ја имате доколку е чиста - одговори Хеката.
- Како ќе кажете. Колку ќе останете?
- До следната полна месечина.

Одеднаш жената ја изгуби сета топлина и гледаше во Хеката со страв и замор.

- Мислам дека не е паметно. Сигурно сте ги чуле приказните за нашето село... – внимателно рече жената.
- Така е. Токму затоа сум овде.

Сега жената веќе не можеше ни да ја гледа.

- Не сум сигурна дека може да останете овде...
- Ада! - викна машки глас од кујната. Жената сака соба и ќе ја добие. Не нè засега што ќе прави во нашето село ниту до кога ќе остане - строго продолжи гласот.

По неколку мига, голем, крупен маж излезе поднаведнат низ вратата.

- Под услов да не направи никаква штета - рече со опасна насмевка.
- Верувајте ми, ќе ве оставам намира како што ве најдов! Се колнам во мојата чест! - топло се насмевна Хеката.
- Јас сум Блез - рече тој со подадена рака. Мило ми е, госпоѓице...!
- Хеката! - ја извади раката под виолетовата наметка и се ракуваше со човекот.
- Одлично! Жена ми Ада ќе те однесе до собата.
- Благодарам што ми дозволивте да останам! Ќе се помолам за вашето семејство.

Жена му молчеше во текот на разговорот и гневно ги гледаше мажот и Хеката. Го зеде багажот на Хеката и без да изусти збор тргна нагоре по скалите.

- Оваа е Вашата соба - студено рече Ада и пред Хеката да ѝ се заблагодари, се сврте и се симна по скалите.

Кога Ада се увери дека Хеката ја затвори вратата од собата, го повлече Блез во кујната.

- Си полудел ли? - му заржа. Сите го избегнуваат селото година ипол откако се појави чудото, а тебе воопшто не ти е сомнително што ќе остане до полна месечина! Што ако и таа е некаков демон? Ако умре уште некој во селото, ќе те проколнувам дури и во пеколот.
- Не би направила нешто такво - смирено одговори мажот.

Ада беше целата накострешена. Ако сега не му ја скрши главата, нема никогаш.

- А како си толку сигурен?

Блез ги отвори прстите на левата дланка и ѝ го покажа предметот.

- Ова е доволно да ме увери - рече и ја крена паричката со два прста.

Ада внимателно ја зеде, со страв дека ќе ѝ нанесе зло. Паричката беше сребрена и блескаше на последните зраци од денот што навираа низ кујнскиот прозорец. Ада само еднаш во животот имаше видено таква паричка, но таа сепак остави длабока трага на неа. Паричката беше обична, без детали, освен избледената слика од крст на обете страни.

- Кога ти ја даде? - збунето го погледна сопругот.

Големиот мустаќ на Блез весело затрепери.

- Не ти беше чудно што се ракував, наместо да ѝ бакнам рака на таква дама?

Ада немо стоеше, размислувајќи за прашањето што ѝ го постави мажот.

- Не е благородничка, нели? - збунето го погледна.
- На некој начин е, на некој не е - загадочно се насмевна, ја бакна на чело и продолжи да го подготвува месото.

***

Помина една недела од нејзиниот престој. Најпрво ја гледаа со недоверба, но децата почнаа да уживаат во нејзиното друштво. Потоа и постарите почнаа да навикнуваат на нејзиното присуство. На повозрасните девојчиња им го даде накитот што го носеше, а на помалите им даде куклички полни со лаванда и памук.

Дел од предметите, тревки, прехранбени состојки и други дребулии ги менуваше за сушена и посолена храна што ќе ѝ се најде до крајот на патувањето.

Како што минуваа деновите, разбра дека на почетокот селаните се варделе од чудовиштето, така што му давале овца секојпат кога ќе се приближело до селото. Но, со текот на времето, sверот станувал сè понезаситен. Му давале како жртва повеќе од една овца, а sверот уште повеќе им додевал. Стравот растел секој ден и врвот го достигнал кога исчезнало едно дете.

Дванаесетгодишното момче било одвлечкано во мракот на шумата кога го пратиле да донесе дрва за огрев. Оттогаш никој не се осмелуваше да го напушти домот по стемнување и кога sверот е повторно гладен. Факели и огнови беа запалени околу целото село, со надеж дека така sверот и темнината нема да припарат.

Хеката ги слушаше нивните маки и ги тешеше дека таа ќе ги ослободи од чудовиштето и ќе го најде исчезнатото дете, но на селаните им беше тешко да поверуваат.

По првите неколку дена, одвреме-навреме ноќе слушаше завивање од шумата. По првата ноќ сите ја прашуваа со тивок и уплашен глас дали чула.

Таа рече дека завивањето било најпријатното нешто што го сетила во животот. Она што на селаните им звучеше како завивање од кое мрзне крвта во жилите, за неа беше нешто најблиску до дом во номадскиот начин на живот. Ако за нив тоа претставуваше очај, за неа тоа беше надеж.

Деновите врвеа, а Хеката почна полека да се подготвува за искушението што претстоеше. Често се заклучуваше в соба и излегуваше само за време на оброците и ноќе кога неколкупати го обиколуваше селото и ги набљудуваше околните полиња и шумата. Со внимание ја бараше големата сенка која, како што минуваа ноќите, стануваше сè похрабра. Минатата недела се сретна со Блез во претсобјето.

- Блез, може ли да те замолам за услуга?
- Се разбира - човекот зачудено ја погледна.
- Ќе биде ли проблем селаните да направат повеќе огништа и факели кон шумата? Мислам дека тоа ќе помогне sверот да остане подалеку. Но, мора постојано да ги држите на око за да не изгаснат.
- Ќе видам што можам да сторам.

Блез си ги сучеше мустаќите и ја остави сама со мислите.

Селаните се спротивставија на таа идеја, со образложение дека во тој случај ќе имаат уште помалку дрва за огрев, отколку сега и дека ќе смрзнат од студ ако се покаже дека планот на Хеката е неуспешен. Набргу фатија да се шират обвинувања за вештерство и обожавање на демони, но сè замолкна кога селските старешини и Блез го кренаа гласот и им наредија на луѓето да го почитуваат планот на Хеката.

Хеката беше човек што никогаш не чувствуваше притисок, ниту немир во врска со работата, ниту пак во која било друга околност. Но, како што дните наближуваа и месечината стануваше сè пополна, ваквото расположение на Хеката почна да се менува. Секоја ноќ сè повеќе ја јадеше јansa.

***

Нејзиното последно ноќевање во селото влеваше надеж. Следниот ден небото навестуваше снег и како што сите очекуваа, се разбудија со мека, бела покривка врз веќе заледената земја.

Хеката го помина денот со селаните, знаејќи дека тие се нејзините последни часови со нив. Со дикат ги слушаше приказните и мудрите зборови на постарите. Но, се дружеше и со децата, им раскажуваше за авантури од далечни земји и кралства, ги играа омилените игри.

Последните мигови ги помина со Блез, со кого пиеше медовина во празното претсобје на меаната, споделуваше размислувања за работата и новости од другите вилаети на кралството. Се потсетија на минатото и евоцираа убави спомени.

Тој ѝ помогна кога ги подготвуваше коњите за заминување. Ја имаше најблагата насмевка што човек од негов габарит може да ја има.

- Се радувам што пак се видовме.

Хеката кимна со главата и ги поведе коњите од шталата, но ја совлада желбата да се сврти. Фрли поглед на џинот од човек што стоеше во сенката на шталата и се стрча назад, џиткајќи му се во топлата прегратка.

- Беше многу малечка кога те вртев вака во воздух - промрморе тој и за миг замолкна.

- Мило ми е што ништо не се сменило - рече таа со насмевка.
- Се надевам дека ќе се видиме наскоро, Блез - шепна Хеката и слезе наземи.
- Варди се!
- И ти исто! До следниот пат.

Како што се движеше низ селото, деца, жени и мажи ја испраќаа сè до границата каде што беа наложени огништата. Потем низ полето проаѓаше сама.

Ноќта само што беше паднала кога стигна до работ на шумата. За последен пат се опули кон толпата збрана на крајот на селото завиено од снег, се насмевна и се нурна во темницата со коњите - нејзината единствена придружба.

Шумата беше сè погуста и помрачна, а таа ги затвори очите и ја сосредоточи енергијата што ја насобра престојувајќи во селото. Малата топка од светлина околу раката се одвои од неа и полека го предводеше патот низ жбуњето, фрлајќи снопја сино-жолтеникав блескот врз кората на околните борови и врз свежиот снег.

Блескотот губеше од сјајот, па коњите стануваа сè повознемирени и им беше страв да одат подлабоко. Хеката знаеше дека тоа е местото. Само да биде таа. Внимателно погледна наоколу, во потрага по најмал знак на движење.

За кратко време, крупна фигура се поддаде меѓу обелените дрвја, бледа контура во сенишната шума. Две жолти очи светеа како жарчиња во ноќта. Две жолти очи беа вперени директно кон неа. Хеката вдиша длабоко и зачекори напред.

- Мејв! – прошепоти и застана. Те молам, дојди, врати се! Ми недостигаше! – продолжи Хеката и осети како гласот ѝ запнува в грло.

Џиновското суштество налик на волк се ококори кон неа, го наведна телото и јурна.

Хеката смрзна, мускулите се противеа и при најмало движење. Можеше само со страв да се џари кон sверот, кој требаше да ѝ биде сестра, како јуриша кон неа. Неколку секунди пред врколакот да го мине патот, таа замижа и молчешкум се помоли за задгробен живот.

Го почувствува мекиот, студен удар на снегот под телото. Но, наместо заби и канџи да ѝ го распорат телото, наиде на нежна прегратка и мирис што ѝ беше познат од дете.

Во очите ѝ навреа солзи што ѝ се затркалаа по лицето, а усните ѝ затреперија од возбуда.

- И ти ми недостигаше, сестричке моја!

Длабокиот, милозвучен и познат женски глас конечно ѝ прозборе, се чини по цел еден век.

Хеката ги отвори очите. Пред неа беше Мејв, онаква каква што ја имаше во сеќавање. Со нескротливата коса со боја на медовина и дивите зелени очи. Бла-

гиот допир на Мејв ја зашемети додека нежно ѝ ги бришеше солзите од лицето.

- Жал ми е за сѐ! – рече Мејв.

Гласот на сестра ѝ беше набиен со тага. Таа никогаш не била толку растревожена.

- Ќе се заборави, како солзи на дожд - Хеката се насмевна.
- Момчето сѐ уште е живо - промрмори Мејв. Само ми требаше пријател. Можеш ли да го вратиш дома, сестричке?
- Да, мајка му сигурно ќе биде пресрекна – рече Хеката.
- Тогаш време е да си одиме дома, сестро! – предложи Мејв.
- Така е! - со озарена насмевка Хеката ја прегрна сестра ѝ.

Наташа ЦОНЕВА-ЛАЗАРЕВСКА

МИРИСОТ НА „БЕКУТАН“

Додека лудо се возеа во црвен кабриолет, таа избезумено со погледот бараше каде се наоѓа. На задното седиште две возрасни жени споулавено се смееја, но таа не изрипа од седиштето за да ги предупреди...изрипа препотена од непријатниот сон. Погледна лево, сопругот ногата ја беше ставил врз нејзиното отрпнато тело, десно, неговите чорапи беа ставени под нејзиниот нос. Повторно. Не ја вознемири таа глетка, вообичаено било тоа во бракот, не можеше да придојде од сонот. Стана пред алармот. Се измолкна внимателно, отиде во собата кај дечињата и длабоко го вдиша спокојот на нивниот здив измешан со мирисот на „Бекутан“.

Тоа утро во неговиот стан уште од рани утрини мирисаше на пржено лепче. Мразеше што мора и неговата проќелава глава да замириса на тој ужас, но сопругата инсистираше тој да има барем поздрав појадок од мрсните десетки или пржени крилца. Поевтино е домашно приготвена храна, можеби ќе заштедат за тој проклет стан за снаата, синот и милите внучиња, за да не се гужваат во овој двособен кафез. Таа се облече и замина:

- Мамо јас одам на работа, имаш макарони, можеш да им свариш. Тој е од десет. Да...ајде, мамо...не!. Рано си дојде синоќа, направи палачинки. Децата многу се радуваа.

Лажеше по стоти пат. Со сите сили ги правдаше неговите излегувања со другарите, неговата незаинтересираност. Ја титна електронската картичка за евиденција на вработени и виде дека половина од конфекцијата „Рамос” е празна. Мобилните телефони на жените беа овде, а нив ги немаше. Една дури и влошката си ја оставила. Чудно!

Тој сонлив отиде кон клозетот.

- Зафатено!- викна женски глас. Повторно. Се облече, се напрска.
- Ајде, побрзај, на работа сум! Само што викна од клозетот, излезе снаата со мобилниот. Ни вода не пушти, насмевнато му рече:
- Добро утро!
- Добро утро! Извини, мислев свекрвата ти е.

Младата жена веднаш продолжи кон свекрвата:

- Ммм, што слатко мириса! Да пробам.
- Земи од овие! Тие се за децата. Не, не од тие, од овие!
- Ама јас сакам попржени. Ќе земам едно.

Таа попушти и рече:

- Добро, земи! А другите, за да не ги снема ги спакува за сопругот во фолија.
- Денес тука се најлошите инспектори. Газдарицата рече да не седиме до пет, во три магла да фатиме, ако треба во недела ќе довршиме. Ајде, нека си одат побрзо, оти мамето ќе ни го разменат со неделите, нема да можам пиперот да си го оберам - ѝ рече колешката.
- Значи, затоа е празно, неосигурените маф фатиле! – сирна низ прозорецот. Лена фатила маса во кафеанката и со пивото во раце наздравува со колешките, смеа ќе ги отепа.

Веднаш го грабна материјалот и почна да го крои лицето. Без свртување со десната рака земаше и кроеше. Ги исклучи чорапите, сомнителните пораки на мобилниот од сопругот. Само ќе погледнеше низ прозорецот и со ведрината на своите седнати колешки ќе го истегнеше вратот против вкочанетоста.

Сопругата му ги стави пржените лепчиња во сиво ќесе без апликација и со бакнеж го испрати на вратата.

Кисело се насмевна и како да побегна од Алкатраз.

- Добро утро, колега! –слатко му довикна колешката, овој пат облечена во подолг фустан со привлечно деколте.
- Добро утро, Мими!
- Ајде, кафенцето ви е готово, шефе! - продолжи таа со истиот тон.

Тој во канта за отпадок надвор од канцеларијата фрли некакво сиво ќесе и со шармантна насмевка на детенце коешто сака да добие чоколадо, ја фати колешката за рака и ѝ рече:

- Планирај јадење денес со мене во девет и триесет. Може?
- Аман бе, шефе, се поправив од тие јаденици секое утро. После ќе морам секој ден на пилатес, а не само три пати неделно.
- Ајде, убаво ти стои!- искористи прилика да ја измерка од глава до пети.

Инспекторите со намќорести изглумени лица излегоа, широко пуштајќи го погледот низ полупразната хала.

- Не ти се дојдени сите работници денес? - праша еден од постарите.
- Не, господине инспекторе, сите се, ми фалат работници, едвај постигнувам. Де огласи, де ќе дојде некој да праша, ама нема заинтересирани. Не им се работи на луѓето, само се плачат дека нема работа, ама еве, видете! - одговори газдарицата скосено. Помладиот се упати кон неа:
- Здраво,тука ли работиш? Не сум те видел сто години. Не успеа да влезеш на дипломата? Штета! Таков добар студент беше, ако не беше ти, којзнае дали и јас ќе завршев.

Таа го анализираше со погледот и дури кога го заврши разговорот и текна:

- Жан, ти си...се променил.
- Се надевам на подобро - беше навикнал на ласкање.
- Да, се разбира - збунето продолжи.
- Се надевам ќе пиеме кафе некаде неделава, имаме толку многу за кажување. Ќе те најдам! - продолжи инспекторот без да ѝ даде можност за одбивање.

Низ прозорецот ги виде како заминуваат со црвениот автомобил. Газдарицата ги испрати со гласно кокетно смеење. Ѝ зазвони мобилниот. Сопственичката на конфекцијата отсечно ја погледа откога ја затвори вратата по нив.

- Враќај се брзо од работа, детето гори од температура, го барав твојот, ама не крева слушалка - испаничено ѝ говореше мајка ѝ.
- Извинете, морам да одам, детето ми е многу болно - рече таа вцрвенета од срам што се правда оти детето ѝ е болно.
- Ами како, на тој болно, на друг нешто друго - дрско ѝ возврати главната. Таа само си го соблече мантилот и замина. Од други искуства знаеше дека ќе ѝ скрати дневница од 250 денари, но пак ќе ја прими, оти немаше избор ни таа, ни оваа. Се качи во таксито и замина со желба да го прелета патот што побрзо од ова чудно возење на автомобилот.
- Извинете, сега ќе ви повикам друго такси, ова нешто дефект има од утрово – со пцовки помешани со присилни фрази на култура рече возачот и се паркира на транзитната улица. Зад неа имаше отмен ресторан, пред неа застана возилото со инспекторите. Таа исчезна во длабочините на својата душа. Мрачна, тивка, монотона...ја крена еден човек и ја внесе во еден автомобил, до него стоеше жената со привлечното деколте, избезумена мавташе со рацете, објаснувајќи за случката пред договорениот појадок.

Се разбуди во една бела установа, полна со пукнатини на ѕидовите. Лево гледа едно суштество од човек којшто згаснува со полуотворена уста, десно гледа младо девојче коешто се лулаше напред-назад како програмирана и мрдаше со усните како мајка ѝ кога кажуваше молитва, мислејќи дека никој не ја гледа.

- Мамо, не си се молела длабоко од срце, мамооо!.... - таа пушти силни солзи како река.

Мајка ѝ дојде и ја прегрна со блага насмевка којашто ѝ велеше дека сѐ е добро, дека сѐ ќе помине.

Во мигот на најсилната прегратка по преживеан мозочен удар таа праша:

- Како се децата? Мајка ѝ само кимна со главата. Зазвони телефонот, гласот ја праша:
- Како е?
- Се разбуди.
- Ааа! - како вообичаено му излетаа самогласките.
- Кога ќе си дојде, ја бараат ли децата? – праша. Во позадина се слушаше детска врева.
- За 21 ден. Мора да одам, докторот е тука – исклучи.

- Докторе, итно треба да се направат корекции во мозоците што нашле, па зашле, поради веќе зачадените канали од себесакање. Успеавте да создадете клонови, создадете и среќни мисли без хемија, без седативи! Емоции со мирис на ,,Бекутан“. Докторе, не бидете невидлив под белиот мантил! Спасете човек од сопствениот живот! Излечете го од самиот себе, или дајте упат каде да го бараме спасот од ваков безличен живот!

ОРОСПИЈА

Чудно кадраво сокаче. Од едно влегуваш и таман си мислиш дека е слепа улица и...ете излегува друга вијулига. Како некои чудни подземни води да ги беа понеле мислите на сите коишто живееја од почетокот на ,,Маршал Тито“ до ,,Иднина“ број 18. На долнината, пред една огромна куќа редовно седеа три бабички.Тие не дозволуваа да ги наречеш баби, но тие беа пензионерки и повеќе од фејсбукот знаеја што се случува на овој реон. Милан беше син на едната од нив, висок, здрав, прав. Со Зора важеа за најголема љубов во градот. Долги години прегрнати ретко влегуваа во ресторани, седеа, разговараа, од љубовта ги црпеа сите теми, а љубовта е неисцрпна. Зора и од студирање се откажа, само саканиот да не страда по неа. После набиените кругови во градскиот парк, факју, чаршијата, почна да ја носи дома, скришум, да не види мајка му, после 2 наутро, а ја испраќаше во 4.00 – 5.00 часот. Но, од првиот ден знаеја и трите бабички. Двете говореа со туфкање за срамот на Зора, а третата кога се приклучуваше, замолчуваа кривејќи со очите. Нивната историја беше мистерија, како живееле со мажите, Бог да ги прости, само тие знаеја и постарите соселани со кои имаа заеднички корени. Мајката на Милан ја насети ситуацијата и почна на шега да му дофрла:

- Сине, што планираш со Зорето, се гледате, нели? Мајка, донеси ми ја Зоре дома, единец си ми, еве на сосетките веќе внуците на училиште ќе им тргнат! Земи си ја! Сигурно и тие очекуваат, од мали сте заедно.
- Мамо, ај остави! Тоа е моја работа. Мајка ѝ на Зоре сака свадба, така си личело. Можеш ли да се испружиш 2 - 3 илјади евра, а? Еве, почнав со работа, ќе биде! - ја бакна во чело, да не ѝ го скрши атерот и си влезе во собата.
- Сине! - се завлече по него. Еве имам нешто од татко ти ако е до тоа. Може и едно кредитче да земеме. Само вие кажете! Иако изгледаше како да ја одбегнува темата, му беше повеќе од потребно помош за да не се влечат со Зоре по улиците, да си ја земе. Сè беше пресметано кај мајка му, иако единец, добро знаеше дека цела математика ќе му ја извади низ нос.

Од првата плата Милан ја однесе Зоре на летување во Грција. На брод најмен во Сантос, со придружба на

жива музика ја запроси клекнат на колена. Таа, изненадена од ваква постапка на домаќин човек, силно го прегрна и го прифати бракот како круна на својата глава. Воздржана, цел живот ја учеа како не смее ова, не е убаво она. Сигурно и другарките така беа воспитувани, но кога синџирот на младоста ќе попушти, резултат се бесни кучиња по улиците. Таа како изрод остана да лута околу синџирот на мудростите од старите. Кога ги слушаше другарките како ги минуваат ноќите, нејзиниот живот ѝ изгледаше како само да минува на филмска лента, а таа е само набљудувач. Набљудувачи беа и трите пензионерки од кои еден ден Мира се дрзна да каже на идната свекрва:

- Мори, вчера една што видов доцна во ноќта. Ме враќаа од терапија, нели за притисокот бев во Брза помош. Една, ама иста како Зорето, со мини здолниште над колената. Едно нааа деколте и брзаше некаде. Си помислив може твој Милан ја чека некаде.

Кога ја стегна нешто во срцето, таа за нејзин Милан, а Милан дома цела вечер ја преседе, ах тие девојки, ах тие бесни кучки...де ја стега, де ја тресе. Ако негира, сосетката ќе убедува дека е таа, ако потврди...најдобро е да потврди.

- Е, со Милан се чека, де! Што ти кажаа за притисокот? Пак ли лажна тревога? Шо си се претресела толку, тебе пушка не те бие, сабја не те сече.

- Арно излезе, 120 со 70. Ама лошо ми стана, една вртоглавица што ме фати.

- Еее, немало со кој муабет да си правиш и веднаш креваш галама - додаде третата.

Милан и Зоре излегоа и се поздравија со тричките.

- Каде млади? - праша едната од нив. По невестински фустан да не одите?

- Еве, излегуваме - рече остро Милан, само да ја спаси идната сопруга од повеќе испрашувања.

- Еее, ајде! - дозволија и трите една по друга.

И свадбата македонска помина со стотина гости. Со половина од парите младите уплатија дел од кредитот со огромна каматна стапка, со останатиот инвестираа за домаќинството, за катот. До тој момент свекрвата се повлекуваше пред одлуките на младите, но од првиот ден кога на Зоре ѝ се скрши левата потпетица на прагот... подземните води ги повлекоа надземните бури кои на кршлив, осетлив човек му навејуваат девет планини на душата.

- Ајде, нели пиеме кафе со мама? - понуди Милан уште второто утро.

- Добро, само да ги завршам овие пакувања, па викни ја!

- Како викни ја? - продолжи со паунов став. Ние ќе се симнеме долу. Облечи се!

Некој чукна на вратата тивко, па посилно и влезе.

- Еве, сега ќе се симнеме долу - рече Милан, како да се правда што доцнат. Таа само прашално кимна со главата како да бара информација

за местоположбата на Зоре. Тој покажа со прстот кон вратата кон која Зоре обегна да се облече, носејќи во рацете дел од пакетите што правеа неред. Мајката тивко му рече на синот:

- Не е убаво тоа,сине. Сама толку време те гледав, а таа ни мамо не ми вика. Еднаш дури не ме ни поздрави. Не беше таква Зоре, што ѝ се случи...сакаше да продолжи да ги реди недостатоците, да отвори бунар и да копа, да копа, но влезе Зоре:
- Добро утро. Кафенце, може?
- Да, долу, оти овде ви е хаос - одговори грубо.
- Како ќе кажете - одговори Зоре и се симнаа. Зоре ретко влегуваше во долните соби, а таму не ги беше забележала фотографиите на регалот, сите од нејзиниот Милан.
- Еее, овие не сум ги видела, злато. Колку си убав на оваа фотографија! И Милан да стане, се залепи старата:
- Еее, оваа требаше да му биде девојка на Милан. Татко ѝ е сопственик на ,,Интерсајт“, мајка ѝ началничка на кое одделение беше?
- Не знам, оставете ме, вести не сум гледал цела недела! - со далечинскиот управувач пушташе глас на црната хроника што се одвиваше во душата на младата невеста.

Бакнежите за добредојде со месеци останууваа зад вратата.

- Мама вели дека си почнала многу доцна да се враќаш од работа - ѝ дофрлуваше Милан на сопругата.
- Прибирај си ги штиклите! Жената ќе се отепала од нив пред вратата - продолжуваше.
- Добро, тоалетот вчера во шолјата си го фрлила и денес се запушила канализацијата.

Зоре прво што помислуваше на секоја прва средба со саканиот беше: - Ама!...

Секогаш виновна, подготвена да се правда, а во срцето стануваше купче. За среќа, желбата за детенце ѝ ја греше надежта, се надеваше дека тоа ќе ги смири односите меѓу сите во куќата, освежувајќи ја. Пуста семка не фаќа на озлобена почва опустена од вујулици на корави јазици.

- Снаата многу убав фустан облекла - префрли една од сосетките.
- Од ,,Манго“, подарок од мене, 2.999 денари - рече свекрвата, кипрејќи се.
- Мори, ти луда ли си? Толку пари за таков партал! Во ,,Тозо“ ист ваков чини 999 денари - лагата беше фатена на радар од другата.

Зоре наслушна на излегување, но молчеше. Ни дома не се пожали, никому не кажа.

Еден ден Милан избезумено вртеше кругови на катот. Неискусно држеше запалена цигара во раката. Влезе Зоре и ѝ се пушти:

- Кој ти беше тој, кажувај! Ми здосади веќе. На работа газдата постојано ве задржувал. Дете не можеш да ми родиш, а сега и со автомобили те возат низ градот.
- Ама...! - да одговори Зоре по илјадити пат.
- Излегувај одовде и не враќај ми се повеќе! - викна Милан, фаќајќи ја за ракавот.
- Немој Милане, не е како што мислиш. Каков автомобил! - плачеше Зоре веќе премалена од шамарите од зборови во оваа куќа. Ја истурка поцрвенета, изгубена во прашалници и на вратата само се размина со свекрвата којашто со полна уста гадости ѝ рече:
- Ороспија!

По три години Зоре помина низ улицата „Иднина“ со количка и мало детенце, само оддалеку поздрави три жени седнати на тротоарот. Жените си го прегризаа јазикот. На секои два-три месеца Милан носеше дома нова девојка тие шупливи три години и ниедна од нив не можеше да зачне. Којзнае?! Сигурно е од подземните води што ороспијата ја направија мајка далеку, многу далеку од нивното влијание.

Сашо ОГНЕНОВСКИ

ЖИВОТ БЕЗ ПОКРИТИЕ

Двете дами беа две сестри близначки. Кога беа девојчиња многу личеа една на друга. Како јајце на јајце. Се викаа Вера и Нада. Двете имаа по педесет и пет години, но едната изгледа како да има триесет и пет, а другата како да има седумдесет и пет. Нада е побожна и влегува во црква двапати дневно, а Вера е атеистка и бега од крстот. Нада понекогш јаде со калуѓерите, затоа што не може секогаш да си дозволи ручек, а Вера никогаш не јаде иста храна. И не чува вишок храна. Дури не им ја нуди ни на двата црни добермани што ѝ ја чуваат куќата. Тие си имаат своја храна. Едноставно ја фрла. Нада често готви по манастирите кога доаѓаат нивните празници, а Вера завчера ја набрка Љуба, нивната готвачка затоа што веќе остарела и ги пресолувала јадењата. Но, Вера и Нада некои работи ги прават исто. Исто дишат, исто спијат, исто плачат. Исто се смејат, а имаат и иста главоболка. Кога ќе ги фркне главата, се потсетуваат една на друга и сакаат да се јават за да се слушнат, но ете, не смогнуваат сила за тоа. И да ... и во инаетот се исти. Кога беа студентки, заеднички ритуал им беше секое утро кафе со чоколадно бајадерче. Ќе го испиеја кафето и ќе си дупнеа по една желба. Потоа се кикотеа на тоа дека желбите никогаш нема да им се исполнат. Еден дождлив ден, враќајќи се од факултет, тие се сокрија од дождот во еден мал ресторан. Сите масички беа зафатени, а двајца другари Зоран и Горан ги поканија на нивната маса. Така започна и нивната двојна романса. Вера се вљуби во Зоран, а Нада во Горан. Направија заедничка свадба. Беа среќни. По една година им се родија и првите деца. Тука започнаа и првите црнила. Вера роди синче, а Нада ја изгуби својата ќерка на породувањето. Горан беше многу несреќен. Озлобен и завидлив, постојано ја уценуваше својата жена и ја тераше да бира меѓу него и нејзината сестра. Вера и Зоран беа шокирани. Но, животот продолжуваше. Вера и Нада страдаа затоа што не можеа да се гледаат една со друга. Но, сепак се гледаа тајно. Нада лажеше измислувајќи секакви причини и еднаш неделно се наоѓаше со Вера во градскиот парк за да се изназборуваат. Нада зборуваше за ќеркичката што сега ќе имаше две години, а Вера је тешеше дека вториот обид ќе ѝ донесе друго дете. Но, не беше така. Нада на второто породување изгуби уште едно дете. Повторно девојче. Горан уште повеќе се озлоби. Со оглед на тоа што еднаш ги фати како тајно се среќаваат, овојпат ја натера својата жена да си го побара

делот од имотот и ги обвини Вера и Зоран дека им прават магии за да немаат деца. Во една прилика дури и физички се пресметуваше со својот најдобар другар. Вера роди уште еден син. Поминаа неколку години. Горан успеа преку некои свои врски да издејствува да им биде исплатен дел од имотот на неговата сопруга и тие конечно се вселија во куќата на Вера и Нада. Во меѓувреме, Вера и Зоран се преселија во куќата на неговите родители, затоа што тие починаа во многу краток временски период. Нада никогаш повеќе не роди. Во новиот милениум Зоран започна бизнис кој многу брзо се разви, а тој стана еден од најуспешните претприемачи. Купи прекрасна куќа на Водно и станови за своите синови. Горан ја загуби и таа работа што ја имаше и почна да пие. Стана алкохоличар. Нада одвај врзуваше крај со крај со нејзината работничка плата. Еден ден нејзиниот Горан го најдоа мртов во циганското маало. Нада остана сосема сама.

Првата година во новиот милениум донесе воен конфликт кој ги голтна и двата сина на Вера. Тоа лето една бомба разнесе цел вод. Во него беа и двајцата. Зоран после оваа случка си замина од дома. Вера го обвинуваше затоа што ги тераше синовите да одат во војна. Имаа една дрвена куќарка (брвнара) во Маврово и тој таму остана цел месец. Вера не излегуваше оддома. Само гледаше низ прозорецот. Едно утро Зоран го пронајдоа мртов задушен во неговата кола во гаражата до куќарката (брвнарата).

Оттогаш поминаа пет години. Вера имаше доволно пари за живот, а и смртта на Зоран ѝ донесе цело богатство од неговото осигурување. Отвори некаква штедилница и повторно почна да ги плоди парите. На Нада веќе неколку месеци ѝ ја беа исклучиле електричната енергија и мораше да се пресели во еден манастир близу Куманово. Ѝ советуваа да се јави на сестра ѝ близначка за помош, но ете, нешто не ѝ даваше да стапи во контакт со неа. А немаше ни телефон. Сепак, во манастирот ѝ беше убаво. Готвеше и се молеше со калуѓерките и свештениците.

Еден ден во манастирот влезе една слабичка жена со бела коса. Со неа водеше петгодишно дете. Ја побара Нада. Беше рано наутро и сестра Павлина ѝ рече да почека додека Нада ја заврши утринската молитва. Малиот Христо си играше во дворот од манастирот, а жената си ги бришеше очилата гледајќи го својот внук како потскокнува по плочките од манастирскиот двор. Од манастирот излезе Нада и се приближи до жената. Тоа беше Љуба, куќната помошничка на нејзината сестра. Се насмеа и ја понуди да влезе во трпезаријата за да ја почести со чај, но Љуба одби. Дошла само за да ја види Нада затоа што слушнала дека била во многу лоша состојба. Нада ѝ рече само дека е благодарна што е вака поблиску до Бога и дека има можност да се моли по цел ден за своето спасение. Конечно, нема никого, каде би одела? Љуба ѝ објасни дека детето што си игра во дворот е нејзин внук и внук на Вера од постариот син. Нејзината ќерка останала бремена пред Дино да замине во војна. Ја криела врската од Вера, затоа што била сигурна дека Вера немало да го дозволи тоа. Нејзината ќерка го родила детето и еве веќе пет години живеат во тајност. Нада беше шокирана од веста, но ѝ беше некако мило. Сепак,

останал некаков пород. Христо, колку убаво име, си мислеше. Можеби Господ ѝ ги ислушал молитвите.

Поминаа уште пет години. Нада и Љуба ништо не ѝ кажаа на Вера за тоа дека има внук. Којзнае дали правилно постапиле, дали можеби крутото срце на Вера ќе се смекне кога ќе го види или пак ќе му зададе удар на малиот Христо уште од мали нозе. А некој еднаш треба и да му каже кој е кој во неговото семејство. Вера ја затвори штедилницата. Отвори канцеларија за извршување и стана озлогласена низ целиот град. Нејзиното богатство стана енормно. Одзеде многу куќи на должници коишто немаа да си ги платат своите долгови. Многу семејства останаа без покрив над главата. Заради огромниот долг и куќата на Нада требаше да оди на лицитација. Вера цел ден седеше потпрена на бирото со извршното решение пред неа. Што да прави? Таму веќе нема никого, а од Нада немаше ни трага ни глас. Реши сепак да отиде таму со своите асистенти. Ја отвори вратата од куќата. Септемвриското сонце што влегуваше низ прозорецот од трпезаријата го осветлуваше десетгодишниот Христо кој седеше на еден стол и редеше Рубикова коцка. На масата Нада принесе подавалник со две кафиња и две бајадерчиња. Вера се приближи кон детето. На неговиот врат ја препозна дамката од нејзиниот син. Нада седна покрај масата. На другата страна од масата седеше Љуба. На Вера после долги години од левото око ѝ потече солза. Од кафињата се извиваа тенки лентички чад. Вера, Нада, Љуба и една голема желба.



Влатко Деков, *Праґа Интима*



Влатко Деков, *Праѓа Интима*

П(Р)ОГЛЕДИ

Владе ЕФТИМОВ

СТРАНСТВУВАЊЕТО И СООЧУВАЊЕТО СО ДРУГОСТА,

низ компаратистичко читање на романите: **„Скриена камера“** – Лидија Димковска, **„Снегот во Казабланка“** – Кица Б. Колбе; со илустративни примери од романот **„Пророкот од Дискантрија“** – Драги Михајловски и студијата **„Егејци“** – Кица Б. Колбе

СТРАНСТВУВАЊЕ

„Дома си таму каде што си здрав.
Твоја, Едлира“. [4]

Да се биде ***дома*** или барем за некој да се почувствува ***дома***, не мора нужно да постои врзување за одреден географски простор, некаков пред-одреден ***топос*** зачнат во нашата свест како ***дом*** уште со самото наше зачнување. Всушност, кажано е дека за да се биде дома, не мора да се биде ***некаде*** – доволно е да си со ***некого***. Тоа е така затоа што ако некој е (признат како) целиот наш свет, точката околу која ротира целиот наш универзум, тогаш непотребна е секаква друга доопределба, појаснување или бесцелни оправдувања. Покрај таа личност, секое место станува ***дом***.

Доколку сакаме да проговориме за проблематиката на ***вдомеността***, нужно мора да се дефинира што е тоа ***дом*** и од каде започнува ***странството***, ***другото***, ***туѓото***... Ако го прифатиме штотуку споменатото разграничување дека „***домот е со некого, а не некаде***“ (Венко Андоновски), тогаш неминовно е да се заклучи дека домот може да постои на кое било место, блиску или далеку од родното место, во друштво со личноста која се протвора во стожер на така замисленият и дефиниран дом. Така замисленият и доживеаниот дом станува нераскинливо врзан со постоењето на оние кои се двигатели на вашето сопствено постоење, оние без чие ***Јас*** вашето ***Јаство*** се смалува, осиромашува или, во извесни крајности, губи секаква цел

4 Димковска, Лидија. Скриена камера. Скопје: Магор, 2004, 113.

за натамошно опстојување. За тоа колку погубна знае да биде ***растргнатоста*** помеѓу неколку места што се доживуваат (или само се нарекуваат...) како дома, сведочи токму следниот цитатен избор:

„...*Дома*, во Германија. Две недели по враќањето од Скопје, каде што јас и ќерка ми Изабел поминавме месец и половина *'дома'*, со моето семејство. Овој пат поинаку од сите изминати години: за првпат без татко ми, по неговата смрт пред една година. Јас им припаѓам на оние луѓе кои имаат среќа да можат постојано да живеат со ***две доживувања*** и ***две претстави*** за ***дома***... Она што го сметам за моја привилегија, во многу други случаи и за многумина од луѓето што живеат далеку од земјата на своето потекло, во исто време можеби е повеќе причина за меланхолија... Тоа значење на зборот *дома* за мене е идентично со споменот на детството. Уште поточно, тоа е целосно идентично со моето детство... *Дома* за мене е ***моето минато***... *Дома* е ***моето детство***..." (Барџиева-Колбе, Кица. *Егејци.* Скопје: *Култура,* 1999, 15-16)...

Ако главниот лик од делото „Егејци" на Кица Колбе, домот го доживува како никогаш непрежалено катче, како делче коешто е насилно откинато од срцето, главниот лик на романот „Скриена камера" негува сосема поинаква чувственост за феноменот ***дом***. За Лила Серафимска, (македонскиот претставник како writer-in-residence во Виена, во убаво стокмениот дом за уметници од *кризните подрачја*), ***домот секогаш одново се создава***, секогаш во различни нијанси, секогаш на различни места...; но, секогаш покрај грижливи избрани ***некои*** (без разлика дали изборот го прави самата или ѝ е наметнат од некоја ***друга***, *повисока инстанца*). Тоа „избирање" во најмала рака е себе-дефинирање преку селекција на сите оние кои се покрај себе, што сигурно прераснува во *потреба за потврдување* на сопственото јаство или постоење, без разлика дали пред себеси или пред останатите. Но, кога *Бог, Судбината* или *божествата вкотмени во длабоките европски фотелји* ќе направат селекција место вас, таа потреба за себе-идентификување во колектив што допрва треба да се запознава (иако постои пред-запознаеност како товар од стереотипните доживувања), добива суштествена, ако не и егзестенцијална улога. Егзистенцијална, сфатена како ***постоење-таков-каков-што-си***, постоење кое е прифатено и потврдено од ***Другите***, постоење незагрозено од никого, затоа што со самото тоа што има една Албанка покрај себе, една Македонка нужно мора да се почувствува загрозено, зар не?! Мора да се нагласи дека тоа не е мој став, туку дека самата Лила уште на почетокот резонира токму на ваков начин:

„Како и да е, но Албанка, Пакистанец и Македонка во еден стан?! Ја фати неиздржлива смеа, а јас за малку ќе излетав надвор кога истовремено помисливме на средбата меѓу *три тајни, згрчени погледи*, три акценти на англискиот и на три скришни разгледувања на собите на останатите кога ги нема во станот, и на Лила ѝ падна лажичката со 'цедевита' врз блескавиот под од кујната... Си рече, па добро, со Албанката имам некоја заедничка виртуелна историја, соседска поврзаност, иако ***априорната нетрпеливост*** и ***квази-другост*** не се исклучени, но исто така и ***тајни***, *непознати за*

другите, убави и топли моменти со 'моите' Албанци од Скопје. Но, ***што ако го изговори Скопје како Шкупи***?! Ќе значи ли тоа дека со неа нема да можам да се снајдам и ќе биде ли тоа знак да се повлечам в соба секогаш кога ќе се појави во кујната или во дневната?!... А Пакистанецот?! Каков вид пејач е и каков човек? Лила, *со нејзиното вродено чувство за инстант-сценарија*, си помисли: Сигурно е муслиман, а ако и Албанката е муслиманка, најверојатно ќе им бидам и на двајцата трн во око..." (Димковска, Лидија. *Скриена камера*. Скопје: *Магор*, 2004, 21-22).

Вака размислуваат сите оние кои се подготвени попрво да направат „инстант-сценарио", отколку да допуштат да ја спознаат ситуацијата (личноста) таква каква што навистина е. Токму ова сака да го нагласи и Димковска во посочениот цитатен избор. Со целата конструкција како да сака да удри шамар на нашата нескротлива потреба да ***обележиме*** некого без да си дадеме шанса да го запознаеме, како и на стереотипноста врежана во нашата природа – „луксузот" што си го допуштаме т.е. тоа што си дозволуваме да помислиме дека за некого знаеме сè, и тоа пред да го запознаеме. Битно, *такви се сите други како него*! Зарем има шанса таа личност да биде *поинаква*, *различна* од сите оние кои припаѓаат на иста социјална, верска, расна (...) група како неа?

Егзотиката на странствувањето можеби лежи во единствената можност којашто ја нуди – шансата да се запознаат илјадници луѓе, *различни-поинакви од себеси:* со *различни* навики, со *поинакви* погледи на светот, со некои сосема *различни* ритуали од сопствените... Тоа е ***најдиректното соочување со себеси***, со сите свои *претстави*, со сите ***слики*** кои се наталожиле во нашата свест и преку коишто ние го ***гледаме*** или го ***доживуваме*** останатиот свет (останатиот свет = сè што е надвор од нас самите!). Тоа е себе-дефинирање или преиспитување на сепството, посилно и подиректно од кое било соочување со сето она што нè претставува нас.

Дина Аспрова, главниот лик од делото „Снегот во Казабланка", може да се посочи како типичен пример за некој кој излегува вон границите на „нормалното". Македонка, која никако не личи на домакинка, чија ***единствена улога*** не е (само) одгледување деца или пак која не се движи само низ замисленият (***посакуваниот***!) простор за маневрирање – *од кујната до спалната соба*; учена (а не *проста варварка*), слободоумна (а не апарат со веќе вградени мисли од некој – најчесто од сопругот!)...; така би можело да се опише таа ***поинаква*** Македонка насликана преку ликот на Дина. Згора на сè, се наоѓа некаде низ светот, ***не-дома***, а сепак секогаш во нов простор што може да го претстави како свој дом... Доволно нетипична слика од онаа на која сме навикнале да ја гледаме за една македонска жена низ литературните обрасци и токму поради тоа може да се разгледа како ***поборник*** за рушењето на тие стереотипни прикажувања. Нејзината приказна е приказ на тоа колку секој е гладен за спознавање и за соочување со себеси, и дека таквата жед не е привилегија само на ***ученият Европеец***. Еве еден цитатен избор што говори за нејзиното доживување на странството:

„*Јас сум совршен посматрач на туѓите животи!*... ...Еве сум пак овде, во

Фиренца. ***Се враќам кај себеси***. Во такви мигови на мачнина од цивилзацијата посакувам да живеам осамено. Најдобро во некој напуштен манастир на врвот на Пелистер. Сакам да заборавам сè што знам! Сакам со сета сила на душата да станам ***мудар нетисменко*** како баба Гина. Каде да ја најдам нејзината тајна на животот?! Јас, за волја на вистината, живеам осамено. Откако ја напуштив Македонија. Нема ништо поосамено од немажена, перфекционирана писателка во егзил, со виртуелна биографија од Казабланка. Таа е супстратот на творечката самотија. Аделина вели дека кај мене ја привлекла мојата видлива одбивност кон светот. Сум ја потсетила на некој чуден аутист. Предадена на сопствената тајна одаја на душата. Без врати, ја дополнив. А со очи како прозорци. Големи, гладни за уметност. Различна од монадите на Лајбниц, коишто се без прозорци. Никој досега не ми видел толку длабоко во душата како што тоа го стори оваа навидум површна Аделина, со најубавата долга руса коса од италијанско потекло...“ (Барџиева-Колбе, Кица. *Снеѓот во Казабланка*. Скопје: *Маѓор*, 2007, 19).

Чудна е тежината на знаењето! Копнееме по него, го бараме на секоја можна страна, сé додека не стигнеме до некаков стадиум на знаење. И потоа почнува да тежи како недонослив товар. Како што странството започнало да тежи на плеќите од Дина. Како што самата таа се презаситила од вкусот на спознавањето преку набљудување на *туѓите* обичаи, *туѓите* навики, постоења, животи... Затоа во неа започнува да тлее потребата да се соочи со самата себе, за да успее да се врати кај себеси. Затоа е и очајничката молба „сакам да се повлечам во некој осамен манастир на Пелистер“, и покрај тоа што подолу појаснува дека е осамена откога ја напуштила Македонија. Ама, по сè изгледа, осаменоста потешко се доживува кога е сплотена со странството. Од друга страна, можеби стравот од враќањето дома (стравот од соочување со коренот којшто бил откорнат, но сепак не се исушил!), е она што не ѝ дозволува на Дина да ја донесе конечната одлука – да се врати назад во Македонија.

За разлика од Дина, Лила Серафимска е порационална во доживувањето на странството. Таа чува прекасни спомени од Скопје, од Шлегово, од цела Македонија... Ама, со истиот интензитет се сеќава и на Љубљана, Романија, на Виена..., на секое место каде што барем еднаш ја оптегнала својата вреќа за спиење. Таа како да е повеќе филозофски настроена, по сè се чини, поради решеноста на Димковска да ѝ допушти увид во „животарењето“ низ повеќе балкански и европски држави. Се добива впечаток дека ликот на Димковска зборува од позиција на социолог, антрополог, филозоф, културолог...:

„Кога некој е обележан со синдромот на странството, тој секаде, па дури и кога се враќа дома, се однесува како да е на почетокот или на крајот од силите, но никако не на средината, како што се сите луѓе со постојан дом, *па затоа целиот се претвора во чувство или во еуфорија или во возбуда*, а тогаш и органите му работат поинаку – жлездите лачат повеќе плунка, очите повеќе солзи, срцето бие како споулавено, мозокот се закочува на категоријата смотаност и заглупавеност, рацете се отвораат за прегратка пред секоја будала што само

малку ќе ти се насмевне, нозете се тресат пред љубезните продавачки во супермаркетите... Според мене, најдобро е да се излезе од категоријата 'странство' уште на самиот почеток и ***странството да се претвори во Дом***, инаку ти отидоа и дарбата и уметноста. Да се зачува осетот за цинизам, а критичноста да се спои со самокритичност – мислам дека тоа е формулата како да не се биде дел од дијаспората, односно дел од кичот..." (Димковска, Лидија. *Скриена камера.* Скопје: *Магор*, 2004, 40)

Лесно е да се забележи дека романот на Димковска, а со него и зборот на Лила Серафимска, нуди еден поинаков вид странство. Се чувствува космогонијата што извира од него или барем рамноправниот третман на секој поединец и на секоја земја. Со истата доза на цинизам се третира и Македонецот, и Албанецот, и Пакистанецот, и Словенецот..., се исмеваат навиките кои ги затекнала и во Македонија и во Словенија, но и во Австрија; со една единствена намера – Лила како да сака да врисне дека е доста, дека сите сме едно, дека секаде е исто... Дека ѝ здодеало од поделби, разграничувања, секогаш-одново-дефинирања...

Странството започнува зад нашата меѓа, вон просторот што нè отсликува и нè детерминира такви какви што сме. Странството е ***граница***, некогаш е „невидлив ѕид од воздух", другпат е „непробоен ѕид"... Но, секогаш е простор што е ***туѓ***, ***не-свој***, топос вон граничниот бележник. Еве како го доживува граничниот феномен Драги Михајловски во својот роман „Пророкот од Дискантрија":

„Ме мачеше мислата зошто сме луѓето вака поделени на народи, вери, на слободни /неслободни, на богати/сиромашни, учени/прости. *А најмногу, зошто сме поделени во самите себе*... Делбата за која сега ќе ти говорам *можеби немаше да се случи ако народот немаше околу што да се подели* и ако не постоеше конкретен повод..., секаде можеби наопаку, кај нас ептен терсене! Ако во светот, во таа толку посакувана Европа сместена веднаш зад *ѕидот*, се раѓаше страв од глобално затоплување, кај нас на големо се говореше за глобално заладување (од должината и големината на ѕидот – забелешка). Ако насекаде речиси сите говореа за потребата од градење, *кај нас сета мисла се беше наштроила кон уривање!... Можно ли е ѕидот да е пропустлив само од едната, европската страна*?!... Ѕидот од кај нас беше тврд, непробоен и непопустлив... (Михајловски, Драги. *Пророкот од Дискантрија*. Скопје: *Кајрикорнус*, 2007, комбинација од цитати).

Ако странството започнува зад нашата меѓа, зошто таму и да не заврши? Зошто зад тој „невидлив ѕид од воздух, зад кого се протега иста земја", како што вели Кица Колбе во студиозното дело „Егејци", да не се види некој ***сличен***, наместо постојано да се бараат разликите? Но, невозможно е да се замине отаде ѕидот, а да е се соочиме со ***туѓинецот***, со ***поинаквиот*** од себе, со ***Другоста*** – по малку поразително заклучува таа во „Снегот во Казабланка". И, би рекол дека потполно е во право...

СООЧУВАЊЕ СО ДРУГОСТА

„Што?! Странец?! Не сакам
во мојава соба странци, сфаќаш?!
Да те нема оттука и тоа веднаш!“... [5]

„А, Другите – тоа е добра определба за луѓето кои не ни се блиски или блажни, или барем додека тоа не станат. А кога не сте некаде постојано и вечно, Другите секогаш остануваат – ***Други***. ***Другоста***, за која на крајот од 20-тиот и на почетокот од 21-виот век, се пишува со томови, е присутна во животот на Лила секојдневно, ***како да ѝ е близначка***, се влече по неа од земја во земја, ***од привремен до привремен дом*** и најчесто ме нагазува мене, а тогаш повторно експлодира самата. Со сè човек треба да стапи во контакт, сè треба да прифати, да признае, па дури потоа Другото ќе попушти во својата моќ и ќе стане посвоено Друго, или само посвоено...“ (Димковска, Лидија. *Скриена камера*. Скопје: *Магор*, 2004, 22).

Другоста е ***туѓост*** и таа секогаш подразбира изделување, обележување на ***другиот***, ***различниот***, ***по-инаквиот*** од нас... ***Другоста*** е стигматизација и разграничување, ама со една единствена цел – себе-дефинирање преку процесот на изделување на ***сеѕството*** од колективот, без разлика на која основа и да се одвива тоа разграничување. Тоа во најмала рака подразбира порив за идентификација на сопственото јас, преку нужно (и неминовно) поставување на ***Другиот*** спроти нас. Во таа насока, соочувањето со ***Другоста*** најчесто е шокантно и збунувачко, па не може да биде прифатено со леснотија и помир. Тоа се случува затоа што додека се анализира другиот, на површина излегуваат ***сите оние нешта што не сме ние***, сето она што се посакува, сето она што се мрази во нас, сетоа она што тежи како недоносливо бреме и кое нè држи заробени во место, наместо да ни дозволи да летаме со крилата на недискриминаторскиот поглед на нештата. Соочувањето со ***Другоста*** може да донесе солзи, недоверба, неразбирање, сомнеж, колебливост, неприфаќање, непризнавање, накадарност да се разбере, неспособност да се помине покрај различноста..., и уште мнооогу други вакви (негативни) доживувања и ситуации; но, речиси никогаш не може да донесе помир, разбирање, подадена пријателска рака, соживот, прифаќање, допуштање, сочувствување, споделување на една заедничка реалност...

Кога вака се поставени работите, тогаш што може да очекуваат протагонистите на романите на Колбе и Димковска, при нивната потрага по „родниците по дух“, во „учената Европа“, онаа која има „суштествена“ задача – да ги „згрижи“ и да ги „описмени“ сите оние „варварски чеда“ кои ги оставаат своите ***ориентално доживеани земји***, за да се соочат со феноменот на ***откорнатоста*** и дискриминирачкиот поглед?! Веројатно само празнина... И пепел во душите...

5 Димковска, Лидија. Скриена камера. Скопје: Магор, 2004, 116

„Животот во странство е растројство на сите нерви...“ – вели Лила Серафимска во еден филозофски испад. И самата нагласува дека оваа реченица „не е искажана за да се прави паметна затоа што го знае Рембо“, туку дека оваа синтагма е ***највистинската вистина*** пред која останува нем секој оној кој некогаш го почувствувал горчливиот вкус на странството. Тогаш ни преостанува на сцена да ја поставиме барем љубопитноста или жедта за спознавање на сето она што навидум изгледа различно од она на што дотогаш сме навикнале.

Така, додека Лила директно и во незавиена форма признава дека трага по идентитет, додека „шпарта“ по Европа (макар што тоа признание сепак го дава „скриената камера – ***двојникот во неа***!), и додека во неа тлее тој балкански дух (на кого по малку дури е горда); кај Дина нештата потекнуваат од сосема поинакви побуди – да се замине во таа толку посакувана Европа за неа значи ***можност*** да се реализира како уметник, како автор; односно, да запознае друга култура, друг менталитет, да осознае други погледи на светот, додека не може да се освести дека трага по потврда на сопствената култура, сопствениот менталитет или по потврда на сопствените погледи на нештата... Ама, од далеку нештата се гледаат со сосема поинакви очи! ***Таму*** најлесно се сфаќа дека никогаш не може да се успее во намерата (желбата!) целосно да се раскине врската со корените, со ***тука***:

„Мојата девиза отсекогаш е *да се биде апсолутно модерен*. Јас не си дозволувам ниту најмала трага на старомодност во мислењето. А ***модерното секогаш доаѓа од европскиот Запад***, затоа и јас појдов таму, во мојата татковина по избор, кај моите роднини по избор, кои се викаат Пруст, Ман, Музил, Бекет, Бодлер, Кафка. Имаат право да ми се лутат во нивните вечни скровишта на безвремената слава кога јас паѓам во регресија и почнувам да мислам како моите сонародници по потекло. Имаат право да се прашаат дали воопшто треба да размислуваат за тоа да ме примат како нивен роднина по дух, кога и да е, дури и кога би напишала една дузина блескави дела. ***Мојот дух не е целосно преобразен во западноевропски***. Во него сè уште има остатоци од оној дух на парадоксот на Казабланка***. Морам да си пронајдам некое оправдување за себе***, пред оганот на вина во мене да ме изгори, пред да ми направи длабока, неизлечива рана... (Барџиева-Колбе, Кица. *Снегот во Казабланка*. Скопје: *Магор*, 2007, 115).

Зарем има потреба од каков било коментар по еден ваков цитат?! Мислам дека Кица Колбе, преку размислувањето на Дина Аспрова, успева на еден маестрален начин да ја наслика психологијата на секој Македонец, односно психологијата на секој оној кој благодарение на така поставената хиерархија на културата, се почувствувал како ***неписмен варварин*** пред налетот на ***цивилизираниот Запад***. Помеѓу цивилизираниот Запад и „варварски-простиот Исток“ (Ориентот) не може да постои меѓу-простор, затоа што нема место за средина во дефинирањето на цивилизираноста. Дури и да постои таков простор, тогаш нема подобар пример од Балканот. Никогаш доволно географски далеку од „центарот“, а сепак доволно на периферијата – Балканот се претвора во доволно непосакуван топос кога се во прашање политичко-стратешките интере-

си за интегрирање на Европа, но секогаш останува доволно примамлив како простор што треба да биде освоен, истражен, пре-воспитан... Токму поради ваквиот однос на официјалниот (цивилизиран) Запад кон Балканот, на ваков начин се чувствуваат сите оние како Дина Аспрова. Поради тоа се негува сфаќањето (стереотипот) дека ***модерното*** мора да пристигне само од Запад и дека ***грев е да се мисли со сопствената глава***, да се верува во духот на сопствените предци... Од овде потекнува разочараниот тон во речта на Дина кога заклучува дека во ред е што можеби нема да сакаат да ја примат во своите редови нејзините „роднини по дух", затоа што тоа е нејзина вина (не се преориентирала целосно!), а не нивна... Виновна е таа што не станала докрај „западноевропска", а не се виновни токму тие нејзини идоли поради нивниот дискриминаторски однос кон ***различните*** од нив...

Самиот ***пресврт*** што се случува во романот на Колбе, говорите кому во тој анасока дека секој збор е свесно избран за успешно да си поигра со таквиот однос на западната матрица. Дина сепак се враќа во Македонија (или во нејзин супстрат – Казабланка). И покрај нејзиното негодување и покрај првичното мислење дека не сака да се врати затоа што таму ќе сретне примитивизам и ќе „отупи", сепак на виделина успева да излезе нејзиниот ***страв*** од соочување со сопствените корени, страв втемелен во с'ржта на нејзиното постоење што поради личната-бегалска (фамилијарната) приказна, што пак поради сите оние ставови кои погоре беа опишани. Еве го моментот на соочување со некогашното свое јас:

„Одам полека конвлезот. Одам тивко и нечујно. Како крадец што се вмушнува во туѓ стан. Боже, па јас сум овде да го чувам станот од крадци! Ме фаќа смеа поради апсурдноста на моето однесување... Внимателно, во темница, се качувам по малкуте скалила до вратата на станот. ***Ја препознавам миризмата на куќата***. ***Миризмата на дома***. Вратата. Аспрови. Го спуштам куферот на подот... Стојам пред полуотворената врата од станот. ***Немам храброст да тргнам понатаму***... Одам од една одаја до друга. Ги палам светилките низ целиот стан... Го отворам големото крило од балконската врата за да влезе чист воздух. Седам крај големата маса. Низ отворената балконска врата продира врева та на градот. ***Повторно сé е нормално***. ***До здодевност***. Само што ништо повеќе не е нормално во животот на моите родители. Најдалеку, во мојот..." (Барџиева-Колбе, Кица. *Снегот во Казабланка*. Скопје: *Магор*, 2007, 61).

Додека Дина се обвива со правот на спомените во срцето на Скопје, додека од неа извираат сеќавањата на ***она*** време, Лила ***таму некаде***, во срцето на Европа, зборува за едно сосема поинакво Скопје, со еден различен (миловен) тон, како и за значењето на така поставеното македонско општество, клучно за ослободувањето од стереотипните погледи на свет / или за нивно создавање:

„Да знаете, *Скопје ме научи на многу работи, но сето тоа го сфатив кога заминав оттаму*, па сега, кога одам во Македонија, само зјапам во сè и сешто, а се разбира и *во секого*... Кога една млада Албанка во сив мантил и виолетова шамија ме праша 'И вие сте за горење?', се стресав како при електричен удар. 'Да', реков, 'и јас сум за горење'. ***'Море, за горење сме сите, и ние и вие***', додаде

еден чичко со полуотворен чадор. 'Тони киселина што испарува би била потребна ***да се изгорат сите маани***, ***човечки пропусти и грешки***, да се помине со намачканото дрвце за прегледување грло по раните, отоците и лузните од *нетрпеливоста, не-љубовта, не-познавањето, не-пријателството* што, апсурдно, ***не ги дели, туку ги поврзува луѓето***, зашто поинаку не би си биле *трн во око* и *сојка во животот*...“ (Димковска, Лидија. *Скриена камера*. Скопје: *Магор*, 2004, 89).

Рационалната нота може да биде мостот што ќе ги премости бариерите на стигматизацијата и поделбите – како да сака да викне Димковска. Таква една нота преовладува во Албанката Едлира, насликана од нејзиното перо, од перото на една Македонка:

Тогаш на Едлира ѝ пукна филмот, па рече: 'Ама што друго очекуваш од луѓе што си се ***различни*** во секој поглед – луѓе со поинаква иднина, цели, планови... *Тоа ти се случува во сопствената нација, раса, класа, семејство*, а не пак меѓу луѓе со толку разлики меѓу себе. Гледаш дека и самата Скопје го викав Шкупи сè дури не те запознав тебе!... И, кога гледаш така, тогаш ти се чини невозможно да се разбереш со ***свој*** човек, а не пак со ***туѓ***! Секоја чест на исклучоците!... (Димковска, Лидија. *Скриена камера*. Скопје: *Магор*, 2004, 89-90).

ЗАКЛУЧОК. МОЖНО РЕШЕНИЕ

„Можеби ти си поблиску до Македонија кога си далеку од неа?!“ [6]

„Да се разбереме, немам ништо против Европа! Не сум од оние кои мислат дека ние православните требало да си останеме со *своите*, да не се мешаме со *оние од Западот*. Напротив, па и јас студирав во Париз! Јас сум против тоа од Европа да се прави култ. Не сум за тоа од неа да се прави единствен судија за тоа што е добро и зло, убаво и грдо, вредно и невредно и сé така понатаму, нели?!... (Барџиева-Колбе, Кица. *Снегот во Казабланка*. Скопје: *Магор*, 2007, 235).

Вака резонира пријателот на Дина, отец Григориј, некаде при самиот крај од романот на Кица Барџиева Колбе. Разочаран од она што останало од Дина и од Давид, Григориј ни приредува еден одличен филозофски „испад“ во врска со идолатријата кон европоцентричниот модел, а со тоа и Колбе доста софистицирано го кренува својот глас против замислената надмоќност на „оние од Западот“. Доста појасен е делот кога Дина се среќава со некогашниот свој професор по романистика, нејзин живо-тен патоказ по дипломирањето:

„...'Што направи таа Европа од сите вас, нашите надарени деца' – се прашува професорот на одличната и (некогаш) надежна студентка по романистика,

6 Барџиева-Колбе, Кица. Снегот во Казабланка. Скопје: Магор, 2007, 199

Дина Аспрова, некаде при самата разврска на делото. Таа на тоа одговара 'Не знам... Знаете ли колку е тешко да сакате цел живот да одите во земјата на Пруст, да живеете една година во Париз, да сте ***странец*** и *сите да ве гледаат како да сте теле со три глави кога ќе го изговорите името на Пруст?!* Затоа што тие веруваат дека ***вие сте варваринот од Балканот кому тие доаѓа треба да му најраваат буквар, за да научи да чита и пишува***! А вие одите кај нив за да им кажете дека уште кога сте имале петнаесет години, кога сте седеле крај Вардар, во миризмите на неговите води сте се капеле во мирисите на чајот од липи на Пруст... ***Затоа си доаѓаме од таа Европа како живи мртовци!***...Тие во Европа нема никогаш да ми поверуваат дека татко ми ме научи на тој восхит за светска култура, пред да дојде Европа во Македонија и од нашите животи да создаде најголем хаос. Сакаат да веруваат дека ние отсекогаш сме биле варвари, оти, *ако не веруваат во тоа*, ***тогаш нивните вистини за Македонија се лаги. А тие се лаги! Европа не ја познава Македонија! Ние сме за неа тајна, оти таа е арогантен незнајко***!..." (Барџиева-Колбе: 321).

Ова е најдиректен атак на таа ***идолатричност*** кај нашиот народ, поттикнат од ***митот*** што самата Европа го креирала за себеси низ вековите. Овие реченици се вистински пример за тоа како треба (и мора!) да се брани сопствената вистина, својот поглед, за да се покаже дека сепак и овде се може. За да се докаже дека и овде има некој кој умее да размислува со својата глава, па макар тие зборови и никогаш да не стигнат до ушите и до главите на оние на кои се наменети. Важно е дека некој сепак има храброст да проговори... Заклучокот што може да пристигне како сиже на оваа анализа, секако е во духот на идејата дека треба да се ослободиме од наметнатата идолатричност зачната од митот за „колепката на цивилизацијата". Многу повеќе треба да веруваме во сопствените слики, во сопствените доживувања и да си дадеме можност да резонираме со сопствените глави. На тој начин ќе придонесеме и за подобрување на сликата којашто ја создаваме за самите нас или уште поважно, за сликата којашто другите ја создаваат за нас и преку која нè перципираат на начинот на којшто тоа го прават. Ако веќе мора од некаде да се започне, зошто тоа да не биде од себе – од сопствените сфаќања, погледи, ставови...? Се чини дека на таков начин многу нешта може барем да започнат да се доживуваат сосема поинаку.

БИБЛИОГРАФИЈА

Барџиева-Колбе, Кица. *Егејци.* Скопје: *Култура,* 1999.

Барџиева-Колбе, Кица. *Снегот во Казабланка.* Скопје: *Магор*, 2007.

Димковска, Лидија. *Скриена камера.* Скопје: *Магор*, 2004.

Михајловски, Драги. *Пророкот од Дискантрија.* Скопје: *Кајрикорнус*, 2007.

Мерсиха ИСМАЈЛОВСКИ

За промоцијата на *„Некој бил тука“* од Николина Андова - Шопова

ДРИМОН, 2019

Ја завршувам последната страница на „Некој бил тука“ од Николина Андова - Шопова. Да, си велам, *некој бил таму.* Не само наративниот *јунак,* не само авторот, туку и читателот, туку и *јас.* Ја затворам и во мене измешани импресии од ова навидум наивно писмо, но писмо со една таква фина хируршка длабочина, што предизвикува размислувања и асоцијации што би ги продолжила со еден цитат: „Ретко носев часовник, но за среќа се имаше случено да носам еднаш-двапати кога се среќавав со Вања во станот. Ми пречеа и ме стегаа часовници на раката, дури и кога ги носев разлабавено, закопчани на некои од последните дупчиња. Самата помисла на тоа дека на раката носев нешто што отчукува време, правеше, да ги чувствувам часовниците како оние апарати за мерење притисок што ти го стискаат месото до болка.“ (стр. 43). Една од клучните слики во романот, сликата за времето, а такви се редат, со секое свртување на страницата или вклучување на филмската камера. Филмска камера, затоа што секоја страница е како мало сценарио, дел од големото наречено „Некој бил тука“. Слична на Хичкок и по мотив и по техника, Шопова зазема еден по малку гротескен став кон смртта, преку неа да проговори и за животот и тоа, без нималку претензија. Почнува од ситното, секојдневното, баналното, за да проговори за општото, универзалното, метафизичкото. Почнува од часовникот за да проговори за времето, а времето ѝ е добро оправдување да проговори за животот и за смртта. Да ги релативизира и навидувам да им ги смени местата. Менувајќи им ги местата, не прави контраст, туку прави релација, во која животот упатува на смртта, а смртта на животот. Како да се провоцираат помеѓу себе. Така и покрај конкретниот хронотоп, станот односно становите, во кој се одигрува поголемиот дел од дејствието, постои и апстрактен хронотоп, во кој токму животот и смртта се гледаат меѓусебно како во огледало. Дури и главниот лик е некаде помеѓу. Во ниеден момент не е именуван, наспорти сè друго коешто е. Така, без име, ниту суди, ниту може да му се суди. Романот е негов говор во прво лице, исповед или дневник, единствена потврда дека тој можеби некогаш некаде вистински постоел.

Можеби е до тоа што часовникот е купен од тезга, или што го носи ретко, та дури и сеќавањата на главниот лик, не можат да се подредат како вистински, дури и за него. Повторно симбол, за реалното/имагинарното; чудното: „Понекогаш толку се губев меѓу тие два света, помеѓу реалното и имагинарното, што почнав

да се сомневам дека епизодата со повикувањето духови и куќата со маските е некаква автофикција и на моменти ги сомничев и сеќавањата од своите скришни одења во станот, и во тие мигови ја одвиткував турпијата од најлончето како некој цврст, опиплив доказ дека не го измислувам сето тоа.“ (стр. 88 - 89) Цитатот нè носи и кон Цветан Тодоров, којшто го дефинира чудното како простор во кој законите на стварноста остануваат недопрени и дека даваат објаснување за опишаните ирационални појави, со што можеме да кажеме дека делото на Шопова донекаде ги задоволува принципите на чудното. Во исто време, делото е и доста покомплексно. Двете линии што навидум течат паралелно, онаа на детството и онаа сега и овде, се препелтуваат во моменти кога се јавуваат сведоци, на авторовите *сеѓа, денес* и *ӯтре*. Тоа се моментите, слични на потраги по загубеното време, слични на откровение: турпијата, маската, легнатата четка за заби, палтото, леќата... дури и самиот главен лик во огледалото во бањата ја гледа својата бела, избричена глава, како зјапа во него како гипсена маска со дупки кај очите. Уште еден пренос од предметно кон апстрактно, гипсените маски со дупки кај очите, како погребните маски, што се користат во старите ритуали, па и тука во Македонија, златните маски од 5 век пр.н.е. Како главниот лик да се подготвува за пат, отаде, цело време, и дури додека е жив, затоа на едно место вели: „...не се плашев од сопствената смрт, туку од сопствената бесмртност.“ (стр. 96)

Со одличен ритам, слика по слика, страница по страница, понекогаш текстот не се чита, туку се слуша. И повторно наивно, но во исто време и исклучително интелигентно читаме за теми како самоубиство, злоставување, семејно насилство, неверство, смрт на дете...и веќе не сме изненадени од чудното во реалното. А, кој е авторитетот на реалното да даде атрибут и на нормално, и кој ја поставува тенката граница?! ...Овој роман оди отаде, отаде реалното. За него теоријата на литература би кажала дека е иновативно четиво во прво лице. Не случајно доаѓа и наградата „Роман на годината“ за 2018 година. Уште една потврда дека овој роман е исклучителен.

Донекаде и сурово четиво за болката, книга за човекот без име, т.е. човекот без својства кој во случајов има својства. Тоа е средовечен маж којшто не изградил емотивна врска со своите родители, но изградил со своите ќерки и жена, барем до моментот, кога една од ќерките, Натали умира. Тогаш Човекот без име, се претвора во Човек со јад. Односот кон животот и смртта и тие како одраз во слика и огледало, може да се сумира и преку коментарот на непознатиот човек на погребот на таткото: „Оти, ако не го пуштиш животот, а ти дошло времето, или си веќе умрен, е дури тогаш...дури тогаш...”, се замисли како да ја доврши реченицата, “дури тогаш ќе си имаш проблем”, рече потивко, притискајќи го отпушокот во пепелникот“. (стр. 62) Навидум, ситница, вакви „отпушоци“ низ романот има многу. Тука се, предмети се, облека, реминисценции, боја, мирис, вкус...и секој од тие предмети завршува во својот „пепелник“. Одвреме-навреме тој пепелник се празни...празен ли е, полн ли е на крајот од романот, додека се отклучува бравата. Тука се наметнува прашањето, но и одговорот. А, што тоа ќе види, оној кој доаѓа следен?!

Лилјана ПАНДЕВА

КНИГА ЗА ВОЗРАСНИ И ДЕЦА – КАКО ДА ГИ ДРЕСИРАМЕ МАМА И ТАТО

од Владимир Петрушевски – Фили

Литературата за деца на македонски јазик последниве години е во подем. За среќа и радост на најмладите читатели, но и за „детето“ во секој од нас. Радоста е уште поголема ако книгата што ја држиме в рака е илустрирана. И првата и последната корица, од првата до последната страница. Тоа е она што веднаш ќе го привлече читателот што сè уште не знае да чита– детето што зачитува, додека пак нејзиниот наслов треба да е предизвик за оној што ќе му ја чита – најчесто родителот. Токму таква е *Како да ги дресираме мама и тато* на Владимир Петрушевски (Магор, 2019 година). Нема родител што нема да го „заскокотка“ваков наслов ниту пак дете на кое во истиот миг нема да му „светнат“ милион идеи како да ги дресира мама и тато или пак да дознае како го прават тоа другите деца. Оттука и заклучокот дека детето знае дека оваа убава книга не е само книга за деца туку е книга од деца. Можеби на возрасниот читател тоа нема да му е првата помисла за книгата, но детето што полека навлегува во светот на возрасните, што зачитувасо брзина на светлината знае дека само дете може да ги „дресира“ мама и тато. Ако е така,се поставува прашањето кој е авторот на книгата. Во таа смисла, ќе го цитираме потпишаниот автор Владимир Петрушевски – Фили: „Точно е дека јас го запишав текстот (онолку колку што ми дозволува мојата слоновска меморија). Не се сомневам дека ова (демек, бележењето) го сторив пристојно. Сепак, не би сакал да им го одземам авторството на моите две ангелчиња (јас си ги викам Ѓаволчиња!). Во целата книга, сè што е дадено е осмислено и изговорено од нив. За она што не е нивно, веднаш е објаснето дека не е!“

Значи, авторот се оградува дека е автор, односно јасно ни дава до знаење дека ангелчињата-ѓаволчиња се вистинските автори на книгата а дека тој е само запишувачот, што би рекол Цепенков или копистот, што би рекол Прличев. Со тоа им се приклучува на плејадата наши забележувачи на нашата усноразговорна реч во онаа смисла во којашто Цепенков е еден од првите запишувачи на јазикот на детето, особено на тајниот говор на децата воконтекст на неговите етнографски материјали, но и на народната приказна за децата-јунаци,

а Прличев ги доловува и „најбизарните“ семејни и општествени ситуации во кои можат да сенајдат децата и родителите во текот на воспитувањето. Јазикот на детето е сè уште недоволнонеистражена област и покрај сите залагања на лингвистиката, особено на психолингвистиката,па се сведува на „чесни“ исклучоци,а јазикот на децата на новото време независно дали ќе го наречеме тоа време мултимедијално, електронско или транзициско нуди сосема нов материјал според кој децата испаѓаат попроникливи од возрасните па запишувачот на овие записи обилно и штедро, несебично и безрезевно, приложува обемен таков материјал.

Петрушевски ни го претставува новиот модел на воспитување меѓу супер современите родители и супер интелигентните деца при што родителското внимание кон децата е резултат на искуството што го носат со себе годините, а парадоксалната „интуитивна интелигенција“ на детето е природна дарба, независно дали е наследена или „копирана“ од родителите.

Запишувачот Владимир Петрушевски не е кој-годе запишувач. Пред сè е татко на принцезите Матеа и Михаела, па оттука и интерактивен лик во нивните приказни. И не само тоа. Тој е модерен запишувач. Фејсбуковец за пример. Имено, најголем дел, ако не и сите, од запишаните случки, настани и ситуации, неговите ФБ пријатели веќе ги имаат прочитано на неговите постови на Фејсбук. Затоа очигледно и не му било тешко да ги реши како дневнички записи. И самиот вели дека оваа книга е „бележење“. „Дресурите“ на неговите Ѓаволчиња наместо наслови имаат дати, од 15 јуни 2015 година до 6 март 2019 година. Што значи дека со извонредна прецизност се мапира времето и настанот, можеби токму поради перформансите што ги нуди оваа социјална мрежа. „Модерното“ кај Петрушевски е нашето секојдневие, што тој мошне храбро и умешно го преточува во пост-литература, чиешто влијание не е за потценување. Секако, по секој пост има и коментари. Тие се пак друга приказна, со која Петрушевски може повторно да нè изненади, затоа што интересно е да се прочита како возрасните го „жалат“ татката, го „поддржуваат“ да издржи, но и му завидуваат на умниците негови.

А умниците негови, ако досега не спомнавме, се близначки. Двојајчани. Тоа ја прави книгата уште поинтересна. Имаме два света во еден и тој едниот во два самостојни. Тие двете не се едно. Тие се сосема различни, како што ќе бележи и таткото-автор. Затоа и книгата е динамична. Бидејќи родителите едно исто нешто два пати го поминуваат, но сосема различно, од купување, пазарење, разболување и би рекле, растење. Тие, мама и тато растат со нив, со Матеа и Михаела. Растат не само во вистинска смисла на зборот, туку и метафорички. Растат со нивната грижа и пред сè љубов кон двете принцези. Овие мама и тато се сите мама и тато на овој свет. Полни со безусловна љубов. Со мала разлика. Овој татко, за којшто неговите две ќерки знаат дека се вика Фифи и никако поинаку, таа љубов ја споделува со другите. Прво како постови на Фејсбук, а потоа и преточена во книга со извонредни илустрации на Наташа Костовска. Веруваме дека не ѝ било тешко да го „долови“ ѓаволестото секојдневие на ова семејство,

токму поради збиднувањата прикажани такви какви што се, без шминкање и преувеличување. На моменти, тие се дури и критичарски. Напати се работи за напрегнати ситуации чијашто тензичност може да се ослободи само со срдечен збор произлезен од чистата детска промисла. Книгата е резултат од задлабочено татковско проникнување во меѓусебната комуникација со децата близнаци во различни семејни и општествени ситуации во кои доаѓа до израз детската интуиција и родителската изненада. И таа изненада Петрушевски вешто ја решава. Повторно како микс од традицијата и иновацијата. Имено, „воспитувачкото“ во родителот не може да не излезе на површина. Петрушевски тоа го прави со поентирање по секој запис, што има тежина: на наравоучение (читај: како се издресирани со мамичка во една ситуација кога принцезите се свесни дека не смеат да јадат чоколада со големи лешници, според нив чоколада со коски што не е за деца туку за возрасни – „Што да ви речам понатаму... Моравме да ја јадеме со Ољa!); на поговорка („Све што је лудо, то ми је род!“, како што имал обичај да кажува дедо му); на израз (Ова ми се најубајте деној на живото. Само да потрает...); на констатација (Комбинацијата на генитеептен се погоди!); на неверица (Сѐ уште не можам да верувам од каде се појави одговоров!) итн.Овие кратки книжевни форми, карактеристични повеќе за народното творештво, Петрушевски ги осовременува со емотикони, без кои денес веќе нема кус текст на кој и да е електронски медиум. Како човек што чекори со времето, Петрушевски (инаку хемичар по професија) гордо чекори во животот со своите две Ѓаволчиња и нивната мамичка Кралица, мешајќи ги состојките од епруветитена кои се напишани големите букви Љ, Б В У, О.

Нам ни преостанува само нестрпливо да чекаме продолжение на нивните „ѓаволштини“, особено на оние пубертетските. Кај и да е, набргу ќе го „преокупираат“ малиот голем свет на Петрушевски, иако тој мисли дека веќе „прогласил капитулација“ по уште една нивна извојувана победа. Сега тука би го завршила текстот со еден од уво до уво насмеан емотикон.

Далибор ПЛЕЧИЌ

„ДЕВОЈЧЕ И МЕЧЕ“

Детската книжевност опфаќа многу шаренолики дела, воспитно насочени погрубо или посуптилно кон децата. Мерилата за проценување на таа литература се матни, непрактични, вероломни, недоверливи, лабави и понекогаш спуштени. За самата книжевна вештина се зборува нерадо и површно, а наместо тоа, се зборува (што би рекол Милован Данојлиќ) за потребите на детската публика, за детскиот свет, за високите морални вредности со коишто треба да се задојат, па на прв поглед се причинува дека детската книжевност само за тоа и постои. Во детската книжевност се вбројуваат: сликовници и стрипови, прераскажување и приспособување на народната книжевност, рутински напишани романчиња и лоши песни и ете, некоја „вредна книга“ што авторот еден ден, од некој хир ја напишал и ја наменил токму за децата. Морам да признаам дека немам многу искуство со детската литература, особено не вака пораснат, колку и да е релативно пораснувањето како такво. Некако соодветно на тоа и немам пишувано за книги што имаат пред сè вокација да се обраќаат на помладата публика. Затоа и овој текст ќе биде првенец, еден вид сефте на нешто што можеби ќе добие своја динамика во иднина. За секое кршење мраз потребен е добар „мразокршач“ или добар повод да се впуштите по такви води што се чинат непознати, следствено опасни да не се „лизнете“. Еден таков повод не е писател, туку гледај чудо, ликовен уметник - Ване Костуранов, на чиешто детско творештво се „лизнав“ во еден прекрасен свет.

Костуранов е еден од најпознатите и моментално еден од највпечатливите сликари на македонската ликовна сцена, а оваа е втора негова книга за деца откако претходно ја објави приказната „Звездено дете“ што мошне успешно го лансираше на мапата на интересни, духовити, елоквентни и (особено важно) иновативни творци за деца. „Девојче и мече“ е негова втора книга, а веќе може да се каже дека е влезен на голема врата во македонската литература за деца, пред сè, поради отворањето нови перспективи на тој вид книжевност.

„Девојче и мече“ е сликовница приспособена (макар номинално) за деца на возраст до пет години и раскажува за приказната на едно девојче коешто сите свои детски авантури, радости, маки и насмевки ги доживува со своето мече сè додека еден ден, мечето од голем другар, ќе стане голем спомен од детството. Големината на мечето се менува

обратнопропорционално со растењето на девојчето, сè додека еден ден тоа не стане она што е – играчка. Меѓутоа, се менува само неговата физичка големина, а значењето на мечето за едно дете останува во својот нов облик до крајот на животот. Ова е накратко приказната што е текстуално можеби помала и од овој пасус, но сликовно и ликовно гради една многу поголема нарација.

Ако се сметаше дека сликовниците за предучилишна возраст колку и да се духовито и смислено создадени, не можат да имаат некое големо книжевно значење, бидејќи се „своевидна потрошна стока“, елементарни учила, предмет за забава... дека се составени од кратки текстови што имаат воспитна функција, што донесуваат основни информации за светот околу нив, што ги насочуваат со тие информации кон некоја култура и се даваат до одреден вкус, се чини дека новите тенденции во овој вид творештво имаат сосема друг хабитус. На тој колосек е и Костуранов со неговата последна сликовница, бидејќи тој не се труди да воспитува, да покаже правец, да морализира, да понуди корисна информација, туку едноставно нуди свет и тоа светот на мало девојче рамноправно со оној на возрасните. Детството не е само скала кон растењето и пораснувањето, туку е живот исто толку колку и животот, ништо помалку. Токму тоа го постигнува Костуранов со неговата приказна покажувајќи дека преминувањето од една возраст во друга не е итање кон некоја станица, туку живење и на тој пат нема станици, туку станиците се патот, не се патува додека се живее, туку патот е живеење.

Текстот на Костуранов во сликовницата е краток, но извонредно сликовит. И покрај тоа што илустрациите се изразито екпресивни, едноставни и ефективни, во духот на неговата ликовна поетика, се чини вистинската иновација во книгата е откривањето на Костуранов како на автор кој ја разбира семантичката моќ на зборот. По линијата на „помалку е повеќе“, секоја негова реченица во книгата е сместена во вистински калап и буквално не можете ниту да додадете ниту да одземете ниеден интерпункциски знак во целиот текст. Неговите зборови се прости, едноставни, стуткани но, не збиени, иако малку, иако на мал простор тие слободно дишат и нудат за секој еден по илјада слики.

“Девојче и мече” е мошне вешта и со големо чувство смислена и изработена сликовница. Без големи претензиии, со јасно изразен суптилен стилски израз раскажува приказна која иако наменета за најмалите, ги интригира сите читатели.

Со ваквиот пристап Костуранов е на добар пат да постави нови параметри во овој литература на нашите простори и можеби да постави темели за еден ден комплетно да се промени парадигмата на детската книжевност во Македонија.

Љубинка ДОНЕВА

ИГОР КРАЈЧЕВ: ДВАЕСЕТ И ПРВИОТ .....

Насловот на книгава се однесува на веков што го живееме, во којшто ситната честичка, човечката единка се обидува што подолго да опстои, да се задржи, да е присутна. Како сведочи поезијата за нашиов 21 век? Оваа од 21 на Игор Крајчев ни помага во сознавањето на нештата коишто нѐ стават во заблуди и несфатливост, а се суштина на живеењето сега и овде, зашто „И пред нас имаше ѕвезди / и небо / и капеше сон...“, „И пред нас имаше луди кои умуваа / и умни кои лудуваа / и водачи / и следачи...“ Книгава е, со висок степен, уметнички компонирана целина од 21 песна (што соодведствува на 21 век и е во хармонија со насловот). Распоредени се во три целини од кои, првата може да се именува според првата песна *Партија шах,* како воведна и уште 7 други, значи 8. Бројов симболизира бескрајност. Но бидејќи е и парен број, означува и рамнотежа на црно и бело, добро и лошо, јас и ти, машко и женско, на колектив и поединец... (или како што кинеската мудрост го дефинира тоа како јин и јанг). Со овој многу едноставен наслов, којшто асоцира дури и на разговорност, на реалност, авторот потсетува дека како и сите ние: „ги жртвувам / своите најдобри фигури / за да добијам време“. Зашто и невозможно е и не е целта да се победи, туку „да се одложи поразот“, а тоа е веќе победа. Суштинското познавање на функцијата, повеќезначноста и повеќеслојноста на зборовите, прави авторот умно, рационално, поетски, етичко-естетски чисто да ги користи и да постигне ефект на сугестивност и да мотивира на размисли. Во духот на динамичноста на 21, оваа поезија е ослободена, од многу и непотребна симболика од метафори. Симболиката е повеќе во естетиката на формата. А со интимните рефлексивни задлабочувања над стварноста, со конкретни, едноставно кажани согледувања, доживувања, размисли, покрај сугестивноста, поетов предизвикува и на преиспитување на нашите лични гледишта кон и за нештата. Мудрото говорење за 21, со 21 песна, сведочи дека авторот одразува дејствие во континуитет, при што се покажува ефектот на тоа дејство. Така ѝ го обезбедува епитетот на рефлексивна лирика, којашто води до некои познати, а сепак нови предели на лирскиот исказ. Во овој, 21 –от, човештвото достигнува полнота и сознајност (заради еволуцијата), а сознајноста „е неповратна и нема враќање кон блаженото незнаење“, тоа значи незапирно одење напред (според

Станислав Лем). Во својата симболика, 21 го означува осуштествувањето, полнотата, постигнатата цел (и е број на последната нумерирана карта од Таро сочи), а дејствително, ја има обопштувачката цел. И поезијава звучи како одраз на 21 век во движење. Тоа ја поттикнува сознајноста што се однесува и на поединецот и на колективот, на севкупноста во мигов на живеење и опстојување на човештвото. Дваесет и првиов е век на турбуленции, темнини и сенки, мистерии и неразгатнувања, на густеж информации и значења (и зрачења) од секаков вид, па „човек ако не полуди, не е нормален“, гласи една современа изрека. „Шаховската табла / Најдобро се гледа/ Од горе...“ Недореченост..., зашто нема што да се каже. Одозгора сè се гледа подобро и надвор од нас и во нас. Поетов е концентриран на 21 како објект, (21 ја симболизира и личноста концентрирана на објектот), или поконкретно како сеопфатност (во која е нурнат) за разгатка, што влијае врз него како единка. Тој е независната индивидуа којашто се наоѓа помеѓу чистиот дух и (негативната) материја(та). Тука е и неговата слободна дејност (или волја) помеѓу борбата и пасивноста, помеѓу победата и поразот, па дури и помеѓу доброто и лошото. Преку оваа поезија се поистоветуваме со авторот кој како да е седнат покрај нас, со рака префрлена преку рамо и нè успокојува, заради сенките во нас, велејќи:

„Колку ли сенки живеат/ во мене и / колку светлина треба /за да ги исцрта/ на ѕидот... И искрено продолжува: „Ќе гледам/ во формите/ додека не се видам / себе...“ И... недореченост.

Една висока естетика во спој со конкретна животна филозофија нуди *Полноќна*: „Не зборувам/ слушам / само тогаш / ќе чујам нешто што / не знам... “ Кај многу стихови, авторот остава три точки, останува недоискажан... како и сите ние, но и со можност ние да ги продолжиме нашите разјаснувања на загатките, мистериите, сенките што нè мачат. Читајќи и шарајќи по маргините, на повеќе места имате потреба да кликнете Еурека, зашто авторот ви го доближува она на коешто долго му барате име, или облик, а тој ви (до) покажува. Во *Камења и цвеѓови*, песна со два спротивставени топоса, патувајќи низ дваесет и првиот, Игор Крајчев не е поштеден (зашто животот никого не гали) од „острите камења кои „паѓаат на моите плеќи“, срекавајќи и по некој цвет. Наградата од патувањето се раскрвавените нозе, сочувствеността, но над сè сознанието дека: „она што ме удира / може да ме штити / и дека најчесто ме грди / она што кити...“ И сè е кажано! И ова, се вселува во читателот, како научен урок, како наук и лекција. „Играјќи шах“, поетот во три потега нè „матира“ со антологискиот *Пејзаж во ѓри ѓоѓега.* Тоа е песна за сите детства, за нашите гласови „впиени длабоко во камените ѕидови“ на некоја стара куќа и не е чудно што „Во мене истура дожд!“ Но, тој дожд не е присутен кога е присутна смртта, зашто животот е еден и треба да се живее. Игор Крајчев, нè ослободува од напорот за толкување, зашто овие лирско-рефлексивни изблици директно од животот, се наредиле во стихови. Авторот нè повлекува за нога за да нè освести дека само ако се стопиме во просечноста, во густината на толпата, можеме да „исчезнеме“, а со тоа да бидеме неупадливи и да ни биде удобно, зашто „сè на овој свет е поврзано и сè е јасно,

но само за оние што умеат смирено да ги набљудуваат овие речиси невидливи нишки“ (Ж. Гроздановски во *Последното име на иднината*). Кон таа поврзаност и Игор Крајчев не е рамнодушен набљудувач (се вели дека рамнодушноста е најгрдата состојба на духот). Активно минувајќи со светлината на својот стих, во 21. (стегнат и самиот во прегратката на 21) покажува дека сè е динамично, сè подредено, на и во матирањето, во победата, од секого и на секаков начин. 21 е век во кој се посакува да „се има крилја“, за да се крене (човек) „над оваа врева, да „побегн(ам) од оваа злоба / и од сета болка и сите солзи“. Зашто само така може со „Доволно големи (крилја) со нив да го загрн(ам)е светот“ и „ со тоа да му подар(ам)и / исцеление“, во духот на својот сограѓанин Рацин - ќе крикне Игор Крајчев. Авторот, дарувањето го покажува за најчовекување, за највисока доблест. Посакува, тие крилја да му ги подари на веков, зашто во него „ се слуша плачот / На уште незаодените кои патат / На уште незаживеаните кои се гушат“. Топли човековата природа што се излева од стиховиве. Игор Крајчев вели дека смртта е поет, зашто „...не знае за граници, / ниту за минути/ ниту ја интересира симболиката на / нечии последни зборови. Таа твори во алегории/ таа е кралица на метонимијата / со ситна доза на ирониј...“ „Таа живее во сека соба / за неа животот е фаза/ нејзината главна професија е да нè потсетува / дека нашата вечност е (само) во песните...“ И останува со 3 точки. Трите точки како интерпункциски белег имаат нагласена функција, конкретно (...) значат недореченост (како што им е и основната функција) да покажат дека 21- от, не се дорекол, дека е во фаза на нагласено создавање и уривање, на натпреварување со самиот себе, со сè она што треба да е негова назнака, негов печат. Во целина од само 8 песни, два пати во наслов се спомнува смртта (*Смртта на Лара* и Смртта е поет), што е показ дека смртта е составка на животот.

Втората целина, 7 е состав од исто толку песни. Таа е и централната и затоа ќе се задржиме посебно. Седум соодведствува на седумте дена во неделата, на седумте планети, на седумте степени на совршенството, на седумте сфери или небесните нивоа, на шаманството... Седум ја означува целокупноста на планетарниот и ангелскиот ред, севкупноста на моралните закони, севкупноста на енергиите и главно во духовниот аспект, седумте струни на лирата... Седум ја претставува севкупноста на светот во движење. А токму секојдневното забрзано движење е тематско-мотивската суштина на (овој) 21. Седумката пак, ги обединува трите божји добродетели, верата, надежта и љубовта со четирите свештенички добродетели, внимателноста, умереноста, справедливоста и силата. Бројот ја добил својата симболика (во христијанството) заради 7- дневното создавање на светот (6 дена создавање и 1 одморање). А 7 се содржи три пати во 21. И еве зошто авторот се задржал на 21 песна. Така ја постигнува хармонијата и лирски-медитативно рефлексивна, но и стилско-естетски и уметнички нагласена. Дваесет и едната песна се во склад со пеењето за 21. Дваесет и еден пак, е непарен број и е израз на динамичната усилба на индивидуалноста што се оформува во борбата на спротивставеностите и го по-

кажува вечно возобновувачкиот пат на еволутивните циклуси (3х7).

Првата песна од овој циклус (Тоа си ти) се доживува и како љубовна, но и како поттик за размисла за вредностите на нештата и за силата на влијание на убавото врз поединецот. „Преферираш проза, а / добиваш битки / поентирајќи со поезија“. Тој лесен допир од оваа песна, ја умножува естетичко-етичката улога на пе(вот)сната. Оваа поетска целина е борба, покажување и насмевки и солзи, кажување на својата молитва за сепак да се сврти кон животот и кон слободата. И токму седумката завршува со искрената исповед за припадност на поетот. И во овој контекст, поетско-естетски се отсликува и реализира, поетовата задача на зборотворец, на лексикотворец со функционално богати и особено блиски лексеми што не сме ги слушале често (освен можеби во стиховите на Г. Тодоровски) и тоа ни ја покажува вертикалата и на јазикот и на естетиката на македонската поетика и поезија. И не само што покажува, туку и докажува Игор Крајчев дека е зборотворец, мудроловец, зашто е и мудрољубец и мудрозборец. Тој е :„... зборокротец, / јас сум поет, збороделец, јас со збор милувам и со збор погибувам...“ Овој зборољубец, директно се извишува на јазичната вертикала што ја почна великиот Климент со прекрасните зборосложенки, возвеличувајќи го својот (далечен, а близок) учител. Ја продолжува умерено користејќи ги ваквиот вид лексеми... И самото тоа носи ореол од светлина... И продолжува Игор Крајчев: „Јас сум поет мудроловец!“ А ако не е, не би бил поет. И нè успокојува: „Секој од нас е единствен!“, а „Ние сме различни.../ Никој не ни очекува да бидеме исти!“ И сите ние нештата ги доживуваме различно. Од друга страна пак, поетот констатира една вистина што сите ја знаеме, ама ретко кој се сетил толку едноставно да ја каже во стих: „...сите се смееме и плачеме / на ист јазик.“ А претходно образложува: „Се смеев често / за да ги прикријам солзите / и не разбирам зошто старите насмевки / денес ми раѓаат солзи...“

Минливоста и неуловливоста, но и слободата, динамиката и моќта Игор Крајчев, практично, а истовремено и естески точно, ја доживува како *Борба со ветро̄т.* И поезијата не би била тоа, ако е лишена од искреност. А на самиот почеток, отворено, речиси разговорно, авторот вели: „Бев наивен кога сакав / да го скротам ветрот.../ Сакав неговиот лик / за свој да го земам...“ Но, кој учи, научува: „... научив од мојата борба / е сега е добро да ги наместам / своите едра.“ Слободата на ветрот е таа што го упатува да нè соочи со жалната вистина за суштината на личната слобода денес. Низ 7 двостишја (и пак неслучајно 7 двостишја, 7 број на совршенството, а најсовршена состојба е слободата и индивидуална и колективна), лесно, конкретно, со блага меланхолија, но со силен рев, авторот крикнува: „Се сеќавам добро / кога бев слободен/ ...Денес сите мои апарати се безжични, / а јас сепак сум врзан за нив.../ Како разбеснето куче, / како безнадежен роб... (прекрасни, неверојатно говорливи компарации)“ Сите сме. Но, сепак, во *Живо̄то̄* (наслов) „... не е тешко да се чекори исправено / и не е тешко да се избрише туѓа солза...“ Благородност и човекољубивост што толку многу му недостасуваат на човештвото... „Затоа че-

кори напред... па, дури и „ако твојот пат заврши со амбис, / Едноставно седни... / И уживај во глетката! Авторот не кука над проблемите, туку болката, и сè што нè засопнува во животот, ги преобразува во убавина исто како каменот фрлен на неговиот пат, што тој го „забива во калта каде припаѓа“, за да го поплочи патот за оние „коишто доаѓаат по мене“. И тие коишто ќе чекорат по нас и тие ќе ја имаат својата вечност.

ЈАС, е третото пеење кое е составка од 6 песни (пак неслучајно) во кое многу егзактнно порачува и нагласува: „Мојата вечност е сега...“ Така ни покажува дека секој има своја вечност, свој живот... нè свртува кон себе, кон самите нас, суштински да го сфатиме она што постојано го повторуваме; вчера е минато, утре е неизвесно и треба да се живее мигот. Тоа е вистината што треба да се почитува како вера и треба да е единствената наша религија. А „...нема поголема религија од вистината“ (Х. Блавацки). За сите нас, поетов констатира: „Сега.../ Мојот живот се состои од мигови / кои пред очи ми се претвораат во минато...“ И пак три точки и пак недореченост, зашто тоа е закон на животот на секој земски жител...за повторно отворено, разумно и човечки вистинито да каже:

„Ја затворам вратата за минатото, / но не ги заборавам пред неа / сите грешки, / сите гребаници / и модринки...“ И она за кое некому му требаат страници и страници да (у)каже дека сите порази нè прават посилни и нè водат нагоре, кон успех како да се скалила, поетот го срочува кусо: „Мојот пораз / е мојата скала/ со која продолжувам / да / се искачувам нагоре.“ И читателот посакува сè да запамети за да може во одредена ситуација да се присети што да прави, да цитира и применува: „Понекогаш треба да го изгубиш патот / за да откриеш нов начин / како да си дојдеш дома.“ Ова дома, всушност е како да си се вратиш на (и во) самиот себе. А ниедно столетие не согорувало од својата страст како 21. И ако човек игра со оган, ќе се покае, зашто „огнот е суров тиранин /ако му дадеш власт врз себе...“ А двеве децении од 21 се полни оган и колективен и групен и поединечен. Според авторот, „погледот е оган во најава / моите зборови се самиот оган!“ И предупредување: „Внимавај да не се изгориш!“ Тоа е! Успокоителниот ритам и чистата, едноставна поетика се особености на атрибутот за овој книжевен засек на (и во) 21. И оттука, јасно е дека ова не е уметничка фикција и книжевна имагинација во дејство, ова е самиот живот, препишан и испишан на оригинален, себесвојствен начин, преку личните доживувања и гледишта на нештата.

Песната со наслов *Крај*, како логички след, авторот ја поместува на крајот и повторно го покажува тој склад со што постигнува синхроницитет... Овде поетот ги образложува своите гледишта за крајот, за смртта: „Зошто да се плашам од смртта? / Ние припаѓаме на различни светови... / Ако сум јас, / таа не е.../ Ако е таа, / јас не сум.../Ние никогаш не сме / во иста реалност... / На крајот, никогаш не ќе има крај...“ И последните три точки..., зашто нема крај, сè продолжува, сè си тече како и досега, како сите реки што течат „кон морето“. Кај мудроловците зборокротци, ништо не е случајно. Редоследењето и на зборовите во стихот и на стиховите во песната, но најмногу и на песните во книгата, кажува многу. *Молитва* се наоѓа точно на средината од

книгава. 11-та е по ред. И пред неа и по неа има по 10 песни. Како што и во животот ништо не е случајно и не е случајно што *Молитва* е 11., зашто оваа е молитва и за оние што поминале пред нас и за нас кои го живееме веков и за оние што доаѓаат. Човечки топло, со цврст став, многу разумно застанат во стварноста што ја живееме, поетот „Се мол(ам) за дожд кој ќе ги оттргне / сите прашинки од нашите боголики тела, / и пак страв ме обзема / дали потоа ќе знаеме да останеме чисти.“ Ова се чисти, урамнотежени стихови што дишат со самосвест, возвишеност и сериозност... Сугерираат сознание дека едноставно морале да се појават, да (за)живеат, поточно да станат видливи и конкретни, а авторот е нужниот можен медијатор кој во овие бури од сешто, успокојува, смирува, сочувствува, дарува... Таа величествена благородност е сè повеќе отсутна, та затоа толку многу драгоцена и посакувана. Со своите смели и едноставни искази, ова е богата поезија, приемлива и „леплива“... Авторот не полемизира, не наметнува, само, некаде многу отворено, некаде дискретно, топло (по)кажува, укажува и докажува. Во својата „проста и строга“ комуникација со читателот, некои песни се одликуваат со кроткост, други со блага меланхолија, но и одлучност, енргичност..., сепак пленува едноставноста и „лепливоста“. Некои се монолози, други пак се како разговор со драг и близок пријател, но кај сите има духовна и душевна рамнотежа... Поетскиот исказ по форма е различен, а е во согласност со кажаното, во зависност од мотивот и субјектот. Секоја песна е краток извештај или слика за одреден мотив, ситуација... Тоа е најсожетиот вид на мимезата:, вистинитост во поединостите и интензитетот. Овде светот живее онака како што научил да живее, зашто и порано постоело сè, само што веќе многу се преобразило...тркалото на времето не запира...а сето она што го засега, поетов кој исто така му припаѓа на човечкото семејство, го преживува и го бележи. Моделот на оваа поезија е динамичен. Иако не станува збор за ангажирана поезија во класична смисла, во својата суштина таа е тоа и уште е „свесна за својата одговорност (О.Милош)“. Поврзана е со духовното (но и со физичкото) движење, зашто 21 не е само епоха на Духот (туку и потсмешлива грдотија) што јазди и не запира, не успорува. Игор Крајчев во 21 се бори против ноќта, зимата и егото (*Полноќна*) на единката во 21. Не мудрува, а констатира, не е рамнодушен, едноставен е, отворен а тоа го прави читлив и пожелен автор.

Максим КАРАНФИЛОВСКИ

ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА КНИГАТА „ГОЛО БРДО“

(под редакција на Андреј Н.Соболев и Александар А.Новик во издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и издавачката куќа „Наука“ од Санкт Петербург)

Книгата „Голо Брдо“ со поднаслов „Од материјалите на балканската експедиција на РАН и СПбДУ во 2008-2010 година“ е под општа редакција на д-р Андреј Николаевич Соболев, професор на Катедрата за општа лингвистика и на Катедрата за словенска филологија на Филолошкиот факултет на СПбДУ, хонорарен професор на Универзитетот во Марбург, Германија и водечки научен соработник на Институтот за лингвистички истражувања на РАН во Санкт Петербург и на доцентот Александар Александрович Новик, кандидат на историски науки, раководител на Одделот за европеистика на Музејот за антропологија и етнографија „Петар Велики“ (Кунсткамера) при РАН и доцент на Катедрата за општа лингвистика на Филолошкиот факултет на СПбДУ. Автори на книгата, покрај веќе споменатите А. Соболев и А.Новик, се уште Марина Валентиновна Домосилецкаја, Александра Сергеевна Дугушина, Денис Сергеевич Ермолин, Валерија Борисовна Колосова, Марија Сергеевна Морозова и Александар Јурјевич Русаков.

Руското издание на книгата е на Институтот за лингвистички истражувања на РАН, Музејот за антропологија и етнографија „Петар Велики“ (Кунсткамера) при РАН и на Филолошкиот факултет на СПбДУ, а е објавено во 2013 г. од страна на издавачката куќа „Наука“ од Санкт Петербург и реномираниот издавач Verlag Otto Sagner München. Изданието на македонски јазик е заедничко издание на „Наука“ од Санкт Петербург и на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од Скопје и има вкупно 280 стр.

Македонското издание на книгата го редактираше тим составен од нашата прерано почината колешка д-р Убавка Гајдова, како и колешките д-р Светлана Давкова-Ѓорѓиева, д-р Веселинка Лаброска, д-р Еленка Стоевска-Денчова и колегата главен редактор д-р Васил Дрвошанов.

Книгата е резултат на повеќе експедиции и трудови настанати врз база на неколку проекти раководени од Андреј Соболев, а финасирани од Хуманитарниот научен фонд на РФ. Редакторите на книгата Соболев и Новик во воведот ги објаснуваат мотивите и целите на проектите и на експедициите со зборовите: *„Централен проблем на науката за јазиците и културите на народите на Балканскиот Полуостров (на балканската лингвистика и на балканската културна антропологија) е нерешеноста на прашањето за општите процеси на јазичната и на културната конвергенција и дивергенција во Евроазија и на специјалните процеси на јазичната и на културната конвергенција и дивергенција на Балканот, чиешто познавање е важно за добивање научна претстава за минатите и за современите поликултурни и многујазични општества. Санктпетербуршките балканисти од Институтот за лингвистички истражувања на РАН (ИЛИ на РАН), стручњаците од Музејот за антропологија и етнографија „Петар Велики“ (Кунсткамера) при РАН (МАЕ при РАН) и од Филолошкиот факултет на СПбДУ од почетокот на 90-тите години на XX век (првин во рамките на Меѓународниот научен проект „Мал дијалектолошки атлас на балканските јазици (МДАБЈ)“ / Kleiner Balkansprachatlas (KBSA)“) го концентрираат своето внимание врз комплексното проучување на балканската конвергентна група јазици и култури на ниво на територијални дијалекти и локални варијанти на културите, внесувајќи во науката апсолутно нови, автентични, системски организирани материјали, собрани непосредно на терен, според специјално разработени програми [Плотникова 1996; Домосилецкаја и др. 1997; Соболев и др. 1997; Новик 2009 (ракопис); Соболев 2009 (ракопис); Колосова, Домосилецкаја 2010 (ракопис)]. Како резултат на повеќегодишните активности се создадени, се обработуваат и постојано се пополнуваат експедициските текстуални, аудиоархиви, фотоархиви и видеоархиви за балканските јазици и култури (Архив на МДБЈ 1995–2013; Архив на МАЕ, Архив на одделот за европеистика на МАЕ), поставени се основите на предметната колекција и на компјутерската база со податоци во МАЕ (Кунсткамера) на РАН, а се реализира и серија публикации во руските и во странски издавачки куќи.“* (Голо Брдо 2018, 15-16).

Во руската наука теренските истражувања на контактните зони на Балканот се водат во Санкт Петербург од 2008 година. – ИЛИ на РАН, МАЕ (Кунсткамера) на РАН и Санктпетербуршкиот државен универзитет (СПбДУ) организираат комплексни проучувања на реоните Голо Брдо, Гора, Преспа, Девол, Корча, Кољоња и Дропул во Албанија, како и на реоното Цаконија во Грција; во експедициите учествуваат и студенти на СПбДУ и постдипломци на РАН. За нашата наука се важни зачувувањето и пренесувањето на уникатното искуство во сферата на организирањето и спроведувањето на експедициите на Балканот и на територијата на бившиот СССР, како и анализата на материјалите и на објавените публикации за одделните и обопштувачките трудови со балканистичка проблематика.* (Голо Брдо 2018, 17).

Комплексното антрополошки ориентирано истражување на зоните на конвергенција ги има како свој објект јазиците и дијалектите, културата на

живеење и стопанските работи, конфесиите, етничката припадност и самосвеста на населението, семејните и брачните односи, социјализацијата на жените во услови на поликонфесионално и полиетничко општество, фолклорот, традициите, верувањата, синкретизмот на верувањата и почитувањето култ, механизмите на внесување иновации во имаголошкиот состав на сликата на светот, културна и јазична синтеза во услови на меѓуетнички контакти, јазични, културни, битови влијанија и позајмувања и др. За разлика од „Малиот дијалектолошки атлас на балканските јазици“ (МДАБЈ), создаден во 90-тите години на XX век, кој е ориентиран кон добивање и анализа на материјал максимален по обем, апсолутно споредлив на меѓујазичен и на културен план по минимален број најрепрезентативни дијалекти на балканските јазици, надвор од зоните на современите етнички и лингвистички контакти, новите балкански експедиции на РАН од 2008 година се вршат токму таму, каде што има непосредно и интензивно меѓуетничко и лингвистичко заемно влијание. За таа цел, се формираат посебни мали етнички групи (в. Соболев, Русаков 2005), а преформатирањето на стариот дијалектен пејзаж, на традиционалната култура и на етничката структура се одвива со најзабрзано темпо. Теориски може да се смета дека процесите на заемно влијание меѓу Македонците и Албанците во Источна Албанија и во Западна Македонија, меѓу Албанците и Ароманците во Јужна Албанија, меѓу Грците и Албанците во Епир (Јужна Албанија и Северозападна Грција), меѓу Грците и Ароманците, Грците и Македонците, Ароманците и Македонците во Северна Грција итн., можат да послужат како модел за научна реконструкција на етнојазичните процеси во средните векови, за разбирање на овие процеси во поблиското минато и на современ план, а исто така можат да послужат и за прогнозирање на текот на слични процеси во иднина.

Албанско-македонското пограничје по целата негова должина од Косово, вклучително до северна Грција, претставува исклучително важен и интересен регион за лингвистички и за антрополошки истражувања. Државните граници на западот од Балканскиот Полуостров биле поставени во XX век, без да се земаат предвид конфесионалните и лингвистичките карактеристики на големите групи население. Областа, во која се одвиваа нашите експедиции во 2008–2010 година, се протега во источна и североисточна Албанија, во планински реон, непосредно на границата со Република Македонија. (Голо Брдо 2018, 17-18).

Своите истражувања авторите и учесниците во овие три експедиции во период од три години ги изведувале преку престој и живеење во определен период заедно со истражуваните жители, што им овозможило да соберат автентичен и свеж, актуелен материјал со лигвистички, етнолингвистички, етнографски, историски и фолклорен карактер за подоцнежна анализа од реоните со соживот на различни етноси од големо значење за науката воопшто.

Во поширокиот дел на воведот авторот Андреј Соболев дава опширен опис на пограничните микрорегиони Дебарско и Голо Брдо од етнографски, демографски, јазичен и културен аспект. Соболев дава опсежен преглед

на досегашните етнографски и лингвистички, односно дијалектолошки истражувања на населението и на говорите во овој регион. Даден е и обемен географски и демографски преглед на истражуваните села: **Требиште, Клење, Врбница и Борово.**

Најголемиот дел од книгата има општ наслов **„Македонците во Голо Брдо“.** Во овој дел, во првиот блок насловен „Јазик“, Соболев дава прилично обемен лингвистички опис на јазикот од историски и современ аспект, посебно се осврнува на лексиката и на фразеологијата, како и на сточарската терминологија. Системот на роднинските термини семејната етикеција мошне педантно и детално го изложува Марија Морозова. Таа ги опишува и видовите на сродство (крвно, преку брак (сватовство), стекнато (кумство, побратимство, млечно, посинување). Трудот е збогатен и со посебна табела во која се дадени и коментирани 180 лексички термини во вид на лексички прашања на кои се даваат и коментираат по неколку добиени одговори во врска со роднинската терминологија.

Во посебното поглавје за фитонимијата авторките Марина Домосилецкаја и Валерија Колосова заедно со Андреј Соболев го задржуваат своето внимание на етноботаниката и преку специјално составена илустрирана програма од Колосова и Домосилецкаја собрале материјал за 74 пошироко распространети и општопознати растенија на Балканот. Описите се проследени со историско-лингвистички и семантички коментари.

Вториот блок од книгата е посветен на традиционалната култура и во него е претставен етнографскиот материјал со првичните резултати од истражувањата на материјалната култура во Голо Брдо. Во овој дел Александар Новик пишува за традиционалната архитектура и културата на битот, традиционалната облека, накитот и ракотворбите на жените во Голо Брдо. Андреј Соболев ја разгледува духовната култура и посебно го разгледува народниот календар на православното население и на муслиманското население, системот на празниците, имињата на месеците, религијата и митологијата, демонологијата, амајлиите и другите видови на заштити.

Александра Дугушина и Марија Морозова ја разгледуваат семејната и породилната обредност, а ги објавуваат и своите истражувања за женската супкултура, носиите и приготвувањето храна. Денис Ермолин пишува за погребно-поменската обредност и културата на погребување кај населението на Голо Брдо.

Во поглавјето насловено „Прашања на идентитеот“ Александар Новик го изложува и го анализира прашањето на самосознанието на Македонците муслимани од регионот Голо Брдо. Разгледувајќи го прашањето од повеќе аспекти на историски и на современ план, земајќи ја предвид целата сложеност на балканската реалност и на ситуацијата во која се наоѓаат жителите на Голо Брдо, авторот А.Новик истакнува дека „***Македонците муслимани јасно ја осознаваат својата поврзаност со соседниот македонски ареал.“***(„Голо Брдо 2018, 187) и додава: „***Најважен симбол за самоидентификација е владеењето со месниот идиом, дури и во ситуациите на долготраен престој во странство – на курбет“.*** („Голо Брдо“ 2018, 191).

Монографијата е збогатена и со 9 песни како фолклорни текстови, од кои 4 се преземени од Веселка Томчева, а другите се запишани во текот на експедициите во 2008-2010 г. и се дадени во фонетско-фонолошката транскрипција на Македонскиот дијалектен атлас. Посебна вредност во оваа колективна монографија имаат дијалектните текстови објавени од истиот автор - Андреј Соболев, кој во текот на 2008 и 2009 г. со видеокамера снимил 17 фајлови со траење од вкупно 10 часа тонски и видеоснимки. Во книгата е објавен избор од тие текстови на 31 страна со систем од знаци на Македонскиот дијалектен атлас. Овој богат изворен материјал има големо значење за проучувањето на регионот од аспект на дијалектологијата, топономастиката и етнографијата.

Александар Русаков е авторот на помалиот втор дел (неполни 13 стр.) од оваа монографија насловен **„Албанците во Голо Брдо“.** Авторот дава преглед на досегашните истражувања на говорот на албанофонското население на Голо Брдо, а врз основа на резултатите од експедициите ги дава основните црти на говорите во селата Трбач и Борово. Описот е придружен и со еден текст од селото Борово, снимен од Новик и Соболев во 2010 г.

Во поглавјето **„Архивирање и музејско чување на материјалите од експедициите“** Александар Новик ги објаснува особеностите ина теренската работа и спецификата на теренските материјали, го опишува начинот на распределување и чување на собраниот материјал и архивирањето на фондот од трите експедиции во периодот од 2008 до 2010 г. во најстариот руски музеј основан од императорот и реформатор Петар Велики во 1714 г, Музејот за антропологија и етнографија „Петар Велики“. Авторот Новик на крајот заклучува: *Сега веќе е очигледно дека експедициите во Голо Брдо станаа важна етапа во проучувањето на јазикот и на културата на народите од Балканскиот Полуостров од страна на соработниците на Руската академија на науките и СПбДУ, а создавањето на архивските фондови (особено на МДАБЈ и Голо Брдо во 2008 – 2010 година) отвори можност да се обезбеди пристап до нив за руските и за странските научници, што ќе овозможи меѓународната истражувачка заедница битно да го прошири кругот на изворите за своите потреби. Притоа, МАЕ на РАН како место на чување на експедициските архиви добива статус на институција која организира пристап до нив и ја координира дејноста на другите установи за архивирање и опис на материјалите за балканските култури и јазици (вклучувајќи чување и опис на текстуалните, аудиоматеријалите, фотоматеријалите, видеоматеријалите и на предметните колекции). Ваков пристап ќе биде реализиран и во однос на материјалите од другите балкански експедиции на РАН.* (Голо Брдо 2018, 249).

На крајот од оваа колективна монографија во посебен прилог дадена е табела со опис на теренските материјали, чувани во Музејот за антропологија и етнографија „Петар Велики“, потоа се дава обемна библиографија за проблематиката, список на публикации на членовите на работната група врз основа на теренскиот материјал и список на фотографските илустрации дадени во книгата.

Со издавањето на оваа колективна монографија на македонски јазик најмногу добива македонската наука во целина и посебно македонистиката, збогатувајќи се со многу важен свеж теренски материјал и негова обработка, која од своја страна не ја ограничува можноста на македонските и на другите научници од светот да го анализираат и на свој начин да го толкуваат собраниот и објавениот материјал и да ги надградуваат сознанијата за Голо Брдо. Оваа и сличните досегашни, сегашни,а и идните експедиции кои се организираат од научните институции на Руската Федерација и нејзините научни работници покажуваат дека пред науката стојат уште многу можности за истражувања кои најдиректно ја засегаат македонистиката и претставуваат мотивација за македонската наука за нови истражувања. Придонесот на руските научници, како и на сите други од светот, во оваа смисла може само да се поздрави и да им се искаже благодарност за трудот и за новите сознанија.

Сметам и убеден сум дека оваа монографија ќе го добие своето заслужено високо место во македонистиката и дека ќе биде повеќекратно користена во идните македонистички трудови. Истовремено сметам дека и Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ добива уште едно многу вредно издание, а тоа што издава вакво издание на македонски јазик заедно со светски реномираниот руски издавач на научни изданија „Наука“ од Санкт Петербург, кој пак од своја страна е соиздавач на руското издание на исто толку реномираната германска издавачка куќа Verlag Otto Sagner од Минхен го потврдува и го подигнува неговото реноме како издавач на македонстички изданија од светски ранг.



Влатко Деков, *Праґа Интима*

АРТитектура

Далибор ПЛЕЧИЌ

ПРАГА ИНТИМА – ИЗЛОЖБА НА ВЛАТКО ДЕКОВ

Прага е една од најпосетуваните европски и светски дестинации. Град за кој, со мирно срце можете да ја употребите флоскулата „магичен град“, што и да значи тоа во излитените фрази на туристичките брошури или во описите на разните патници намерници по социјалните мрежи. Во Прага не можете да погрешите каде и да отидете по калдрмите на градското јадро. Дали ќе свртите кон Храдчани, замокот од 14 век, дали ќе отидете до готичките куриозитети на катедралата „Свети Вид“, ќе прочекорите покрај малите куќички на „Златната улица“, ќе ја отпоздравите В`лтава од висините на Карловиот мост, ќе слушате прашки дилеми дека токму средновековниот астрономски часовник Орлој, а не Карловиот мост е заштитниот знак на Прага, дали ќе се уверите во нереалноста на барокното здание “Клементинум”, магијата на градската библиотека со оптичка мамка или ќе скокнете до музејот на Франц Кафка. Да, Прага е град на Кафка, град во кој се родени или во еден период на животот биле Беджих Сметана, Зигмунд Фројд, Карел Чапек, Милан Кундера, Милош Форман, Никола Тесла и др. Сè е тоа Прага, хронотоп на цивилизации, на големи умови, на прекрасна архитектура, на жива енергија, на прекрасна храна, на прекрасно пиво и секако, град на римски, германски и чешки цареви и кралеви.

Меѓутоа, секое место, секој град, покрај контекстот и генералните општоприфатени топоними, убавини и точки на спојување, поседува и безброј индивидуални приказни што се раѓаат под ракурсите на партикуларните погледи, посебните доживувања, специфичностите на сопствените погледи на секој човек посебно. Во океаните од фотографии за Прага што секојдневно дефилираат во светот, оние со издвоена, индивидуална приказна имаат посебно значење и претставуваат посебен куриозитет, затоа што раскажуваат приказна што не може да биде мултиплицирана, унифицирана, копирана и којашто не може семантички да се потроши во бескрајните редунданции на потрошувачкото општество. Една таква приказна е приказната на Влатко Деков чијшто објектив соопштува сказна за Прага што не може да се повтори. Можеби ни тој не може да ја повтори колку и да сака. Како што кажува и самиот наслов, изложбата изнедрува интимна приказна на рандеву меѓу авторот и градот, неговата реакција кон градот и на градот кон него, една мала љубовна приказна меѓу восхитувачот и восхитениот.

Влатко Деков и самиот е интересна приказна, роден во Кавадарци, со кратки престои во Делчево, Берово, а сепак од Струмица. Живее во Скопје, но само кога не е во некоја од европските престолнини или светски градови. Постојано е во движење, но со вчудоневидувачка смиреност и статичност во објективот, со динамичен хабитус и смирен кадар. Впрочем, тоа ни го покажуваат и 35-те фотографии во црно-бела техника, единствената техника што ја користи Деков. Иако неговиот апарат е дигитален, во неговиот пристап е задржана фотографската практика што се усвојува во користењето на аналогната фотографија. Тоа е постапка со којашто тој се приближува до „субјективната фотографија", термин што го воведува Ото Штајнер уште од педесеттите години на минатиот век, а во која посебна важност има сопствениот израз на фотографијата, пред и над документарирањето на автентичниот изглед на реалноста, односно на надворешниот свет. Може да се забележи дека Деков дава примат на процесот на фотографирање, со што дигиталните обработки со компјутерски програми му се во втор план. Неговиот авторски пристап му дава посебно место на уметничкиот израз во кој лесно може да се препознаат разни душевни состојби што пулсираат од фотографиите: осаменост, загриженост, отуѓеност, бегство од баналностите на секојдневицата, но и возбуденост, исчекување, вознемиреност, вљубеност, радост и возбуденост. Во фотографиите можеме да ги откриеме мислите и чувствата на авторот кон градот, пред сè, работите што можеби би ги одминале, поминале или занемариле во метежот на градот, банални работи што всушност не се. На неговите фотографии има места коишто, како да се ослободиле за момент од луѓето и нивната контаминација, места што се вратиле на нивната првобитна состојба во која, во отсуство на луѓето, најдобро зборуваат за луѓето. Во еден црно-бел дијалог авторот комуницира со тие места и ја овековечува едноставноста и комплицираноста на немиот простор. Во нив нема случувања, но тие се полни со драматичност, бидејќи изнедруваат многу прашања, загатки и сегменти што лебдат во просторот и во времето. Во смиреноста на кадарот се насетува патувањето по вертикала и хоризонтала, од интроспективно доживување на авторот на партикуларниот однос со убавините на градот до временските конотации и поврзувањето со историските вектори на едно место.

Фотографиите на Деков бараат контеплативен (набљудувачки) пристап од нас гледачите, доколку сакаме да го почувствуваме она што тие го содржат и значат. Тие бараат внимателно читање и интерпретација за што не е потребно да знаете историја на фотографија, теорија на техника, не е потребно да знаете термини и да имате многу искуство во гледање фотографии. Потребно е само да се нурнете во нив и да се обидете да ги доживеете на свој начин, бидејќи приказната во нив е само една станица до многу приказни што можат да ги исткаат. Овие фотографии се вистинско богатство и како една специфична, автентична и особено профинета збирка на туристички дестинации што нема да ги најдете во безличните туристички брошури.

Předchozí zastavka Praha, další zastavka je?

Претходната станица беше Прага, следната е?



Никола Пијанманов *„Лузна“*, акрилик и пигменти (мурал) 850 x 500 см.

Ана ВИТАНОВА – РИНГАЧЕВА

ПРЕОБРАЗБА НА ЕДНА ПРАСЛИКА .....

(Обид за толкување на муралот „Лузна“ на Никола Пијанманов)

Само еднаш имам видено
толку крваво сонце.
И никогаш повеќе.
Злокобно се спушташе на обзорот,
се чинеше како некој
со ногa да ја развалил вратата од пеколот...

Јарослав Сајферт [7]

Има еден простор, едно парче спокој во градскиот парк во Струмица каде што често навраќам. Мирно, спокојно место со неколку клупи, една кружна мала бавча засадена со сезонски цвеќиња, а сенка прават големите крошни на големите стари дрвја. Наоколу фрлени догорчиња и по некој отпушок со остаток од кармин на дамата којашто крстосувала овде претходната ноќ. Тука е невообичаено мирно. Понекогаш се наслушнува тапо крцкање на стариот велосипед на човекот којшто секој ден, со кошница полна овошје, поминува оттука и по некоја неповрзана реченица на двајца старци, коишто вообичаено зборуваат за политичките случувања од вчера. Вообичаена слика на едно уморно секојдневие. Меѓу крошните на големите дрвја, назираат прозорците на зградата од минатиот век, подигната во средината на ова спокојно место. Врвулицата луѓе коишто секојдневно влегуваа и излегуваа од зградата, никако не можеше да го наруши чудесниот мир што беше всаден тука.

Неодамна, успиениот спокој го вознемири еден призор, сосема поинаков од сè што со децении беше познат екстериер на зградата чиишто ѕидови

7 https://okno.mk/node/2390

беа безбојни и безживотни. Мигот наликуваше на сцена од некој одамна непостоечки свет, кога голиот и храбар човек ги земал пештерските ѕидови за свои платна и на нив ги истурал сиот свој бол, страв, агонија и немир. Имав чувство дека некоја совршено вешта рака, со техника наследена од некој свој незнаен предок, создала еден поинаков, трансцендентален свет, навидум далечен и непознат. Бурата од бои се пробиваше низ крошните на дрвјата пред неа. Таа беше толку силна, што имав чувство дека го наслушнувам крикот од нивното свиткување и повторно исправање. Но, тоа го правеа достоинствено, стамено и одважно. Што имаа заедничко овие дрвја коишто се тука со децении и варосаниот ѕид, што до вчера стоеше само како предна страна на една правоаголна градба од минатиот век? Вештиот уметник со своето дело го одухотворил безживотниот камен, му ја прекрил голотијата и го преоблекол во нова облека, извезена со познати мотиви. Какво е ова привидение во коешто се најавува некаква борба на две исушени дланки фатени за работ, а под нив провалија или на корења на две столетни дрвја коишто гребаат што подлабоко за да стигнат до капка вода, или пак е тоа некаков крик на малиот и трошен човек, соголен до коска? Се обидувам да го замислам творецот како стои задуман пред белината на којашто треба да се оживеат боите за да почнат да зборуваат. Што ли чувствува тогаш? Дали страв од соочување со платното како огромен каменит ѕид невозможен за совладување или пак, нетрпение што поскоро да се испразни креативната енергија што треба да се пресоздаде во дело?! Кој ли е првиот маневар на четката? Дали е тоа ритуално замавнување со коешто се повикува музата, босонога да заигра по платното, или пак е силен убод на четката во бојата, што во допир со платното зачнува дело? Така најверојатно се раѓаат уметничките дела, налик на новороденчиња, коишто кога доаѓаат на свет носат надеж и нов живот.

Делото пред мене како да раскажуваше приказна од некое далечно, незнајно време, но имаше нешто познато во неа. Дланките насликани на пештерите некаде длабоко во древноста, биле одраз на длабоко всадената стравопочит што човекот ја имал пред надмоќната природа. Таа му била сојузник, хранителка, но и закана. Од неа се плашел, ѝ ги услишувал желбите, ја почитувал до степен на божество. Тие далечни приказни денес ни ги раскажуваат камените ѕидови на пештерите, живописани со цртежите на нашите прародители. Од длабочината на каменот како сè уште да дише пратворецот, како да се наслушнува трепетот на неговата дива рака дури остава трага во утробата на природата. Творецот, сликарот е номад, патник којшто патува низ времето пренесувајќи пораки. Колкава е моќта на човекот-творец, да поминува толку лесно низ времињата, да ги прави сосема ништожни далечините и да се среќава со својот духовен предок?! И таму некаде низ лавиринтите на времето, зад замислените двери се случува средбата на творците. Едниот полугол и бестрашен, со поглед полн со стравопочит кон природата и другиот кревок и трошен, исплашен да не се соочи со мигот кога природата

ќе го истури сиот свој бес. Можно ли е творецот како медиум да ни го покажува тој пат, да ни овозможува средби со оние чиишто пораки не успеавме да ги дешифрираме докрај?! Токму тие, преку цртежите што ги оставале по пештерите, по камените ѕидови, ни оставиле аманет, опомена дека нашата надмоќ е само лажна умисленост, дека човекот владее со светот.

Современиот човек сака да верува дека е доволно свесен за сопствената големина, но не и да се соочи со вистината дека е мал, трошен и смртен. „Човекот на сон и на јаве ги анализирал одговорите на своите привиденија и не се давал да биде заведен од измамници и во своите колебања ја преднасетувал сета своја интелигенција. Ја барал душата што го дозволувала неговото содејство и сочувство со светот“ велеше Борхес. Создавајќи го својот мурал „Лузна“, Никола Пијанманов во содејство со уметноста сочувствува со човекот кој, занесен од својата, само навидум голема сила, заборава дека е прашинка што за миг може да стане невидлива и да исчезне засекогаш. Го насетувам болот со којшто уметникот го создавал ова дело. Како неговите прсти да се зариле во растечената боја и оставиле лузна на платното. А тоа пак, поставено на студениот и нем ѕид, чиниш се припило за малтерот, како да станале едно, како отсекогаш да си припаѓале. Лузната го пробила платното, пуштила корени до каменот на кој, некогаш некој надарен уметник сликал, ја оставил, ја скаменил својата душа. И така, оваа праслика повторно се враќа на својот природен постамент, на каменот. Ова дело по којзнае кој пат ја потврдува единствената вистина дека созданието на уметникот *en gros* претставува трага од некои минати светови. Во него се оживува архаичната супстанца на постоењето, што има моќ да се пресоздава, но не и да исчезне.

Во делото на Пијанманов се отсликува едно препознатливо сликарско достоинство, пред чијашто големина човекот останува нем. Уметникот сосема отворено преку делото ги кажува своите сликарски ставови, што се оригинални и автохтони, една визуелна есетитка што не приличи на ниедна друга. Во долниот дел на сликата на темносина позадина се исцртува дланка што наликува на соголени гранки на суво дрво, а зад неа вжареното и закрвавено сонце. Зошто крвави сонцето пред истоштените и соголени гранки? Човекот, заборавајќи ја колевката што мајката-хранителка му ја направи од листови и гранки за да го стопли, безобѕирно ја згази со своите огромни алчни стапала. Со својата неукост и алчност го вжари сонцето до расипаност, до степен кога топлината ќе му стане најголем непријател, Луцифер којшто ги гори телата до растопување. Од грамадноста на муралот како да зборува обезличениот и полумртов човек, чијшто лик сосема исчезнува, бидејќи сонцето го вжарува до самоспалување, а водата наместо очистување, носи пропаст. Во горниот дел соголена дланка, ковчести прсти, коишто како да сакаат да зграбат нешто, свиткани како да гребат. Со себе носат крв што се растечува од внатрешната страна и се закануваа дека ќе му ја одземе светлината на сонцето, ќе го облие во крв, сè дур не

го донесе до степен на помрачување. Дали дланката самата грабајќи не се скаменила, па не може да се протегне за да го дофати животот?! Еден болен спазматичен грч, една драматичност се случува пред очите на набљудувачот. Тој како да очекува дека во секој момент ќе се случи допирот на прстите со врвовите на гранките. Колку болка има во напорот да се досегне до животворниот извор?! Но, што потоа? Дланката е слечена, умртвен е нејзиниот дразбен механзам, а гранките оголени, безживотни и суви. Чуму допирот, кога крвотокот пресушил и оставил само лузни? Ако пак дланката е крошната од дрвото на животот што сега е само сеќавање на рајот од Едемската градина, тогаш се оживува алузијата дека од неа останал само спомент. Моментот кога се разделуваат една од друга (дланката или крошната) е моментот кога човекот сам се протера од рајот и по своја заслуга го доби земниот живот. Токму тука, на земјата, наместо да ја заочува природата за да им ја остави во наследство на своите потомци, тој од дрвото изделка крст за сопственото распетие.

Полидимензионална може да биде симболиката на едно вакво уметничко дело. Првиот впечаток што ненамерниот минувач го добива набљудувајќи го муралот е чувството на зазор, но зазорот како чувство на одвратност и зазорот дефиниран како чувство на срам. Одвратноста или одбивноста се појавува како недокрај дефинирано чувство, кога оддалеку се обидуваме да ја дешифрираме идејата на авторот. Но, веднаш откако ќе се смири првиот наплив на чувства во афект, она што потоа следува е вистинското соочување со самите себе, односно момент на идентификација, JAC и огромното платно пред мене. Тогаш тоа платно станува просторот во кој сите ние опстојуваме, но сега го гледаме пред нас, огромен, застрашувачки реален, како да нѐ опоменува дека сме на чекор до провалијата од којашто никој жив не се вратил. Застанати пред платното се обидуваме да дојдеме до одговорите на прашањата од кои всушност се состои нашиот живот. Како освестуваме, така одзвонува мислата на Арнолд Хаузер: „И што може да значи уметноста за некој што во животот не е вплетен длабоко, страствено и опасно како самиот уметник и којшто не ја цени од гледиште на животот? Таа е помошничка само на оној што од неа бара помош, којшто ѝ пристапува со намерите на совеста, на сомневање и неспокојни очекувања. Таа има нешто да му каже само на оној што ќе ја праша за нешто; за оној што не ја прашува – таа е без секаков одговор...“ Гледајќи ја згрчената ковчеста дланка, што како да бара спас во допирот со оголените гранки на дрвото, нѐ преплавува чувството на срам, од самите себе од тоа, како успеавме со нашите крволочни заби да ја прегриземе артеријата што хранејќи нѐ со крв, нѐ хранеше со живот. Како човек да се скрие од себе кога свртувајќи се, насекаде ги гледа сличните нему?! Пред нас како да оживува митската парадигма за прогонството од светот и во светот, од себе и кон себе. Обидот да се оддалечиме од муралот, од почеток е осуден на пропаст, бидејќи колку повеќе бегаме од него, тој се исправа пред нас, уште појасен, застрашувачки голем. И тогаш започнува

нашето бегство, да се оддалечиме, да се преправаме дека ниту сме виделе, ниту сме чуле. Но, невозможно е, бидејќи лузната одамна ја носиме во нас, но сега сакајќи да зграбиме повеќе, со сопствените нокти заривме длабоко, толку длабоко што ги раскрвавивме сопствените утроби. И наместо да ги носиме во нас новите рожби, ние ги осквернавивме, па почнаа да плукаат крв.

Како што дрвото ја повторува својата крошна
во крошната на своите корења
таму долу под глината,
и таа уште долго живее
откако дрвото паднало,
можеби и на луѓето по смртта
им останува ронка живот
таму долу под земјата
врз којашто стоеле и шириле раце.

Тежина на глината,

Јарослав Сајферт [8]

8 https://okno.mk/node/2390



Верица Арапова *„Комūозиција“*, комбинирана техника 70 x 60 см.

Никола ПИЈАНМАНОВ

СКРИЕНИ ОТКРИТИЈА

(Кон самостојната изложба на Верица Арапова)

Сликарскиот свет на Верица е како палимпсест. Тоа е ликовно писмо создадено од слоеви и наслаги што се покриваат едни со други и на некој чудесен начин повторно се разоткриваат. Тие се покриваат за да не исчезнат. Постојат слоеви што се самозаштитуваат од целосно исчезнување со тоа што ќе се покријат себеси едно врз друго. Сета историја е пластови од искуства и сеќавања. Така се зачувани праисториските слики во пештерите, средновековните фрески под влажните слоеви малтер и така опстанале подните мозаици под песокта. Тие се откриваат себеси во структурата и текстурата на сликата и секогаш опстојуваат на работ на исчезнувањето. Како топла просторија од детството што ја пребојувале низ времињата, без да ги покријат деталите од најскриените и далечни спомени што тука стоеле отсекогаш, како траги на sидовите. Во личната историја (метаисторија) на уметникот, постојат траги и отпечатоци, што со некоја волшебна хемикалија се појавуваат натопувајќи и разјадувајќи го платното. Сликарот е археолог на сопственото постоење.

Во сликите на Верица Арапова чувствувам стремеж за враќање кон детството, кон вечната младост. Кога го прашале Антоан де Сент Егзипери од која земја потекнува, тој одговорил: "Јас сум од моето детство". Можеби тоа е и формулата на сите уметнички пориви што сакаат да ја допрат естетиката на изгубеното детство, творбите на заборавените спомени. Го чуваат во срцевината како скапоценост. Затоа во нејзините слики се појавува еден осамен цвет. Во тој урбан, најчесто суров свет, таа волшебна билка се проникнува низ просторот како некоја амајлија, како украс на еден изгубен хоризонт. Како растение во раскршена фуга помеѓу две бетонски плочи, или како зимските цветови од замрзнатата земја. Цветот расте во просторот, изникнува од него како во магичните визии на Пол Кле, но овде тој простор е често туѓ и нељубезен, бучен и немирен.

Сè ќе биде откриено, ништо нема да исчезне. Главниот анонимен лик од "Енциклопедијата на мртвите" на Данило Киш , ќе остане запаметен само по еден насликан цвет скриен во една книга. Во сликите како во некоја арабеска се исцртува дневникот на сликарот, со сите можни материјали за израз што во

моментот се достапни за креација. Креда, туш, молив, пастел, боја, лепило...


Ателјето на Верица е како мала лабораторија на уметноста. Илјадници парчиња материјали си го наоѓаат својот распоред во сликите поставени на штафелајот. Сликарите со сопствено ателје се луѓе коишто престојуваат на друга планета, во други димензии. И само тука и така можат да создадат нов творечки живот. Кабина во којашто гравитацијата и логичниот распоред на нештата немаат влијание. Жално е што сликите не ги гледаме изложени во ателјето од каде што потекнуваат. Како што палетата на сликарот е екстракт на сите слики, така ателјето станува храм на естетиката. Хаосот станува извонреден распоред и ред на креирањето.

Посебна улога во сликите игра колажот. Парчиња изрежани од весници, искинати ткаенини, текстурални картони и платна. Колажот не е веќе само обично техничко средство за постигнување ликовни решенија, туку и суштина. Тој е толку лесно и природно вграден во структурата на сликата, што на моменти личи дека самите слики се одлепени од други слики, а овие од некои претходни и така во недоглед. Слој по слој. Колажот понира и се појавува од најдлабоките места на сликата. Перспективата е внатрешна. Некогаш е тоа потсвесно, некогаш свесно градење на композицијата. Некогаш во функција на колоритот, но најчесто, речиси надреално, надвор од функцијата на делото. Како во сон. Колажите се отсечоци од реалниот свет, но тие ја губат својата баналност. Се дематеријализирале во една нова суштина. Дури и фотографиите исечени од евтини модни списанија почнале да добиваат друга димензија. Текстовите од комерцијалните весници – друго значење. Нов јазик. Затоа што во сликарството, реалниот свет се растура за да се изгради одново, според внатрешниот свет на уметникот. Како после ненадеен земјотрес.

И на крајот, кога сè ќе биде откриено, кога завршената слика (никогаш незавршена) ќе биде на еден класичен начин врамена, осветлена и изложена, ние сме повторно во дилема – што е скриено, а што откриено во овие дела?! Дали некогаш ќе ги осознаеме тајните на уметникот, неговиот внатрешен живот? Неговите мисли, осаменост, радост, тајни, писмата скриени, никогаш неиспратени. Сликите секогаш ќе останат хиероглифи за светот. Ќе ги дешифрира само чистото срце, затоа што со очите не може да се види вистината.

Малиот принц (Antoine ***de*** Saint-Exupéry) се растажува и за момент ја губи смислата и радоста на животот кога ќе види дека на планетата Земја постојат илјадници цветови налик на неговиот, а тој мислеше дека постои само неговиот цвет, еден и единствен во Вселената. Ете ја тагата на современиот сликар, во планетата на мултиплицирани "делумни" слики и полувистини.

Но, мудрата лисица му кажа на принцот: "Ти за мене си сè уште едно обично дете слично на стотици илјади деца. И јас немам потреба од тебе. И ти немаш потреба од мене. Оти јас сум за тебе само една обична лисица слична на стотици илјади други. Но, ако ти мене ме припитомиш, ние ќе имаме потреба еден од друг. Ти ќе бидеш за мене единствен на светот, јас ќе бидам за тебе единствена на светот".



Верица Арапова, *„Помрачување“*, комбинирана техника 70x60 см.

Митко ГОГОВ

КРОТКИТЕ ДУШИ ЈА КРИЈАТ НАЈГОЛЕМАТА БОЛКА

(Кон театарската претстава „Кротка“)

Текст: Ф. М. Достоевски
Режија: Дејан Ангелов
Актер: Стојан Велков -Трн
Сценографија: Никола Пијанманов
Музика: Ставре Ангелаков
Ко-продукција: ЗГ „Култ – Транзен“ & НТ „Антон Панов“
Сцена 112, Струмица



Затоа што е тешко да се биде во матрицата на Достоевски, затоа што е ужасна судбината да се биде еден од неговите ликови, затоа што болката е загарантирана и неспорно жената е неминовна можност за страдање:

„Зашто жената – тоа ти е брате, ѓаволот знае што е, барем нив добро ги познавам! Само обиди се пред неа да ја признаеш сопствената вина: 'Виновен сум', – речи – 'прости ми, извини!' – ќе ти упати цел порој префрлања. Таа нема да ти прости веднаш и просто, туку ќе те понижи како крпа, ќе ти го нареди и она што не било, сè ќе земе, ништо нема да заборави, дури и ќе додаде нешто свое, и дури тогаш ќе ти прости. И тоа најдобрата, најдобрата меѓу нив! Ќе ти истружи сè што може, потоа сè ќе ти натовари на главата – во нив се крие некакво мршојадство, во сите до последната, во тие ангели, без кои не можеме да живееме.“

А жените, привид на ангели, секогаш во себе го кријат (ли) демонот(?!), се протнуваат (ли) во сите мали и големи моменти на преиспитување, вредеше ли да се љубат и колку сме крути, себични и исплашени тогаш кога ги нема. Во таа насока би сакал да започнам да пишувам, а би можеле првично да ја проследиме монодрамата „Кротка“ на Здружението Култ – Транзен“ во соработка со Народниот театар „Антон Панов“. Тие по долго време вратија на сцена една сериозна драмска тежина, во која Стојан Велков - Трн маестрално ги вклопил сите негови актерски потенцијали.

“Кротка” е приказна за изгубената љубов, за краткоста на бракот прекинат од лабилна одлука, таа е ретроспектива за прокоцканите можности, за неверството и (не)верувањето. “Кротка” е претстава за гордоста, пркосењето на нормалното, за спомените и чувството на сепарација (духовна и материјална).

Стојан Велков - Трн има изградено лик во кој постои целосно течение на емоциите, независно од тоа дали си игра со емоциите што ја откриваат длабочината на човечката психа или пак, ја обојуваат тишината со детали од животот што трепери пред судбоносниот камен. Различните психолошки состојби, нивната кохерентност и избалансираност со нарацијата што открива детали од профилираните (внатрешни) протагонистички судири прават новелата на Достоевски да започне еден сосема различен живот, независен од оригиналниот, адаптиран со современ призвук и вид, ослободен од класичното театарско сиже, а сепак трнливо, невообичаено, без наметнати нормативи. Трансформациите во неговото сеприсуство, моментите на присуство на неговото алтер его, отсуството на *“здрава мисла“*, дали животот е најголемиот залог што може да се стави во хазардна дилема, вреди ли да се прокоцка недопреното, сето тоа во актерската целина, без претерани манифестации Стојан Велков - Трн го пласира пред публиката во еден здив, со ритам што го држи будно вниманието на гледачите во секој единствен, засебен момент. Се сеќаваме ли на луѓето коишто ни недостигаат преку нивните реликвии, имаат ли тие приказна независна од реалноста и постоењето, дали има во нас трошка толеранција на духот?

Успешно реализиран режиско-сценски минимализам, во кој сите режиски клучеви и сценски решенија

функционираат во нагласувањето на актерската игра. Сите оставени симболи го надоградуваат театарското дело, па така моноспектаклот „Кротка“ ни нуди повеќе можности за анализа.

Професионалниот спој на концептуалното со траги-фарсата на Стојан Велков Трн му отвора слободен простор во кој ќе се покаже повеќеслојниот, комплексен карактер, себеанализата бавно ни ја гради претставата за тоа што тој во себе носи (крие) и основното премислување на состојбите од повеќе аспекти, а амбиенталниот траор и тишината го оставаат гледачот во грч. Прекршувањето на вистините (колку се и дали е тоа само една) и реалноста (како таква) ја прават оваа постановка тревожна. Ароганцијата не е за сите, внатрешното преиспитување на позициите, односот со себе и со другоста во себе, имаме ли потреба од себеказнување. Асоцијативноста е овде крик за изгубениот живот, катарза. Сопнувањето на каменот е видлив, шокантен доказ за карактерната несигурност и непредвидливост.

Зошто ли „Memento mori“ и зошто да бидеме сведоци на несреќа? Зарем сакаме да ја посведочиме сета болка на светот преку лично преживување на смртта? Тоа можеме само еднаш, зарем не?! И зошто ли се втуркаме во смртта со икона во рака? Зарем тоа не е уште еден контрапункт, дали е тоа правилно, ќе бидеме ли прифатени од Бог, иако судот сме го донеле сами? Се плашиме ли доволно од самите себе и нашиот луденс, дали трагедијата е нашиот излез од чистилиштето, дали лифтот на судбината ќе нè носи нагоре или надолу? Прагматичното следење на кршливоста на човечкиот дух нè тера одново да ги промислуваме движењата и дали остана нешто неискажано, недокажано. Кревки сме, сè повеќе се оддалечуваме и полесно е да кажеме што нè дели, отколку што е она кое ќе ни донесе духовен спокој.

Во овој случај сценографијата на Никола Пијанманов извонредно го доловува времето, атмосферата, светлината (темнината), црковната амбиенталност и сакралност, има ли финална мисла што ќе ни помогне да ослободиме сè? Прозорец на домот или портал кон вечноста, кон ослободувањето. Остана ли уште да се изоди или тоа беше крајот, всушност, дали стануваме свесни колку некој ни значи кога вистински ќе го изгубиме? А телото е овде, заледено, мумифицирано во нашите глави, изложено во целата негова светост, иако е празно, безживотно. Се вртиме кон иконите и светците секогаш кога нè јаде стравот, секогаш кога знаеме дека сме згрешиле, секогаш кога свесно (се) повредуваме. Бракот е само за најхрабрите. И љубовта.

Отворениот микрофон (open mic) е маестрално решение што режисерот Дејан Ангелов го користи за да даде една контемпорарна поетичност, модернистички пресек и своевидно доближување на *“мислиме што не се слушаат“*, па затоа е оправдана контрадикторноста во изнесувањето на елементарните, носечки сцени. Просторот е дизајниран со чистина, декорот и реквизите се таму само заради тоа што се ставени во функција. Целата претстава се бори со чистината, ја има и тогаш кога сме замрсени во карактерниот јаз на протагонистот, во неговата лична борба и страв, за музиката што, иако можеби секогаш во позадина, ги црта по петтолинието на аудиториумот непознатите предели

на потсвеста. Експерименталното музицирање на Ставре Ангелов одлично се вклопува во целиот тој концепт, само тропотот е тој што најгласно одекнува, сè додека другата нарација гази нестабилно на тенка жица што во секој момент може да се откине и да настане молк. Флуидно ги прифаќаме тапите звуци. Тие кулминираат тогаш кога на сцената владее мракот, а ние со кандило во рака ја бараме светлината во нас, додека повторно гласот се враќа за да ни каже дека има и полошо. Сенки сме, затоа таа е споредниот лик на сцената, ги разигрува деловите од сцената што го кријат ѓаволот. Смртта или самоубиството како финален чин за пресврт, која е тенката линија меѓу животот и смртта, зошто кај сите тригерот е различен, зарем мораме сè да искусиме на сопствена кожа? Вреди ли материјалното кога длабоко во нас чуваме бездна?

Расклинувањето е болно, нема стигма на дланките, одењето во крајности е клучно решение, а директните метафори се вистинскиот одговор. Нема преглумување, напротив, постои совршен баланс меѓу музиката, сценографијата и комплетноста во актерската игра. Овој тим знаел што сака да донесе на сцена, а сцената, струмичката...?! Таа долго плачеше за вакво дело. Браво екипо, ќе ја гледаме повторно, а зарем има нешто поубаво од тоа да сакаме да ја гледаме повторно?!

Васко МАГЛЕШОВ

ЕДЕН МЕСЕЦ НА СЕЛО

(слаткогорчлива ентропија на карактери)

Класичното дело на рускиот реалист, Иван Сергеевич Тургењев, „Еден месец на село“ еден и пол век откако е напишано, делува неверојатно вибрантно и живо како претстава на даските на МНТ. Зад потписот стои стариот пријател на македонскиот театар, италијанскиот режисер, Паоло Маџели. Ова е мини-студија на карактери чијашто вивисекција се случува пред публиката hic et nunc. Овој маг на театарската режија го топи театарскиот воздух со атоми на френетична игра, лудизам и тишина. Тој пред 30-ина години во Драмскиот театар ги постави „Карамазови“ и „Тетовирани души“, а во МНТ, „Црна дупка“ на Горан Стефановски.

Мошне храбро и визионерски во замислата, Маџели постави една од првите реалистични драми од „модерниот реализам“ (веројатно свесно преземајќи го ризикот дека станува збор за наратив изваден од драмски нафталин). Но, сосема е неважно дали поради одврзаните односи и дејства, дали поради тишината што често говори повеќе од репликите, дали поради јазичната или интимната игра, поради кокетерството или пак, поради паралелните приказни, режисерот говори современ и заводлив театарски јазик. Публиката, судејќи по реакциите, во најголем дел го разбира, го одобрува и активно 140 минути комуницира со него.

Рустикалната приказна на Тургењев е едноставна, но со многу моќна драмска геометрија. Сопругата на богатиот земјопоседник, Наталија и младата Верочка се вљубуваат во истото момче, учителот на синот на Наталија. Овој наратив континуирано се полни и се празни со кокетирање, вљубување, одљубување, алтернирани приказни од кои еманираат игри, страст и една тегобна немоќ. Дел од репликите остануваат да висат некаде во воздухот како атоми чијашто фисија зависи од активната улога на гледачот: како скриено импресарио што со уста полна иронија лебди на сцената. И кога е полупразна, лебди ехото на недосикажаното.

„Еден месец на село“ е слаткоречива и слаткогорчлива комедија, што сепак завршува бучно под менгемето на тишината. 15-члениот актерски ансамбл се обидел уверливо да го прикаже ненаметливото соголување на ликовите. Тие се присутни и во нивното отсуство.

Мора да се признае и дека Маџели како да немал целосно или доволно влијание во оформувањето на ликовите, но независно од тоа, тие функционираат заеднички во еден неврзан космос.

Никола Ристановски го оживеа микросветот на Михаил Александрич Ракитин, еден од ликовите на Тургењев одигрувајќи го со непретенциозна игра и со особено мудра актерска политура карактерот на семеен пријател. Ѓорѓи Јолевски и Сашка Димитровска успеаја да го убедат аудиториумот дека нивниот однос на сцената е разјаден со киселината на новиот заводлив младешки лик во бракот. Дарја Ризова, Тина Трпкоска, Александар Микиќ, Нино Леви, Сашко Коцев и Стефан Спасов го пренесоа заедно реалистичниот свет на заедништво и разделби.

Музичкиот минимализам во претставата е всушност еклектицизам од акапели на актерите и акорди што струнат од пијаното или гитарата. Гласовите на Ристановски и на Димитровска на сцената стануваат високотоксични реплики полни со животна вистина и брзо продираат до сите клетки што циркулираат во анатомијата на приказната.

Драматургот Жељка Удовичиќ внимателно по рабовите на дејството во „Еден месец на село“ филигрански обрабила дополнителна акција којашто постојано назира кришум како сенка од изговорените реплики и одиграни гестови. Сценографијата на Лоренцо Банчи прецизно и впечатливо ги насликала безгрижните мотиви и раскошот на една фамилија при престојот на село. Изборот на сценографијата со мноштво трски е реалистичен и семантички оправдан и заедно со костимите на Мануела Паладин доловиле богат театарски свет кој фршти со енергија и светлина како да е лето некаде во Русија. Дијагностички прецизно за временската епоха, екстравагантните и светкави костими го скицираат аристократскиот гламур наспрема душевната празнотија што дише до последните минути од претставата.

„Еден месец на село“ е симболичка патологија на семејните односи и спектакл на интернализираните борби во и помеѓу ликовите. Оваа претстава е приказна за бракот, смеата, музиката како плач и плачот како музика, за страста, погледите, разделбите...

Изборот на Маџели внесе свежи атоми кислород во театарскиот крвоток на МНТ. Тургењев очигледно е жив и проклето актуелен, а режисерот сака да ви раскаже еден микросвет кој ќе „ровари“ со вас и по претставата. Бидете уверени дека сигурно ќе сакате да го возобновите... барем уште еднаш.



Јулијана ВЕЛИЧКОВСКА

АТИЦЕ – ПОСЛЕДНАТА ЖЕНА ШТО ЗБОРУВАШЕ ЗМИСКИ

Кон филмот „Медена земја“ и романот „Човекот што зборуваше змиски“

„Медена земја“ го гледав неодамна. Не успеав да го гледам кога се прикажуваше в кино, па се случи така, пред јас да успеам да го гледам, да го изгледа мојот пријател Сиим Кера од Естонија. Тој ми напиша колку многу му се допаднал филмот што дури и го расплакал и се надева дека ќе влезе во трката за „оскар“. Од она што се коментираше по социјалните мрежи, сфатив дека за луѓето е возбудливо тоа што Атице прави мед од диви пчели, а пчелите ги чува, покрај во трмки, и на необични за нас, но сосема очекувано тамам за пчелите, длапки од напуштени и разрушени куќи. Тоа ми будеше насмевка.

Баба ми беше како Атице. Одгледуваше пчели на истиот начин. Но, не во рушевини од стари и напуштени куќи, туку во карпа. И Атице имаше пчели во карпа. Всушност, тие беа и единствените што ѝ останаа, откако другите настрадаа поради човечката алчност.

Баба ми имаше карпа, а ние, нејзините внуци, ја викавме „Седлото“. Во карпата беа издлабени неколку дупки, се затвораа со дрвени капаци, а капаците се лепеа со лепешки. Дивите пчели ги мамеше исто како Атице, со трмка и со она: „Мат-мат-мат-мат!“ Оти така се вика по матица. Јас јадев од медот на баба ми, пораснав со тој мед и среќна сум што уште имам од него. Не, баба ми долго веќе не е меѓу нас и медот не доаѓа од карпата, но моите родители ја продолжија традицијата, и иако во сандаци, сепак, пчелите ги одгледуваат на истиот природен принцип. Некако тешко ми оди да го напишам зборот хумано, оти човештвото денес делува во сосема спротивна насока од значењето на овој збор. Но, медот остана истиот, од истите диви пчели и истите драки и други ливадски растенија што вируваат околу карпата. Со истиот вкус на дома како и пред триесетина години.

И баба ми живееше сама, во едно напуштено село од разбиен тип. Другаруваше само со пчелите и со понекое мече или куче коишто знаеја да ѝ дојдат на гости, а обично си живееја во манастирот.

И за нештата да се совпаднат, како што обично бидуваат работите, „Медена

земја“ се случуваше додека јас работев на преводот на еден извонреден роман од естонски автор - „Човекот што зборуваше змиски“ од Андрус Кивирахк.

Атиџе и Леемет, главниот лик од оваа книга, се истите луѓе. И баба ми беше таков човек. Верувам дека негде, во некој микро свет, може да се најде уште некој како нив, но знам и дека овие се последните луѓе на една ера. Леемет беше последниот човек што зборуваше змиски, јазикот со којшто можеше да комуницира со сите поголеми и поинтелигентни суштества во шумата, но не и со инсектите. Сепак, Атиџе, се чини дека го знае змискиот што во романот го говорат последните примати – Пире и Раак. Тие знаеја да зборуваат со инсектите, во нивниот случај со вошките, во случајот на Атиџе - со пчелите. Но, тоа е истиот тој концепт. Во народните приказни тоа е чест мотив, познавањето на немуштиот јазик, јазикот на животните, на природата. Кивирахк очигледно е поборник за натурализмот и тоа мошне јасно го пренесува како порака преку својот главен лик во романот. Атиџе ја носи истата таа порака: „Половина за мене, половина за пчелите“, како што и Леемет и неговото семејство имаат моќ со помош на змискиот јазик да ги наведуваат животните да им се покорат за колење, но убиваат само колку за да се прехранат и тоа за нив не е забава, за разлика од неколкучасовниот лов на железните луѓе. Сето тоа се случува по некој природен закон што обете страни го почитуваат.

Но, иако Леемет и Атиџе се последните луѓе на една ера, таа е последниот жител на селото, Леемет е последниот жител на шумата, двајцата веќе здивени и напуштени од останатите луѓе, остануваат доследни на својот принцип на живот и покрај сите промени околу нив. Но, не го игнорираат тоа во целост. Атиџе слуша радио и си ја бојадисува косата, Леемет служи вино на својата свадба во шумата. Тие ниту се некои закоравени фанатични борци за да се задржи стариот начин на живот, какви што, на пример, беа приматите Пире и Раак, ниту, пак, по секоја цена се стремат да бидат нешто што не се, и да се претопат во новиот современ начин на живот, менувајќи си го во целост идентитетот, како што тоа го направија другите луѓе од шумата, луѓе што заминаа, си го сменија името, почнаа да се облекуваат во селска облека и почнаа да јадат леб и каша од овес, а најсреќни беа ако станеа слуги или љубовници за еднократна употреба на витезите. Атиџе, ликот од „Медена земја“ (не Атиџе од реалниот живот) и Леемет, не го напуштаат својот дом. Остануваат свои на своето и со своето. Тие никому не слугуваат. Си живеат едноставно, сега и тука. Таа со нејзините пчели и кучето, Леемет со Северниот Жабок, кој иако е во вечен сон од кој никогаш не би можел да се разбуди, сепак, му даде смисла на животот на Леемет, како негов последен чувар. И можеби тоа ќе трае и бескрајно долго, оти, можеби и Леемет во таа чудесна синергија со природата, откако ја изеде змиската кожичка стана речиси бесмртен, како и Мееме, па иако е лик од средниот век, можеби и денес дреме во тајната пештера заедно со својот Северен Жабок додека во целост не се претопи со природата. Атиџе, исто така, уште е тука, за да нè потсети дека природата не е овде само за да грабаме од неа, најчесто повеќе од што навистина ни треба, туку дека треба да делиме. Концепт што денешното општество го

нема. Денес нема делба, денес има само поделба и разделба.

Шумата што полека се празни од луѓето може да е и Македонија. Може да е секоја мала земја. Луѓето ја напуштаат, ги забораваат и јазикот, и традицијата, и начинот на живот, се претопуваат, невешто копираат... а оние коишто остануваат, го прават најлошото. Селските старешини нѐ убедуваат дека не сме во шумата, дека ова, всушност, е селото. Нѐ убедуваат и дека нашево село (што не е ни село) било речиси исто како светските села, иако никогаш не би можело да ја достигне нивната величественост. Па, така, дома си го забораваме јазикот, во шумата го донесовме и голтаме од грозниот леб и убедувајќи се себеси дека треба да сме среќни со трошките, дека месото е само за трпезата на земните заменици на Бога, со радост им слугуваме, им се потчинуваме на „железните луѓе“, и да, и името си го менуваме. А најтажни сме што до нас уште не допрела најновата европска мода – кастрацијата и со песна, нежно, од корен да се истребиме.

И сега, ми горчи ова, крајот на текстов, како што на многумина им згорчи и етикетата на „медот“. Го разбирам тоа. Но, јас сум човек што ако нешто не му се допаѓа, секогаш нуди некакво можно решение. Па, ајде, за почеток, да не се делиме, туку само да си делиме и да споделуваме радост и тага, толку колку што си имаме. Може ли? Оти и ова, како и сѐ друго, ќе помине.

Ѓургица КОСТАДИНОВСКА

SS-GB - ШТО АКО НАЦИСТИТЕ ПОБЕДЕА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА?

SS-GB е новата британска мини-серија во продукција на BBC, класифицирана во жанровите акција, мистерија и драма работена според романот на Len Deighton напишан во 1978 година. Според тоа, не би можело да се рече дека се работи за современа и свежа тема, но ова е обработка на изненадувачки вечно актуелното прашање што понекогаш сите си го поставуваме – што би било кога би било?

Што би било ако нацистите победеа во Втората светска војна и целиот свет би бил заробен под нивна власт? Оваа серија со извонредна доза на уверливост нè сместува во таквата алтернативна историја или т.н. паралелен универзум. Атмосферата во која Британија е окупирана од Германија, а британските работници претставуваат работна сила за големата германска нација е нешто сосема ново. Нацистичка Европа, како би изгледало тоа? Фановите на Орвеловите дистописки теми добија уште една нова, скокотлива имагинативна приказна.

Британскиот детектив Даглас Арчер (Сем Рилеј) поставен во ваквиот „сетинг“ добива задача да го истражи убиството на сомнителен криумчар. Распнат меѓу два огна, Арчер како да оди по жица, се обидува да одржи рамнотежа меѓу две спротивставени страни. Од една страна, тој мора да одговара пред своите надлежни од СС единиците, а на другата, да го штити британскиот Отпор. Решен да ги штити саканите, а потонат во длабока безизлезност, тој се обидува да се справи со сите сплетки што му се инволвираат и длабоко во приватниот живот.

Бунтовната Силвија (Мејв Дермоди) и фаталната Барбара (Кејт Босворд) се силните женски карактери коишто го освојуваат срцето, но и го поматуваат детективскиот разум на брилијантниот Арчер. Едната самоуверена, непослушна и верна, другата таинствена и интригантна, поим за femme fatale ја разгоруваат неговата страст, но и неговата љубопитност. Таквиот амбивалентен однос го држи гледачот во целосно исчекување, комплетно освојувајќи го неговото внимание.

Форматот од 5 епизоди се покажал како добитна ситуација за достојно да се обработи содржина од овој тип, а визуелноста исто така е во функција на репресијата што се наметнува. Освен свастиката, црвените знамиња и банери што се буквално насекаде, друга коло-

ритност речиси и не може да се забележи. Темните бои, сивилото и мракот се манифестација на жртвеноста и теророт што го трпат окупираните граѓани од страна на надмените и навидум семоќните германски офицери.

SS-GB е серија што, меѓу другото, поставува и многу важни прашања за чувството на припадност и (не)разнишаноста на идентитетот. Ве тера да се замислите како би постапиле вие во ваква ситуација? Би биле верни на своето или пак целосно би ја прифатиле наметнатата идеологија? Поради темата што ја обработува, серијата донесе низа контроверзности во Европа. Политиката и историјата секогаш изнудувале бурни реакции, па макар и кога се работи за хипотетички нацистичката Европа. Освен љубителите на историјата, воените стории, дистопијата, алтернативната фикција и детективските шпионажи, оваа серија треба да ја погледнат и оние коишто сакаат да ги разгорат прашањата што тлеат во секој од нас.

(BILLIONS) МИЛИЈАРДИ – ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД ВАС КОГА СТЕ НАЈБОГАТИОТ ЧОВЕК НА СВЕТОТ?

Пари. Моќ. Политика. Корупција. Манипулација. Повеќе пари. Беззаконие. Игра. Канцеларии. Вол Стрит. Влогови. Бизнис. Богатство. Уште повеќе пари. Психологија. Бројки. Одлуки. Натпревар. Недопирливост. Измачување. Сите пари на светот. Немилосрдие. Цврстина. Елита. Луксуз. Цени. Акции. Его. Дали спомнав пари?

Ако си доволно успешен, луѓето мислат дека можеш да направиш сè, а потоа и самиот веруваш дека е така. Ова е „исповед“ на најбогатиот и најмоќниот човек на светот – кралот на инвестициските фондови Боби Акселроуд (Демијан Луис). Исповед што ја изговара на сеанса кај својот психолог и личноста за којашто верува дека најмногу го разбира – Венди Роудс (Маги Сиф). Тука не би имало проблеми ако таа не е сопруга на неговиот најголем непријател – националниот обвинител Чак Роудс (Пол Гиамати).

Showtime направи серија што ни овозможи нам, обичните смртници да sирнеме во светот на милијардерите. Да, милијардерите коишто за 8 милиони долари разговараат како да се 8 денари. Инсајдерски поглед во матните зделки на Вол Стрит, стручна терминологија што иако не ја разбирате ќе ве навлече со својата манипулативност и ќе се чувствувате како и самите да сте брокери.

Како *The Wire* да ѝ го отстапила криминалот, *The Sopranos* психологијата, а *Breaking Bad* играта, *Billions* е алката што ги поврзува. *Billions* умешно жонглира со сите овие елементи, додавајќи им доза модернистичност и свежина. Исто како

да вкусувате коктел со веќе проверен квалитет надополнет со извонредна музичка нота. *Billions* ве носи на концерт на "Металика" како почесни гости. Зошто? Затоа што ѝ се може!

Во брканицата на мачката и глушецот во која, изгледа дека мачката само се крие зад превезот на правдата практикувајќи „настрани" ритуали, а глушецот е хуман, својот плен несебично го дели со другите и се грижи за мислењето на јавноста, навистина не сте сигурни за кого би требало да навивате. Имено, овие двајца антихерои и не се толку различни како што изгледаат. Мотивирани од огромната желба за успех, едниот не престанува да се богати, другиот да напредува и да стекне политичка моќ, нивното надмудрување се чини бесконечно. За едниот да го крене трофејот, другиот треба да биде целосно уништен.

Заткулисните игри, скриени од очите на јавноста, функционираат толку слоевито што во ниту еден момент нема да добиете чувство на репетитивност. Опсесијата за успех по секоја цена ќе ги направи „игрите" толку интересни што ќе добијат на разноликост, а за ранливите и слабите ќе нема место. Тоа буквално се претвора во борба за преживување во која, противниците немаат што да загубат.

Кога една серија се занимава со политичко-финансиски теми, тоа гарантира дека во ниту еден момент не постои предвидливост. Но, секако најголемите аплаузи одат кај сценаристите. Режијата несомнено завршила одлична работа, фокусирајќи се и давајќи им значење на деталите што никако не смеете да ги занемарите.

Billions доби втора сезона во којашто гледаме помалку бруталност, а повеќе стратегија, а веќе се коват планови и за третата што не би смеела да потфрли и да ги разочара фановите чијашто бројка сè повеќе се зголемува.

Ако некогаш сте верувале дека ништо нема да го промени вашето мислење за парите и моќта, ова е серијата што неминовно ќе успее во тоа.



Влатко Деков, *Праґа Интима*





Влатко Деков, *Праѓа Интима*





Влатко Деков, *Праѓа Интима*





Влатко Деков, *Праѓа Интима*



Влатко Деков, *Праѓа Интима*

ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Издавач:

Друштво за наука, литература, култура и уметност
„Иван Василевски“ - Струмица

Адреса:

Списание за наука, литература, култура и уметност „Зенит“
ул. „Стив Наумов“ бр.40 Струмица

Е-адреса:

zenitspisanie@gmail.com
Тел: 071/245-155

Трансакциска сметка:

Еуростандард банка: 370031100242654

Компјутерска и графичка подготовка:

„Графосервис“ - Струмица

Печати:

„Графосервис“ - Струмица

Тираж:

300 примероци

Доставените материјали треба да бидат до еден печатарски табак, односно 11 страници печатен текст со кирилична поддршка во Times New Roman, фонт 11. Материјалите се доставуваат по е-маил. Ракописите не се хонорираат.

Списанието ЗЕНИТ
излегува полугодишно,
финансирано од буџетот
на општина Струмица.



ISSN 2671-3217